УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

За издавачот:
Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРЕДАВАЊА НА XLVIII МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

Редакциски одбор:
проф.д-р Гордана Јосифова Неделковска
проф. д-р Славица Велева
Евдокија Илијевска

Јазична редакција:
проф. д-р Славица Велева

Компјутерска обработка:
ЧОКОЛОГРАФИЈА ДООЕЛ - Скопје

Печати:
ЧОКОЛОГРАФИЈА ДООЕЛ - Скопје

Тираж:
200 примероци

ПРЕДАВАЊА

НА XLVIII МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

(13 јуни до 27 јуни 2015 година во Охрид)

СОВЕТ НА СЕМИНАРОТ

проф. д-р Гордана Јосифова Неделковска
проф. д-р Славица Велева
проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска
проф. д-р Симон Саздов
проф. д-р Елка Јачева-Улчар
проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ
проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева

УПРАВА НА СЕМИНАРОТ

проф. д-р Славица Велева
Евдокија Илијевска

Лектори:
проф. д-р Весна Мојсовска-Чепишевска
Роза Тасевска
д-р Марија Паунова
проф. д-р. Томислав Треневски
Андријана Павлова
м-р Гордана Алексова

Обраќање на ректорот проф. д-р Велимир Стојковски

Почитуван претседател на Р. Македонија, д-р Ѓорге Иванов
Почитувана деканке Велева,
Почитувани професори,
Почитувани учесници на Семинарот,
Драги гости,

Почитувајќи ја кирилометодиевската традиција и традицијата на Охридската книжевна школа, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ по 48. пат го организира Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и 42. Меѓународна научна конференција, посветена на 70-годишнината од кодифицирањето на азбуката и правописот на современиот македонски јазик.

Оваа година, по 48. пат, на брегoвите на прекрасното Охридско Езеро, во древниот Охрид, се собравте да дискутирате за македонскиот јазик, литература и култура.

78 учесници од 20 земји ќе научат нови работи за македонскиот јазик, но и ќе ги разменат нивните досегашни сознанија и искуства.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како најстар универзитет во државата и достоен наследник на епохалното дело на светите браќа, чие име со гордост го носи, има обврска и историска мисија во негувањето, изучувањето и чувањето на македонскиот јазик.

Денес, со Семинарот за македонски јазик, литература и култура, по 48. пат потсетуваме дека постоиме. Затоа што тој народ што зборува на свој јазик, постои, и тој што постои, зборува. Не случајно во старословенскиот јазик, „јазик“ значи и јазик, и народ.

А, да се постои не е грев, тоа е вистина која никој не може да ја негира и право кое никој не може да го одземе, и покрај сите небулозни спорови во цивилизираниот 21 век.

Затоа, ја користам приликата, на сите вас кои својата професионална кариера сте ја посветиле на изучување на македонскиот јазик, да ви кажам големо благодарам, затоа што знам дека тоа го правите со огромна професионалност и голема љубов.

Ви посакувам успешен семинар, но покрај науката да најдете време да го почувствувате пулсот на Охрид. Зашто Охрид не е само град, тоа е место со духовна енергија која кога еднаш ќе ја почувствувате, секогаш ќе ве навраќа во него.

Благодарам.

Извештај за 48. Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

Четириесет и осмиот Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура се одржа од 13 до 27 јуни 2015 година во Охрид, во просториите на Конгресниот центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На отворањето, имаше обраќање неговата екселенција проф. д-р Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија, а на присутните им се обрати и ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Велимир Стојковски.

Оваа година, Програмата на Меѓународниот семинар беше мошне богата, а за тоа придонесоа предавањата од различни области, кои беа посветени на 70-годишнината од кодифицирањето на македонскиот јазик (70 години од стандардизацијата на македонската азбука и на правописот). За таа цел, беа реализирани тематски предавања, од страна на универзитетски професори и истакнати научни работници. Во областа на јазикот предавањата се однесуваа на Правописните системи и македонската јазична редакција во писменото културно наследство, на Кодификацијата на македонскиот литературен јазик (по повод 70 години од азбуката и правописот), како и на Колоквијалната лексика во јазичниот израз на младите во Република Македонија. Од областа на македонската книжевност и култура се реализираа предавањета на следните теми: Разговорница – филозофски разговори со познати македонски уметници, потоа следуваше предавањето за Постмодерната во македонската литература и култура, па следуваше и предавањето за Патописот во македонското книжево творештво.

Исто така, беше претставена и историјата на македонскиот фолклор, исцрпно беа изложени и Митските структури на Базилискот, а неколку мудри филозофии за живот: навраќање кон неколку старозаветни книги, беа елаборирани преку предавањето што се одржа во Манастирскиот комплекс во Калишта.

За успешното реализирање на предавањата придонесоа професорите: проф. д-р Лилјана Макаријоска, проф. д-р Димитар Пандев, проф. д-р Људмил Спасов, проф. д-р Елена Јовановска - Грујоска, проф. д-р Кристина Николовска, проф. д-р Ацо Гиревски,

проф. д-р Лидија Стојановиќ, проф. д-р Марко Китевски, проф. д-р Јасна Котеска, проф. д-р Соња Стојменска - Елзесер.

На годинашнава летна школа учествуваа 74 слушатели од 17 земји (Азербејџан, Австрија, Канада, Јапонија, Полска, Романија, Русија, Соединетите Американски Држави, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Хрватска и Чешка). Дел од слушателите беа студенти од универзитетите, каде што се изучува македонскиот јазик и култура, а дел од нив беа магистранти, докторанди и универзитетски професори, кои во своите научни истражувања особено внимание посветуваат на македонистиката.

Тие имаа можност да посетуваат лекторски вежби, преку кои го изучуваа или го усовршуваа македонскиот јазик. Учесниците беа поделени во лекторски групи според три степени на познавање на македонскиот јазик. Лекторската група за почетници ја водеше Андријана Павлова, а средниот курс го водеше д-р Марија Паунова и м-р Гордана Алексова. Напреднатиот курс за јазик го водеше м-р Бојан Петревски, напреднатиот курс за јазик – преведувачи го водеше Роза Тасевска, додека напреднатиот курс за литература, проф. д-р Весна Мојсова - Чепишевска.

Програмата беше збогатена и со курсеви по избор. Курсевите беа поделени на:

1. Курс по Граматички категории во македонски јазик, го водеа следниве професори: проф. д-р Марјан Марковиќ, проф. д-р Станислава Сташа – Тофоска, проф. д-р Томислав Треневски, проф. д-р Снежана Веновска – Антевска, проф. д-р Анета Дучевска и проф. д-р Симон Саздов. Во рамките на овој курс се обработуваа теми од областа на граматичките категории кај именскиот и глаголскиот систем во рамките на дијалектите и на стандардниот јазик, со посебен осврт на категориите определност, род и број, како и граматичките категории вид и време од формален и од семантички аспект.

2. Курсот по македонска литература и култура го реализираа: проф. д-р Илија Велев, проф. д-р Венко Андоновски, проф. д-р Далибор Јовановски, проф. д-р Славица Велева, проф. д-р Драги Митревски и проф. д-р Маја Јакимовска – Тошиќ. Во рамките на овој курс се обработуваа најразлични прашања од средновековното книжевно и културно наследство и прашања од областа на културното и духовното наследство на Македонија.

3. Традиционално беше реализиран и курост по народни ора.

Покрај секојдневната програма на Семинарот, беа организирани и повеќе промоции и интерактивни настани, меѓу кои: промоцијата на

Толковниот речник на македонскиот јазик во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, промоцијата на книгата: „Светиот пат“ – антологија на поезија од балканските народи, од македонскиот поет и критичар Раде Силјан, во издание на „Матица македонска“.Професорите Маја Јакимовска – Тошиќ и Илија Велев од Институтот за македонска литература ја промовираа „Антологијата на македонската книжевност (книжевни остварувања од IX до XXI век)“, од која дел од семинаристите читаа и извадоци. Инес Цебовиќ, студентка од Филозофскиот факултет од Загреб ги промовираше преводите на книгите „Зоки Поки“ од Оливера Николова и „(С)плетени раскази“ од Оливера Ќорвезироска, преводите беа од македонски на хрватски јазик.

Пред учесниците на Семинарот, се претстави и академикот Луан Старова, добитник на наградата „Роман на годината на Утрински весник“ за 2014 година, со награденият романот „Балканвавилонци“.

Оваа година, за првпат, се организираше и ревијален натпревар во читање македонска поезија меѓу семинаристите од лекторските групи.

Со природните и културните богатства на Македонија, учесниците на Семинарот се запознаа преку посетата на манастирскиот комплекс Калишта – Струга, каде што предавање на тема Неколку мудри филозофии за живот: навраќање кон неколку старозаветни книги, одржа проф. д-р Ацо Гиревски, декан на Богословскиот факултет во Скопје. Со културното богатство на Охрид учесниците се запознаа и преку разгледувањето на градот и со посета на Св. Наум.

Во периодот од 27 до 28 јуни 2015 година се одржа и XLII меѓународна научна конференција, активност што традиционално се одржува во рамките на летната школа.

На оваа конференција учествуваа 40 учесници, од нив 15 учесници од странство (Русија, Словенија, Србија, Словачка, Хрватска, Бугарија, Соединетите Американски Држави). Работата на XLII меѓународна научна конференција се одвиваше во две секции: Лингвистичка секција работеше на тема: „Македонската азбука и македонскиот правопис 1945-2015 година“, координатор на оваа секција беше проф. д-р Елка Јачева - Улчар. Во оваа секција учествуваа 13 учесници. Литературната секција работеше на тема: „Македонската литература и култура во европски контекст“ Во оваа секција учествуваа 16 учесници. Координатори на литературната секција беа проф. д-р Маја Јакимовска – Тошиќ и проф. д-р Александар Прокопиев.

На крајот беше спроведена анкета во која слушателите даваа мислења, сугестии, пофалби и критики. Повеќето од семинаристите беа

премногу задоволни од програмата на Семинарот, а особено од можноста да ги усовршат и да ги збогатат своите знаења од областа на македонистиката.

Одржувањето на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, како и секоја година е во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а соодветна поддршка дава и Министерството за култура на Република Македонија. Семинаристите посебно ја истакнуваат својата благодарност кон Универзитетот што им овозможува извонредни услови за нивно усовршување.

Лилјана Макаријоска

ПРАВОПИСНИТЕ СИСТЕМИ И МАКЕДОНСКАТА ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА ВО ПИСМЕНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Едно од основните обележја на македонската црковнословенска писменост е нејзиниот изграден однос кон традицијата, пред сè во чувањето на архаичните форми и користењето на архаични предлошки. Со двете познати книжевни школи – Охридската и Кратовско-лесновската, продолжил да живее словенскиот дух зароден со дејноста на св. Кирил и Методиј и на св. Климент и Наум Охридски – во манастирите се развила активна дејност, се препишувале и преведувале богослужбени, црковни книги итн., биле создадени богати библиотечни ракописни фондови.

Охридскиот книжевен центар имал значајна и обединувачка улога за словенската култура воопшто. Со дејноста на овој центар се поврзуваат најзначајните глаголски ракописи од крајот на X до крајот на XI век (*Асем*, *Мар* и *Зогр*, *Син*, *СинЕ*) и голем број кирилски ракописи. Многу ракописи од други средини (на пр. руското Остромирово евангелие, хрватските Клоцов зборник, Фрашќичев псалтир и др.) се поврзуваат со македонски предлошки. Глаголските ракописи настанати на македонското јазично подрачје се одликуваат со употребата на облата глаголица, со развојот на ѣ, ь во полни вокали итн. За разлика од Преславскиот центар којшто мошне рано ја прифаќа кирилицата, во Охридскиот нејзиното прифаќање претставува долготраен процес што се следи до почетокот на XIII век. За употребата на глаголицата сведочат глаголските вметнувања во *Охр*, *Бит*, *Шаф*, *Бон*, глаголските бројки или читањето на глаголската бројка како збор во *Григ*, како и влијанието на глаголицата врз оформувањето на одделни кирилски правописни системи. Континуитетот на глаголската традиција го потврдуваат и текстовите поврзани со глаголски предлошки, односно свесниот избор на архаични предлошки, на пр. *Заг*, *Мкд*.

Македонското потекло на текстовите се потврдува со анализата на јазичните особености во споредба со оние на другите редакции. На пр. во однос на бугарската и српската редакција суштествена е разликата во вокализацијата на еровите во *о* и *е*. Во рамки на разликите меѓу двете репрезентативни школи Охридската (Климентова) и Преславската, Охридската ја карактеризира поголема архаичност и стремеж за верност кон традицијата, чување на грцизмите и др., односно употребата на јазични црти, зборови и изрази што се сметаат за хронолошки постари во споредба со преславските.

Припадноста на текстовите кон Охридската школа се потврдува со одликите на централните и југозападните говори. Врз основа на јазичната анализа на текстовите што се поврзуваат со дејноста на Охридската книжевна школа (*Бит, Дбм, Охр, Бон, Заг, Шаф, Орб, Хлуд, Мкд* и др.) се установуваат определени особености со коишто се одликуваат.

Кратовско-лесновската школа својот процут го доживува во XIV век, а зафаќала поширока територија, а во текстовите (*Рад, Јов, Крат, Крп, Карп, Вран, Верк, Лобк, Стан, Лесн*) се бележат одликите на североисточните македонски говори. На пр. на правописните и фонетските одлики на препишувачката школа кај ракописите од северна Македонија од XIII и XIV век му припаѓаат: употребата на ѣ за ѣ и ъ, ограничувањето на замената ъ › о, примерите за изговор ѧ за двата ера, замената ѫ > оу. Некои текстови претставуваат преписи од стари охридски предлошки, на пр. *Крат, Крп* и др.

При претставувањето на правописните системи, во нашата анализа акцентот е ставен на македонските ракописи од XII до XIV век, период што се смета за суштествен за македонската редакција на црковнословенскиот јазик. Своевидно сообразување на правописните навици во контакт со српската писменост забележуваме во северномакедонските текстови од почетокот на XIV век, а предоминацијата на српската варијанта се следи до XVIII век, но во целиот тој период особеностите на македонската писменост се изразени во помала или поголема мера. Во XV век, на пр. во *Втш* е редуциран репертоарот на графемите, поретко се употребуваат носовките, ꙗ и ѣ, но силно се чувствува влијанието на македонската дијалектна подлога. Јазикот на дамаскинарската книжнина (наменета за широките народни маси) од XVI па до XIX век постепено се трансформирал од архаичен со примеси од народниот јазик во XVI век во народен дијалектен јазик со елементи од црковнословенскиот и повеќе турцизми во XVIII и XIX век (Илиевски 1972: 207). Под влијание на дамаскинарската книжнина

од XVI век започнува да ослабува старата правописна традиција и проникнуваат значителни фонетски црти од народниот говор фрлајќи светлина на историскиот развој на македонскиот јазик.

Ерови. Во охридските текстови се познати сите правописни разновидности на употребата на еровите. Покрај двоеровиот правопис, се употребува и упростениот едноеров правопис или само со ъ на пр. во *Охр, Бон* или само со ь, на пр. во *Дбм, Бит, Орб,* иако текстовите во кои се употребува ь обично се поврзуваат со дејноста на Кратовско-лесновската школа. При застапеност на двата ера нема нормиран правопис на употреба – се употребува само ь, додека ъ само на крајот од редот или пред точка, и кога се работи за преправена буква, на пр. во *Орб.*

Слабите ерови можеле да се загубат полесно и порано таму каде што со нивното губење се добивале консонантски групи веќе познати во словенскиот изговор, отколку таму каде што настанувале нови консонантски групи. Губењето на слабите ерови во суфиксална позиција е потврдена уште во старословенските ракописи, а оваа појава во текстовите особено е изразена во соседство на сонантите л, ρ, н на пр. во *Карп*: ꙁло, книжници, *Крп*: ꙁло, книжникь, много, *Верк*: много, *Лесн*: ꙁлословїє, ꙁлоꙋмиє, *Стан*: книгамь, мнѣти. Ерот почесто се бележи на пр. во префиксите: въꙁ-/въс-, обь- во суфиксите -ьство, -ьствиє, -ьствовати, -ьскъ како во *Рад, Рдм, Јов, Орб, Стан, Карп* и др., на пр. во *Грг*: множьство, множьства, множьствомь, б‹о›гатьствѣ, богатьство, б‹ог›атьства, єписк‹о›пьство, велиꙗьствиа, ѡꙗьствиа, пришєльствиє, свѣдѣтєльствоу҃, пришєльствова, раꙁньствова, єдємьскыѫ, ꙗл‹овѣ›ꙗьскы. Чувањето на ерот во префиксот въꙁ-/въс- е карактеристично за *Вран, Слеп, Стм, Грг*: вьспоитє, вьскликнѣтє, вьсхвалитє, вьсхотѣ, вьсплєщатє, а примери со испуштен ер се среќаваат во *Бит, Бон, Стм* и други текстови од Охридската книжевна школа.

Потврда за изгубеното чувство за правилна употреба на еровите е и појавата на секундарни ерови, на пр. во *Карп:* вльхьвоу҃, ньравы, оумрьщьвєно, ѧзъвы, расьрѣ, *Вран*: жрьтьвна, ньравомь, *Лесн*: коварстьвєнь, мѫжьстьвєнь, ꙁьмиѫ, особено во определени позиции, на пр. во префиксите, предлозите и тоа почесто во: *Крат, Крп, Карп, Верк, Лобк, Стан* (Бицевска 2001: 36).

Бележиме секундарни ерови во предлозите што завршуваат на -ꙁ во *Грг*: ѣꙁь ѣꙁакониа, изь ѫсть, изь истлѣниа, *Лобк*: изь оусть, во префиксите во *Рад:* изьѹьтєни, раꙁьграбить, *Грг*: изьѡ҇ѱрєна, изьѹєꙁє, раꙁьвръꙁє, вьꙁьалкаш҃, вьꙁьгрьмѣ, вьꙁьпиха, низьвръже, раꙁьвръꙁє, *Крат*: изьгнати, *Лобк*: изьбави, *Лес*: ѣꙁьлѫкавєнь, ѣꙁьмльвїє, изьмьждаиїє, *Стан*: изьрѣꙁавь, раꙁьдра, раꙁьдробиш҃, раꙁьграбити.

Со вметнувањето на неетимолошките ерови се вршела и адаптација на туѓите зборови за да се олесни нивниот изговор. На пр. во *Шаф*: варъварї, варьварскѫ҃, варъваръскѫ҃, варътоломею, амьвакоумь, левъгуть.

Вокализацијата на еровите е потврдена не само во охридските, туку и во другите македонски текстови, но сепак, не е толку доследно спроведена (во коренот, во префиксите), најверојатно под влијание на правописната традиција или на предлошките што ги користеле пишувачите. Во западномакедонските текстови замената ъ > о е пораспространета и упатува на дијалектна средина со напреднат процес на вокализација, се следи во суфиксите, на пр. во *Бит*: любовь, послѣдокь, во *Заг:* кротокь, пѣсокь, во *Орб:* крѣпокь, наѹатокь, во *Григ:* ѡстанокъ, свитокъ, пѣсокъ, во префикси, на пр. во *Бит*: создꙗ, собрати, во *Шаф*: создавь, воскресе, вопраш҃, во *Заг:* вопиш҃, во *Хлуд*: возопи, вопиаше, вопиєтъ, вопиѧхѫ҃, вопиѧше, вопиш҃, восиавши, воскр‹є›сєниє, воскр‹ь›сєниѧ, воскр‹ь›сєниє, несоздана, несоздананда, несоздане, во предлози во *Бит*: во вса, во *Дбм:* во, во *Орб:* ко мнѣ, со мною҃, и во коренот, пр. во *Бит*: золь, сонь, во *Дбм:* ложь, сотникъ, оть пъѹєль соть, во *Заг:* сонь, токмо, во *Орб:* дождь, золь, сонь, во *Шаф*: дождъ, золъ, сонъ, вонъ.

Вокализацијата ъ > о во коренот на зборот е поретка во текстовите што се поврзуваат со дејноста на Кратовско-лесновската школа. На пр. во *Крат* исклучувајќи ги старословенските примери како: тогда, когда, смоковницѫ҃, оупова҃ше и др. вокализацијата на ъ > о се среќава ретко. ъ > о бележиме во суфиксот -ъкъ во *Грг*: плъꙁокь, ѡстаноькь, крѣпокь, наѹатокь, кротокь, послѣдокь, пѣсокь, во *Крп*: длъбокь, кротокь, наѹатокь, во *Карп*: избытокь, ѡстаноькь, во *Верк*: послѣдокъ, во *Лес*: наѹатокь, недостатокь, ѡстаноькь, послѣдокь, прибытокь, кротокь, *Лобк:* сладокь, гладокь, во *Стан*: крѣпокь. *Крп* е

еден од поретките од северомакедонски ракописи (покрај *Лобк*) во кој вокализацијата на ъ е спроведена и во основата: вьꙁопи, дождь, ꙁоль итн., во суфиксална позиција во споеви од именка и постпозитивна заменка *Крп*: вѣкоть, ѵловѣкоть, поꙁорось, гласось, мирось, хлѣбось (како и во *Рад*: домоть, оѵѵеникоть, ѵловѣкось, *Карп*: поѣсось), во префиксална позиција, на пр. во *Крп*: собрахь, собрашѫ сѧ, создѧ, создахь, созданиѧ (како и во *Верк*: собрани, создание, воѵнемь), и во предлозите къ, въ, съ во *Крп*: ко мнѣ, во вса, во всеи, во всѣкои, во вторникь, со мноѫ (како и во *Верк*: во всемь, ко всѣмь, надо всѣми, со всѣкою, со всѣми, со мною, во *Лобк:* во тврьдѣ, ко мнѣ).

И вокализацијата ь > є е потврдена и во суфиксите, на пр. во *Орб:* коѵпець, конець, во *Заг:* силень, слѣпець, ловець, во *Рад*: вѣнець, слѣпець, во *Јов*: подобень, во *Крат*: болень, вѣрень, блиꙁнець, младенець, во *Грг*: вѣрень, красень, странень, подобень, силень, конець, вѣнець, юнець, прьвѣнець, старець, младенец, во *Лобк:* доброродень, ꙁлоѹмень, красень, мирень, мытоимець, во *Лес*: бестоудень, борець, даровитець, провидець, во *Стан*: б‹о›гословець, брадатець, писець, во суфиксите -ьскъ, -ьство, -ьствьнъ во *Карп*: дамаскынескъ, во *Крп*: тѵрескь, во *Крат*: мѫжескаа, во *Лобк:* женескь, мѫжескь, во *Хлуд*: мѫжеска, мѫжескы, мѫжескѫѫ, мѫжество, б‹о›горождества, велиѵествие, во *Грг*: мѫжеством, во *Шаф*: беꙁьвеществьныї, бл‹а›годарствъно, вѫщственъ, дѣвственое, д‹ѣ›вствъное, невѣждествиа, ѵювествъно, ѵювествьнааго.

Вокализацијата ь > є е потврдена и во коренот, на пр. во *Дбм*: дверникь, во *Заг:* темници, ѵестни, щеть, во *Орб:* весь, дверь, денис, во *Крп*: дверь, дверникь, дверница, лекько, во *Карп*: леко, во *Лес*: легкаа, легько, полеꙁнаа, жеꙁлы, во *Лобк*: жеꙁломь, лекька, во *Грг*: весь, день, месть, ѵесть, лесть, стеблие, вьꙁревнова, ревнѹи, темна, темницѫ, вьшедшомѹ, шествиѧ, во *Лес*: весь, поѵесть, ѵест, ѵестнѣи. Во македонските текстови од XIII и XIV век вокализиран ер најчесто бележиме во коренот рьв-, како и во тьм-, ѵьст-, -шьд-, -шьсть-.

Вокално р, л. По традиција, вокалното *ρ* и *л* се пишуваат со придружен ер ѣ/ръ, ль/лъ На пр. во *Бон*[1]*:* гърдии, съкърби, пърстъ, мълниѫ, во *Рдм:* прѣсть, трѣнь, врѣхѣ, вѣлны, испѣлнѣ, во *Грг*: крѣвь, скрѣбь, скрѣблѧ, шкрѣсть, вѣлны, клѣнѣхѫ сѧ, слѣнце, во *Мкд:* врѣхоу, чрѣвѣ, крѣвѣ, скръбъ, чрѣта, чрѣна, вѣкѣ, клѣни, пѣно, плътъ, во *Крн* се предаваат со ръ, лъ: дръва, кръвь, пръсть, пръстень, скръбѣти, смръть и др., длъгость, испълнь, млънїа, млъчанїе, плъть, прославъіть. Во *Тикв* се пишува ѣ, ль: жрѣци, мрѣшава, почрѣнѣ, врѣзо, мльчи, напльнише, вѣна, клѣнѫ, но и ль > оу: воука, воуци, а вѣкѣ, вѣци, и слоужами, сльзи.

Поретко има и примери без ер, во *Дбм*: чрвь, слньце, во *Бон:* мртвоу, смрти, скрби, во *Шаф:* смртнаа, смртноє, во *Орб:* жртва, ѫрдно, како и примери на вокализација во *Дбм:* крєсть, трєсть, во *Орб:* чрєвєни, нє солжи.

Носовки. Правописниот систем со четири носовки во македонските текстови е мошне ограничен и тоа во *Дбј, Пог* (недоследно), правописот со трите носовки ѫ, ѧ, ѧ е карактеристичен за *Григ, Слеп*, со ѫ, ѧ, ѭ за *Охр, Дбм, Бон, Орб, Јов*, делумно и за *Рад* и *Карп*. Правописот со две носовки ѫ и ѧ е карактеристичен за: *Крп, Крат, Стм, Вран, Рдм, Заг, Хлуд, Лес, Лобк, Верк* и др.

Во сите текстови е документирана меѓусебната **замена (мешање) на носовките** која веќе во XI век почнува да доаѓа до израз во охридските текстови (во *Асем*). Се работи за комплексна појава којашто е позната и во македонската и во бугарската писменост, но во македонските текстови таа се истакнува со особена доследност и со специфичен карактер.

Во Охридскиот центар мешањето на носовките има стари корени и веќе од почетокот на XII век се забележува напреднат стадиум на оваа појава пр. во *Дбм*. Во текстовите што $ припаѓаат на Охридската школа, на пр.: *Охр, Бон, Заг, Орб, Хлуд, Рдм, Мкд* и др. подоследно по затврднатите согласки ш, ж, ѱ, жд, ц, ꙁ (< ѕ) се пишува ѫ, додека по меките л, ρ, н, с и групата уснен + ј следиме замена ѫ > ѧ. На пр. во *Заг:* пощѫди, дръжѫщє, вѣньцѫ, трѧсѣшє, приємлѧщє, стєнѧщи, во *Орб:* шѫтаєтє

[1] на пр., првите две раце во *Бон* го пишуваат без придружен ер, а четвртата рака го пишува ерот пред вокалните ρ, л: гърдии, съкърби, пърстъ, мълниѫ и в: дъврєхъ, съвтить, просьвтѣ.

сѧ, шѫтаниє, жѫло, жѫждєѫ, мрьтвьцѫ, во *Нлуд:* жѫло, жѫломь, жѫлоу, вьжѫждати, вьжѫждєм, жѫждѫи, жѫждѫщѫѫ, жѫждєши, жѫждѫ, жѫдꙁіѫ, страждѫ, страждѫща, во *Мкд:* родишѫ, жѫдна, жѫтва, приложѫть, страждѫщѫ, ищѫи, исцѣла, поустына, прозра, покаплат.

Во текстовите од Охридската книжевна школа ѧ > ѫ и зад ꙋ, на пр. во *Бит*: ꙁаꙋѫло, ꙁаꙋѫтиє, бєꙁнаꙋѫльна, ꙋѫдо, приꙋѫсти сѧ, во *Заг:* бєꙁнаꙋѫлєнь, наꙋѫло, ꙁаꙋѫло, наꙋѫлникь, наꙋѫтокъ, ꙋѫда, ꙋѫсти, приꙋѫщєнию, во *Шаф:* бєꙁнаꙋѫлна, ꙋѫда, ꙋѫдиѫ, ꙋѫсти, но ꙋа во 1 л. едн. и 3 л. мн. сег. време во *Рад*: алуать, вьсплауат, *Лесн*: плауа сѧ, кричуа, вьсплауа, *Стан*: мльуа.

Иако замената на носовките не е одраз на говорната состојба во северномакедонските дијалекти, сепак е потврдена и во северомакедонските текстови од XIII и XIV века, а се наложува преку авторитетното влијание на Охридската книжевна школа.

Во македонските текстови како на пр. во *Бит, Рдм, Лобк* и во други текстови од XIII и XIV век пошироко е позната употребата на големата носовка ѫ зад вокал и во почетокот на зборот, којашто веќе во XII–XIII век ги изделува западномакедонските текстови, пр. во *Рдм*: ѫꙁыкь, ѫже, моѫ, приѫти, божѫим сѧ, сѣтѫѫ, но и во *Крп*: ѫдро, ѫꙁыка, приѫти, приѫстє, пожшѫ, во *Крат*: ѫꙁыуници, ѫшѫ, приѫша.

Карактеристична е разновидноста од примери со секвенците од две носовки во македонските текстови. Во *Вран* е изразено правилото да се пишува -ѫа, но има и случаи со -ѫѫ (Конески 1956: 18), во *Грг*: плауєвнѫа, всєлєнѫа, нєповиньнѫа, ѡ деснѫа, с‹ва›таѫ, оутрьнѫѫ, ненавидащѫѫ, ненавидащѫѫ, вьскѫѫ, нє ꙁнаащаа, -ѫа е одлика и на *Стан* и *Крп*.

Во *Крат* се пишува –ѫѫ: о деснѫѫ, сѣѫщѫѫ, любащѫѫ, прьвѫѫ, во *Шаф*: блѫднѫѫ, боготканнѫѫ, волнѫѫ, вѣунѫѫ, сп‹а›снѫѫ, вꙁїшнѫѫ, во *Лесн*: болшѫѫ, раискѫѫ, смѣренѫѫ, медовнѫѫ, но и: вєуєрнаѫ, нищаѫ, сѫщаѫ, проуаѫ, -ѫѫ во *Стм* се објаснуваат со влијание на постара предлошка (Велчева 1956: 67), а во *Рад* најчесто се чува етимолошкото бележење (Рибарова 1984 :199; Угринова-Скаловска, Рибарова 1988 :23).

Во текстовите од XIII век е изразено правилото да се пишува –ѫа или –аѫ. Во однос на пишувањето на две носовки една до друга или

на граница на две морфеми и пишувачот на *Крп* се придржува кон правилото да пишува -ѫа, иако за ракописот не е карактеристична замената на ѫ со а во поствокална позиција: вторѫа, новѫа, вѣынѫа, ѵетвртѫа и на границата на морфемите: главѫ аглю, ꙁнаѫ а, имѣшѫ а.

Ограничен е бројот на примерите на замена на носовките надвор од познатите позиции (обично со замена зад тврди консонанти ѫ > а) во *Крат*: порагаша са, пать, вь правда, *Лесн*: владение, во *Карп*: бадѣть, всадоу, во *Рад*: бади, отадоу, оснждѫть, на пати, во *Верк*: градашаго, во *Крп*: имать, сасѣдь, онадь, но и: прозѫбнѣть, жнѫи, во *Вран*: грждѐть, распѫстѐ, стѫзаѫ, оброшѫ, кнѫзь, во *Стан*: памѫть, привѫзань, тѫшька, тѫжани.

Покрај меѓусебната замена за носовките карактеристични се и примерите на **деназализација**, појава што се вбројува кон карактеристичните правописни и фонетски особености на македонските текстови. Притоа на местото на ѫ се употребува а, оу, ь/ъ, о, додека а се заменува со ѣ (є) или со иа зад вокал. Замените за а упатуваат на македонското потекло на текстот иако не се показателни за дијалектната диференцијација зашто ваква замена се вршела на сета македонска јазична територија, за разлика од рефлексите на ѫ што упатуваат на разликите на македонскиот терен – мешањето на ѫ со а укажува на централните и источните македонски говори, на ѫ со ъ на охридскиот говор, односно на јужномакедонската дијалектна основа, на ѫ со оу на северните говори.

Кај текстовите што се поврзуваат со дејноста на Кратовско-лесновската школа се изделуваат ракописи со поголема честота на деназализацијата: *Рад, Лобк, Верк, Крат, Јов,* со послабо обележана деназализација како: *Карп, Крп, Вран, Лесн* и *Стан*. Анализата покажува дека *Рад*, *Крат* и *Верк* се ракописи во кои е одразена говорната ситуација во северна Македонија.

Замената на ѫ со а (иа) во коренот и во наставките е потврдена во *Рдм*: дабравнаа, пожри жрьтва, даждь дрьжава, принесѣте сл‹а›ва, положи рѫка, во *Орб:* положи ма иако стрѣла, во *Лобк*: вьнезаиапа, вьскаи, нощии, вторицѣ, како и замената а > ѫ во *Рдм:* досѫжении, нѫипаѵе, шкаѫннѫа, во *Орб:* д‹оу›шѫ еѫ прискрьбна есть, мьздѫ ти бѫдѣть, ты же ми силѫ, во *Лобк*: прѫведниѫ. На пр. во *Орб, Рдм, Јов* ѫ > а, мошне често во ном. и

акуз. кај именките од ж. род (а-, ја-промена) и кај заменките, што може да се должи и на преминот кон аналитизам и наложувањето на акузативната како општа падежна форма, ѫ > а, ѧ (поретко ѣ) во *Лобк* во глаголски и партицини форми и мошне често во акузативни форми кај именките од женски род: видѣ нагота на горѫ висока, во инструментал: съ радостїѧ, съ съмрьтиѧ веројатно и поради расколебаното чувство за правилна употреба на падежите.

Замената ѫ > ъ, ь/ъ > ѫ е одразена во повеќе македонски текстови почнувајќи од XII век (*Охр*, *Григ*, *Бон*, *Мкд*), на пр. ѫ > ъ, ь во *Охр*: вьꙗзыкъı, въꙗзъпилъ, вьспрѣнъвъ, во *Бон:* жъдаашє, нъжда, во *Заг:* льщєѫ, изь същьства, во *СлепЕ:* на съдь, нє ѿльци, wсъждєнаго, нє wтъімътъ, во *Рад*: глъбины, пристьпи, во *Крп*: съпєрь, во *Лесн*: съпєрникь, съпостать, съсѣдь, додека ь/ъ > ѫ во *Бон:* стѫꙗ, вь стѫгнахь, во *Мкд*: дѫшєр, лакѫт, мѫшицѫ, промѫчє, сѫборишихь, сѫбѫдєт, сѫберѫт, сѫсѫди, сѫсѫдь, сѫтник, тѫкмо, па: жрѫтвѫ, прѣлѫстать, мѫꙗда, рѫци, стѫгны, стѫклєницѫ, во *Крат:* вьꙗпи, вьсѫпивь,вьꙗпиєть, во *Рад*: мѫꙗдѫ, во *Верк*: мѫꙗдоѫ, *Лобк*: мѫглоѫ, вьꙗпише, лѫжьныхь.

Со бројноста на примерите со ѫ > оу се изделуваат пр. во *Рад*: блоудно, боудєть, коупѣли, моужа, нєдоугь, поуть, роуцѣ, во *Верк*[2]: моужоу, моукы, моудри, моудрость, пристоупи, соуботны, соудить, оутробоу, во *Крат*: соупроугь, боуди, тоуча, на гороу, во *Лесн*: блоудная, поути, wсѫждєни, во *Стан:* соут, соуща, соущства, соудищи, во *Втш*: вьноутрь, вьстоупаше, всємоудрє, голоубицє, вьстроубєть, ѫ > оу /ѫ, ѭ > ю бележиме и во *Тикв*: моужи, рѫкоу, поути, сѫдище, моудрь, соуще, голоуба, пѫтникь, коудѣ, вєлию, уѫють.

Старите дублети со -ѫ- и -оу- ги среќаваме во старословенските текстови: нѫжда / ноужда, нѫдити / ноудити, гнѫсити / гноусити, сѫмьнѣти / соумьнѣти, мѫдити / моудити (Вайан 1952: 56, Конески 1981: 56–57). Во *Шаф* бележиме: нѫждєѫ, нѫждъниїхъ, нѫждънѣ. Во *Бон*, *Мкд*, *Дбм*, *Слеп*, *Карп*, *Дчн* преовладуваат формите со ѫ, коишто според Шчепкин (1906: 143) се карактеристични за македонските текстови, обете форми

[2] Честата замена на ѫ со оу во *Верк* веројатно се должи на предлошката или на говорот на препишувачот (ѫ > оу во кумановскиот, кратовскиот и другите северни говори).

се употребуваат во *Стр* и *Дбј*, подеднакво се застапени во *Стан* и *Вран*, додека во *Рад, Крат и Крп, Пог, Лобк* и *Лес* почести се формите со -оу- (Бицевска 2001: 89–90).

Бележиме и ѧ > о во *Охр*: оброуєниє, во *Тикв*: потникь, *Вти*: ходожьством, смощаше сє, прѣмодрє, во 1 л. едн. зауно, положо, прикосновшєє сє, пороуителнаа, б‹о›гомодрє, вьроуєнь, орожник, ѿлоуаше, по поти изыдєть. Оваа замена е со дијалектно потекло – ја познаваат дебарските (реканси) говори.

Старо колебање меѓу ѧ и ѣ има во формите помаѧти и помѣѧти. На пр. во *Син* подеднакво се среќаваат и -мѣ- и -ма-, за *Рдм* е карактеристично помѣѧти исто така и за *Пог*, а *Бон* бележи: помѣни, помѣѧшѫ, покрај помани, помаєть, помаѣтє, помаѧхь, додека *Дчн* помаѧти, *Грг* редовно: помѣни, помѣѧт сѧ, помѣѧхь, помѣѧть, *Орб* редовно помѣѧти. Резултат на деназализација на ѧ > ѣ се пр. во *Пог, Бон:* присвѣѧ, лѣгѫть и обратно ѣ > ѧ во *Рдм*: потрьпашѫ, звара, вѧждоу.

Примери со ѧ > є бележиме во *Заг*: бєзнауєлна, уєдо, памєть, вьздиже сє, во *Орб:* достєгнавами, дати є, вьпрошѫ мє, зовѫ тє, во *Мкд:* блєди, жєтва, клєтвоа, wсєжитє, пєть, смєтє, хвалєщихь, во *Дчн*: имє, оууєстиє, мєтєжьна, дрєхломоу, мєко, wбєзашѫ сѧ, wлєдѣвшѫа, обратно табе, во *Вти*: бєщедно, вьзєтїѥ, всеизредєнь, всеизредєнагw, всеизредне, растежєнь, прижєти, во *Тикв*: дрєхла, жєтвѣ, кнєзь, уєдо, распєше, вьспєть, често во кратките заменски форми во *Рдм*: смѣси сє, готови сє, но и во *Орб, Карп, Верк* и др.; во *Крн* ѧ > є редовно во наставка за 3 л. мн. сег. време кај глаголите од и-основа: славословєть, хвалєть, уюдєт сє и дивєть, оууєть, ходєть, съпротивєт сє, видєть, скрьбєть, а паралелно се среќаваат истите форми и со ѧ и со є: уѧдо/уєдо, ѧзыкь/єзыкь ѧзыкы/єзыкы.

Побројни примери за ѧ > є се откриваат во северномакедонските текстови, одразувајќи го основниот начин на деназализацијата на малата носовка, додека во текстовите што потекнуваат од другите дијалектни подрачја пред крајот на XIII век таквите примери се ретки. Многу примери со ѧ > є има во *Крат*: пѣнєзома, притежѫ, начєша, хлѣбь єунѣнь, єунѣныхъ, мєтвѫ, обратно: оучаници, цѣлоуєта, начнатє, мєтажи,

во *Рад*: памєть, жетелємь, кладєзь, пєтькь, wсѫдєть, плєсастє, вѣры нє ємлєтє, гредѫть, гредєть, десєт, десєтиноу, дрєхль, єзыкь, єзикомь, єзыцѣхь, тєжатель, уедь, во *Верк*: гредєть, єзыцѣхь, жежди, жеждѫща, кнєзємь, приєти, стєзаниѧ, уедо, уесть, кнєзи, во *Карп*: приєшѫ, уесть, уести, во *Стан*: вьзєти, уедо, уедомь, уедоу, ѥзыкомь, ѥзыкы, ѥзыкь, ѥзыцѣхь, ѥзыуници, ѥта быс‹ть›, ѥт быс‹ть›, ѥти бывше. Во кратките заменски форми мє, тє, сє почесто се следи замената во *Рад*, *Карп*, *Верк*, *Лес*.

Замените є > ѧ исто така го потврдуваат изедначувањето на нивниот изговор, а особено доаѓаат до израз во: *Рад, Лобк, Крат* и *Вран* (Бицевска 2001: 96). На пр. є > ѧ во *Мкд*: врѣмѧна, дѣлатали, имѧнємь, правєдниуѧ, словєсѧ, сѣмѧнє, вьсхотєстѧ, во *Крат:* ѧ десѧта, послать, сьберѧть, помрькнѧть, во *Рад*: вьнѧзапѫ, дьниѧ, издалѧує, уѧладиѫ, изь wуесѧ, во *Лобк* и поголем број примери со є на местото од ѧ, на пр. 3 мн. аор. сташе, вьсхотѣшє, птц. бѣжє, привязає и др.[3]

За македонската писменост карактеристично е отстапувањето на јусовиот правопис од македонската традиција под влијание на српската редакција.

Јат. Глаголската традиција е изразена и при бележењето на ѣ, а според Рибарова (1995) за македонската редакција не е карактеристично ниту доследното етимолошко разликување на ѧ и ѣ, ниту пак нивното доследно неразликување (туку употребата на ѣ по парните меки согласки е во согласност со глаголската традиција, наспрема ѧ во почетната и поствокалната позиција во согласност со кирилската традиција, во *Орб:* ѧко, ѧздѧ, достоѧни, wдѣѧниѧ).

ѣ во почеток на зборот се пишува во *Слеп:* ѣростъ, ѣко, ѣжє, ѣкоже, ѣби сѧ, ѣвєи сѧ, ѣвлъши сѧ, во *Рад*: ѣжє, ѣко, во *Карп*: ѣвлєниє, ѣжє, ѣко, во *Крп*: ѣвишѫ, на слогот во *Лобк*: бєзакониѣ, велиѣ, злаѣ, камєниѣ.

[3] И за овие примери можат да се побараат различни објаснувања, иако можат да се поврзуваат со ситуацијата во северномакедонските дијалекти. Употреба на носовките во *Лобк* во многу што потсетува на состојбата позната од *Јов* (Конески 1975: 13–15, 29–31). За полесно усвојување на изговорот є за ѧ, помагало влијанието на српската варијанта на црковнословенскиот јазик, каде што замените е за ѧ се постари од замените є за ѣ.

За употребата на ѣ и ѧ во македонските црковнословенски ракописи Конески (1977) и Угринова-Скаловска (1982) истакнуваат дека се работи за правописна појава што се јавува во ракописите од различни дијалектни подрачја како резултат на конфликтот меѓу различни правописни системи при адаптирање на правописот на препишуваните текстови.

Пишувањето на ѣ по ѵ е сочувано во текстовите што се поврзуваат со дејноста на Охридската книжевна школа: *Охр, Бон, Бит, Заг* и *Орб*, на пр.: во *Хлуд*: ѵѣшѫ, пєѵѣлми, пєѵѣти, ѡмрѧѵѣше, ѵѣѧниа, ѵѣємомъ, во *Мкд:* ꙋѵѣше, ѵѣсь, ѵѣша, ѵѣємь, во *Слеп:* пєѵѣтъ, приѵѣ, ѵѣшѫ, ѵѣѧщє, скоѵѣвъ сѧ, ѡблиѵѣєми, вєлиѵѣєт сѧ, оѵмѫѵѣєт сѧ, во *Орб:* пєѵѣтлѣннѧ, ꙁапєѵѣтлѣннаго, ꙁапєѵѣтлѣннѫ, мльѵѣше, тєѵѣхѫ, нєѵѣѧниа, ꙋѵѣхѫ, ꙋѵѣше, ѵѣс‹о›вомь, вь ѵѣс‹ѣ›, ѵѣши, ѵѣшѫ и: пєѵатлѣннѧ, ꙁапєѵатлѣнєнь, ꙁапєѵатлѣннѣ, ѵасъ, ѵась, ѵасѣ, ѵаше, ѵаши, ѵашѫ.

Замена на ѣ со ѧ зад ц, з (< ѕ) бележат и: *Стр, Карп, Јов, Дбј, Лобк, Лес, Хлуд, Крп* и др. На пр. во *Хлуд*: цѧла, цѧлъ, цѧлбѫ, цѧноѫ, цѧнишѫ, цѧломѫдрꙑ, цѧломѫдрь, ѡцасти, оцастника, ꙁало, ꙁало. Ваквиот развој на ѣ зад ц, ꙁ (< ѕ) им дава една чисто регионална, дијалектна карактеристика, односно укажува на источно-македонското потекло на оваа група текстови (Угринова-Скаловска 1982: 728). Во тиквешко-мариовските говори, како и во говорите во Штипско и Малешевско има отстапувања во групата цѣ во која ѣ > ѧ. Во *Крп:* ꙁало, цѧловати и др. примери кои се типични за текстовите од југоисточна Македонија, веројатно сведочат дека предлошката претходно поминала низ таква дијалектна средина (Рибарова 2005).

Развојот ѣ > є најмногу е одразен во *Рад*, а поограничено и во други текстови. Во *Рад* заменава е најчеста во основите -вєщѧ-, -тєлєс-, тєбє, сєбє (дат./лок.) својствени на рускоцрковнословенските текстови. Се поставува прашањето дали некои од потврдите со є на местото од ѣ не се наоѓале веќе во предлошката која поминала низ руска средина (Угринова-Скаловска, Рибарова 1988: 26). На пр. во *Рад*: ѿвєщѧ, ѿвєщашѧ, тєбє, сєбє, позднє, ꙁапоѵстєниѧ, сєдѣше, имп. вѫдєтє, вьꙁидєтє, ищєтє, видєстє, исто така во *Крп*: вєшѫ, *Карп*: вєрьники, скѫдельникь, скѫдельни, ѿмєтаѫи, *Лобк*: послєдна, ѣ > є во *Тикв*: дєтє, видє, имєниє,

ꙗꙁдєли, тєло, хлѣбь, ѿвєщавь, повєда, ѵловѣкь, надєѣх сє. Обратните замени се поретки, но го потврдуваат блискиот изговор на двата вокала, во *Рад*: бѣсѣды, вьнидѣтє, гнѣтѫть, ѥзѣрѣ, во *Стан*: повѣлѣ, во *Тикв*: вьвѣдє, придѣ, вѣлиѫ. Меѓусебната замена меѓу ѣ и є е честа појава и во *Втш*: оѵтєшитєль, тєло, ѡдєѥи сє свѣтѡм, нѣ бѣ вь вась, врьгнѣтъ, правѣдникь, пр‹ѣ›ѵѣстнаго.

Јери. Во охридските текстови етимолошката употреба на ꙑ добро се чувала, што ја потврдува архаичноста на текстовите. Процесот на совпаѓањето на ꙑ и и е потврден преку поретките случаи на замена на ꙑ и и од крајот на XII и почетокот на XIII век, пр. во *Охр* и *Бон*, со што се потврдува дека промената ꙑ > и во XII и XIII век уште била во тек (Щепкин 1906: 195). На пр. во *Орб*: жєныχ, мырѣ, тыχо, изыдє и димь, синь, ѫзикы, а и > ы во *Григ* бележиме: изꙑдє, възꙑмати, ѡбꙑмєтъ, корꙑсть. Во *Орб* најчесто е потврдено зад ꙁ: ꙁыждитєль, ꙁыждитєлѣ, въꙁыгра сѧ, вьꙁыграи, вьꙁыграимь, вьꙁыграитє, вьꙁыграшє, въꙁырати, вьꙁыраѫ, вьꙁыраѫщє, вьꙁыскатєли, вьꙁыскавь, вьꙁыскати, редовно кај формите од гл. вьꙁити: въꙁыдє, изыдє, изыдѣтє, ꙗꙁыдєтє сѧ, ꙗꙁыдѫт сѧ. И во Шаф обично кај формите од глаголите въꙁити, изити, въꙁискати и др. и > ы најчесто кај формите од глаголите въꙁити, изити, въꙁискати и во *Шаф*: изꙑдє, изыди, изꙑдѣтє, въꙑїдє, въꙑїдѣмъ, въꙑїскати, въꙑїмаѫщє, въꙑїраѫ, въꙑїскаєть, въꙑїскахь, въꙑїтиємъ, изꙑїска.

Според Бицевска (2001: 116) процесот на совпаѓањето на ꙑ и и во северномакедонските текстови е изразито напреднат, но се потврдува дека нивната меѓусебна замена е врамнотежена во: *Рад*, *Крп*, *Вран*, *Карп*, замената ꙑ со и се претпочита во *Верк*: паки, во *Лесн*: митарь, скитати сѧ, кипѣнїа, погибє, погибѣль, нєгибаємаго, вьсхити, хищници, хитрость, хитрь, расхищєнна, додека во *Јов*, *Крат*, *Лобк*, *Стан* се пишува ꙑ место етимолошко и. Се појавуваат и разлики во одделни позиции на зборот (на пр. зад веларните к, г, х[4], па зад б, ꙁ, с, р, зад ш, ж, щ, жд, ц[5] итн.). Во позиција зад р е најдоследна неутрализацијата на разликата и – ы, во полза на и во сите северномакедонски текстови,

[4] Изразито ограничување има во *Втш* зад согласките к, г.
[5] Пишувањето ꙑ зад ш, ж, щ, жд, ц укажува на руско влијание.

освен *Јов* (Бицевска 2001: 120), на пр. во *Крат*: рибарıє, риданıє, во *Рад*: рибарѣ, рибоу, ѿкрил єси, *Верк*: покривало, ѿригноухь, во *Лобк*: покри, покриєть, покривахѫ, *Дчн*: рибы.

Употребата на нацртот ы составен од малиот ер и ї потврдува значајна црта на македонските текстови во периодот по XIV век, а тоа е дека голем број македонски јазични црти определувани преку српската редакција се реализираат во финална позиција. Во текстовите од XII до XIV век нацрт ьї со две точки над вториот елемент ї намести ı, и се смета за одлика на текстовите што се поврзуваат со дејноста на Кратовската книжевна школа, се среќава во *Вран* (Конески 1956: 15), во *Тикв* во скратеници, во финална позиција, во зборови со изразена честота и во функција на морфолошки завршок (Пандев 2000: 12).

Контракција. Во македонските црковнословенски текстови со голем број примери е потврдена контракцијата на вокалите во непосреден допир и тоа: ии > и, -ае-> аа > а; ѧа > аа > а. На пр. во *Шаф* е потврдена ретко: ии > и: ꙁминомъ, а почесто без контракција: оубииствa, оубииствo, оубиицa, оубиицам, оубиицамъ, оубиици, ѹбиицѫ, ꙁмииномъ, ꙁмиинoѫ, ꙁмиинoѫ, кај глаголите од типот приити има пр.: прииде и приди, придеть, придеши, па прииматı, прииметє, прииметъ, прииметь, прииметши, приими, поретко: примеме, примемъ, приметь, примеши, прими. Во XIV век под влијание на грчкиот јазик во нашата писменост има тенденција да се пишуваат неслеани вокали на пр. во *Јов, Крп, Крат* (Бицевска 2001: 124). Во *Крат* среќаваме многу примери на неконтрахирани форми на вокалите, пр.: пропатааго, вьмѣтааѫ, продавааѫ, сѣдѧщаа, вьꙁможнаа, архїереє, прочєє и др., во *Грг*: вьꙁдаахь, нє ꙁнаахь, сконуѣваашє сѧ, млъуаашє поживаашє, вьꙁдаахѫ, ликоваахѫ, с‹вѧ›таа, водната, шкаанаѧ, воднии, ꙋюждии, *Лесн:* женьскаа, ꙁаднѣаа, единоуѧдааго, желаємааго, желаашє, кротьции. Во некои текстови неконтрахираните форми се мошне ретки, на пр. во *Хлуд:* варварскааго, вѣуьнааго, даѫщааго.

Удвојувањето на вокалите е карактеристично на пр. за *Вти*ш: мєркоурїаа, ни единаа добра, разоумнааго свѣтилнїикаа, прїибєгаю, вьꙁлюбїиль, прїиꙁиваю, прїибєрїи, прїистанїищє, вь пєуалїи, нєпобѣдїимимь, боудїи, слїишавь, сїила, имє твоює и др.

Редукција. Постоењето на редукцијата во јазикот на препишувачот е утврдено и наоѓа одраз во текстовите најрано во XIII век, а особено често се наведуваат примерите од *Стр* од втората половина на XIII век. Примерите од *Григ,* што се датира во крајот на XII или почетокот на XIII век, се вбројуваат меѓу најраните потврди на оваа појава, а се во согласност и со лоцирањето на текстот во поширокатa дијалектна област на јужните македонски говори[6]. На пр. во *Григ*: ѕвоүємоү, єгоү, поүслъшаи, строүптїѣ҃ъ, поидѫтъ, а интересни се и некои примери со испуштениот полн вокал: грѣшници, вловъ, односно со испуштениот рефлекс на силниот ер: сѫмєтъ сѧ, стрєнзіа, в нъ, вѫми, въ сѫмиш҃и, въ шкѫци, правєднъ (Рибарова 1994: 93–99). Сп. и во *Грг:* покрьх, помьшлѣхѫ҃, ѫзькь, бьшѫ҃, мьшица, во *Шаф*: насьшьшаго, поүстьнѣ, прѣүистъхь, ньнѣ, добръхъ дѣлъ, бъше, с‹вѧ›тьмы, вьзьграстє сѧ, во *Орб*: зьждитєль, оүслъшахь, вьшнаа, мьсль, помьшлєниє (Црвенковска, Макаријоска 2010: 16). И во *Стр* примерите со ь наместо ы, на крајот и во средината на зборот се објаснуваат со редукција (Блахова, Хауптова 1990: XX).

Јотација. И отсуството на прејотацијата во почетокот на зборот е одраз на дијалектната состојба. Отсуството на ѥ е карактеристично за текстовите од македонската редакција воопшто, па ѥ ретко се среќава и во *Бит, Дбм, Охр, Бон* и др. Тоа не значи дека во одделни текстови не се среќава ѥ како составен дел од помладиот кирилски правописен систем со целосно установено обележување на јотацијата, на пр. во *Стм, Дбј, Пог,* а траги од овој правописен систем има и во *Јов, Рад* и *Крат*, *Вран* и др. Сепак, во *Пог* во почетокот на зборот преовладува пишувањето на є[7]. Неустановена употреба на ѥ се следи во *Јов* (Мошин 1954: 42). Употребата на ѥ во *Рад* и *Јов* е одраз на состојбата во предлошките, а во *Вран, Крп, Крат, Лес* и др. е воспоставена во едн. форми на глаголот бъіти за сег. време (и во *Орб*: ѥс‹т›, ѥста, ѥс‹ть›, ѥсть и др., во *Крат*: ѥс‹ть›), како одраз на македонско дијалектно влијание во некои текстови, на пр. *Стан*: аѕь ѥсмь, хр‹и›стиѧнинь ѥсмѫ҃.

На пр. во почеток на зборот или слогот во *Шаф* бележиме: ѥгда, ѥгожє, ѥдинѧ, ѥжє, ѥлѣ, ѥсмъ, ѥси, ѥстє, ѥстьствѧ, ѥщє, въспоѥмъ, дєниѥ,

[6] Редукцијата на неакцентираните вокали претставува обележје на југоисточните македонски говори, вклучувајќи ги и долновардарските.

[7] во оваа позиција само 104 пати е употребен нацртот ѥ, а близу 1900 пати є.

твоѥго, исто така и во *Стан:* авиѥ, виѥнь, велиѥ, сиѥ, ѥзеро, ѥлєни, ѥси, ѥсть, ѥмоу, ѥю, ѥѥ, во почетокот на редот (на почеток на зборот или слогот) ѥ е познато во *Лобк*: ѥго, ѥгда, ѥже, ѥдино, ѥсть, велико/ѥ, тво/ѥмь и др. Употребата на ѥ во *Лобк* е условена на пр. со позицијата во почетокот од редот.

Во *Крат, Лесн* ѥ се среќава најчесто (или речиси секогаш) во помошниот глагол быти во 3 л. едн. сег. време во скратена форма ѥ͡є и во некои други зборови како на пр.: ѥже, ѥмоу. Графемата ѥ редовно се употребува во рашкиот правопис, па оттука нејзината употреба во македонските текстови во кои дошло до израз српското влијание, на пр. во *Верк, Стан, Лес*.

Во повеќето северномакедонски текстови употребата на ѥ не е установена, се бележат паралелни форми со ѥ и є во *Рад, Јов, Крат, Крп, Вран, Карп, Верк, Лес*, а се чини дека јотацијата почесто се бележи на почетокот на слогот отколку на почетокот на зборот, во *Лесн*: брат‹и›є/брат‹и›ѥ, бываємоє/бываємоѥ, моєго/моѥго.

Неспроведената јотација на ѧ зад ѧ е карактеристична за: *Јов, Вран, Лобк, Крп, Лесн, Крат, Рад, Орб* и др. македонски текстови од XIII–XIV век. На пр. во *Грг*: ѿ ѵааниа, добраа и великаа, нє знаахь, ѵаахь, расаал єси, вьздаахѫ, вьзааниє, покаанию, каазнєхь, растаа сѧ, каа, каа моа, вѣѵнаа, земнаа, злаа вьз добраа, злаа, нощнаа, наспроти ретките примери со -аиа-: съмртнаиа, сиѡньскаиа, вьнєзаиапѫ.

На пр. во *Грг* редовно бележиме: моа, твоа, своа, па и: боазни, ѵбоашѫ сѧ, боати сѧ, достоаниє, достоаниа, достоаниємь, ѡбьстоаниа, порѫганиа, поась, ѡпоасѵєт сѧ, ретко: твоиа, моиа, нє оубоишѫ сѧ, достоянию. Само моа, твоа, своа бележат *Крат, Верк, Лес* и др., а паралелно со моиа, твоиа, своиа *Јов* (Бицевска 2001: 149). За формите моа, твоа, своа, краа може да се каже дека го одразуваат живиот народен изговор, а наоѓаат соодветство во некои македонски говори – во северните, во тиквешките и кукушко-воденските говори. Исто така, во позиција зад вокал нејотирано ѧ обично се пишува и во: *Јов, Вран, Лобк, Крп, Лесн, Крат, Рад, Орб* итн. во *Грг:* ѿ врєниа, поношєниа, радованиа, братиа моа, ѿ ѡбилиа, ицѣлєниа, вєзоумиа, вражиа, ц‹а›ртвиа, велиа.

ї. Во *Грг* десетерично ї се пишува на крајот на редот: своимї, пред и: нїщїих, видащїи, пѣѵалїи, и по самогласки: твоїм, твої, мої, моїхь, моїма, вьспоїтє, своїмї, во средината меѓу согласки ѳнїѵїжимь, ѿ лїхвьї, дївно, жїта, илї, хранїло, по согласка на крај на зборот: ꙁнамєнї, помѣнї, враꙁї, на почеток на зборот: їскрънємѫ, їꙁводємь, їꙁбавитєль, їꙁбавї ма, во -їє: бєꙁаконїє, вєлїѵїє, ꙁелїє, людїє, ѡржжїємь, во сврзникот и: ї сѣма моє, ї вꙁнєнавидит, ї нє ѡбращєшї, ї сьгнишѫ. ї е обично и во состав на ы: нѣмьї, ржкьї, ꙁжбьї, рогьї. Во црковнословенските текстови од XII–XIV век ваквиот нацрт на ьї се смета за одлика на текстовите од Кратовската книжевна школа, се среќава во *Вран* (Конески 1956: 15), во *Тикв* (Пандев 2000: 12) и др.

Епентетско л. Спорадично губење на епентетското **л** има и во старословенските ракописи: *Асем*, *Син*, па во *Дбм*, во *Бит*. За карактеристична особеност на Климентовата правописна школа се смета и конзервативната употреба на епентетското л. Се работи за традиција што Охридскиот литерарен центар ја чува, во расчекор со развојот на дијалектниот јазик, како што тоа го потврдуваат примерите за хиперкоректната употреба на епентетското л во *Охр*, во *Бон:* слъшлєми бѣахѫ, во *Рдм, Вти:* клаплати, дрьꙁновлєнїѥ и др. Тенденцијата за губење на епентетското л наведува на заклучок дека изговорот со епентетско л не бил својствен за говорната средина на пишувачот, меѓутоа од друга страна го следиме и настојувањето да се задржи традиционалната графија со епентетско л. Пр. во *Заг*: приємлєть, приємлємь, имаковла, адамли, во *Орб*: кроплєниємь, ѡставлєниє, приємлєть, во *Слеп:* избавлєниє, прѣставлєнима, ѣвлєниѣ, въ имлєнии, прѣставлєнъ, правлєни, ꙁємла, но въ ꙁєми, по ꙁєми. Епентетското *л* исто така и се губи во *Охр*: ослабєнъ, посрамєни, дръꙁновєниє. Соодносот помеѓу традиционалната и говорната состојба се појавува преку двојните форми со зачувано или изгубено епентетско *л*. Ограничувањето на епентетското *л* и двојството во неговата употреба кај определени форми (пр. корабль – корабь во *Крп*, или на пр. во формите од именката ꙁємлѣ: на ꙁєми и на ꙁємли, вь ꙁєми и вь ꙁємли) се вклопува во општите тенденции во писмениот јазик. Епентетското л особено го бележат

Крат и *Верк*, а двојство во употребата покажуваат: *Рад, Крп, Вран, Лобк, Стан, Лес*.

Епентетско *л* се чува во *Тикв*: ѕємлю, коравли, кѫплєт сє, дивлаше сє, вьѕлюблєнаго, любляше, ѕапєѵатлєнь, а чувањето на епентетското л во *Крн* се должи и на тоа што и традицијата на стариот македонски правопис и ресавскиот како и реформираниот правопис на Трновската школа придонеле тоа да се чува. Примерите со изгубено л обично се падежни форми од именката ѕємлѣ (потврдени уште во старословенските текстови) на ѕєми – на ѕємлы (Илиевски 1972: 115).

ѕ. Гласот ѕ се чува, а новото ѕ се јавува во македонските текстови од XII–XIII век: *Охр, Бон, Заг* и др. На пр. во *Бит*: мноѕѣ, ноѕѣ, враѕи, во *Заг:* блаѕѣ, помоѕи, ѕѣло, дроѵѕи, ѕиждитєлѣ и свѣриє, сврѣрина, сврѣѕди, во *Охр:* сврѣрѣ, сѣница, сврѣцаѫ, во *Мкд:* слоѵсѣ, мноѕи, носѣ, во *Грг*: гѣло, мноѕи, враѕи, враѕѣхь, стьгаѫ. Според (Бицевска 2001: 149) врз основа на употребата на африкатот ѕ (ѕ) северомакедонските текстови се делат на: текстови што не употребуваат ѕ, пишуваат само ѕ како на пр. *Рад, Верк, Лобк, Стан,* текстови што употребуваат само ѕ како *Јов,* текстови што употребуваат ѕ и ѕ без да ја разликуваат гласовната вредност како *Крп*, односно ги употребуваат на етимолошките места како *Вран, Карп, Стан* или ги употребуваат ѕ, ѕ и ѕ на етимолошките места како *Лес*. И во XV век, во *Втш* графемата ѕ се употребува со бројна вредност, често во прилогот сѣло, досѣла и во пр.: жиѕни, вь книѕѣ, *г* во: архистратиѕы, вь тѵгѣ, гѣло.

Затврднување на консонантите. Затврднувањето е една од најсуштествените промени во развојот на македонскиот консонантски систем, одразена преку дистрибуцијата на графемите оѵ – ю, ѣ – ѩ – а, меѓусебната замена на ѧ и ѫ. Во некои текстови е потврдено затврднувањето на консонантите ш, ж и на щ, жд зад кои редовно се пишува оѵ, а (но, на пр. во *Крат* и: шюма 118v; чюждахѫ сѫ 69v, жюпєль 110r), редовно ѧ > ѫ, што покажува дека процесот на затврднувањето кај нив бил завршен.

Се појавуваат разлики во хронологијата на затврднувањето на одделни консонанти и во територијалната проширеност на одделни промени. Најдолго се чува мекоста во одделни јужномакедонски говори.

Во македонските текстови од втората половина на XIII век и почетокот на XIV век (*Јов*, *Дбј*, *Вран* и *Карп*, *Лобк* и др.) примерите на затврднувањето најрано се јавуваат по ⷬ, а по ⷧ, ⷨ, се ретки (Угринова-Скаловска, Рибарова 1988: 31). На пр. во *Лобк* одразот на депалатализацијата на ⷧ, ⷨ, ⷬ, се следи во: дрꙋводѣла, лоꙋбꙗщымь, главноꙋ, ꙁаднаѣ, во *Вти*ш: побарати, сътворꙋ, приꙁроꙋ, ѡꙁарае, раꙁарае, творашє, дивлашє сє, ѡбнавлае, сьставлахꙋ, свѣд‹ѣ›телоꙋ, ꙋтєшитєлꙋ, вьсклꙗнающим сє, измѣнаютъ, поклꙗнающим, ѿганаєть, ѡскврьнаєтє.

Во однос на депалатализацијата, примерите со замена ѣ > ⷡ зад ц, ꙁ, с укажуваат на затврднувањето на овие согласки, а потврда за затврднувањето на ꙁ, с, ц е развојот ꙁѣ, сѣ, цѣ > ꙁⷡ, сⷡ, цⷡ: ꙁало, само, исцалєниє.

Промени во консонантските групи. Од промените во консонантските групи се карактеристични: промените во старите консонантски групи; асимилативните процеси на кои биле подложени консонантските групи по губењето на еровите (на граница на префиксалните и коренските морфеми, како и во предлозите); дисимилативните процеси, упростувањето на консонантските групи, вметнувањето консонанти во консонантските групи.

Чувањето на групата -сц- се смета за карактеристичен белег на кирилометодиевскиот период што подоцна бил прифатен како правописна норма во Климентовата школа (Рибарова 1986: 73). Групата -сц- од старословенските ракописи е својствена на *Зогр*, *Клоц*, *СинЕ* и *Мар*, а -ст- на *Супр*, *Асем*, додека во *Зогр*, *Мар* и *Син* се следи колебање меѓу -ст- и -сц- (Вајан 1952: 82). Групата -сц- е карактеристична за голем број подоцнежни ракописи: *Дбм*, *Дбј*, *Стм*, *Охр*, *Вран*, *Бон*, *Григ*, а во *Лобк* се претпочита сцѣ, сци пред стѣ, сти како и во изборните четива на *Рад*, додека во комплеторниот текст се употребува -сц- (Рибарова 1986 :73). Во повеќето македонски ракописи од XII и XIII век -сцѣ, -сци > -стѣ, -сти во *Заг*: синаистѣи, морꙗстѣ, ꙁаконьстѣмь и синаисцѣ, житєисцѣи, во *Шаф:* агг‹є›лꙗстѣ, єросол‹и›мьстѣ, житеистѣи и єросолимꙗсцѣ, житєисцѣи, во *Грг:* тарьсиисци, єгꙋпєтьстѣи, єгипєтьстѣи, ѱ‹а›л‹о›мьстѣ, людꙗстѣи, ꙋл‹овѣ›ꙋьстѣ, людьсти, ꙁємьсти, юдеисти, єѳиопсти, ꙋл‹овѣ›ꙋьсти. во *Дчн* се среќаваат напоредно групите сцѣ, сци со дисимилираните стѣ, сти.

Како резултат на елиминацијата на слабите ерови доаѓа до низа асимилативни процеси меѓу консонантите. Асимилативни процеси најрано се потврдени на границата меѓу префиксалните морфеми вѣзъ-, безъ-, низъ-, изъ-, разъ- и коренските морфеми што започнуваат на безвучен консонант, на пр. во *Рдм*: расмотривъ, вьсклицаниємь, вьсхожениє, во *Орб:* бесконєчнѫ, бесплътень, беспокоина, како и кај предлозите изъ, безъ, на пр. во *Орб:* бес плъты, бес покоѫ, бес правды, во *Шаф*: бес плода, бес тла, бес правдъї, бес конца, бес порока, бес покоа, бес трѹда, ис корєни, ис камєнє, ис пламєнє, ис тєбє, ис тла, ис троицѫ, ис тмъї.

При новите асимилациски промени -сд- > -зд- во *Рад*: вьздѣ, здрави, *Шаф:* здє, здрава, здравъ, во *Орб:* здє, вєздє, здѣєть, здравиємь, здравимь, *Лобк*: здє, здравиє, здравиємь, здравь, *Лесн*: здє, здравїа, здравы, -сб- > -зб- *Карп*: зборнаго, вь зборѣ, зборь, во *Шаф:*зблазнєхъ, зборѣ, во *Орб:* зборомь, зборищи, во *Хлуд*: збори, зборъ, зборѣ, зборищє, зборищоу, *Стан*: збора, вь зборѣхь, -кд-> -гд- во *Рад, Крат, Крп, Шаф, Орб:* гдє, во *Карп:* гдє, гдѣ, *Лобк*: нигдєжє, -жк- > -шк- во *Рдм*: ташко, ташкѫа, ташкым, ташцѣхь, во *Шаф:* ташкоє, ташкорѣуивъ, ташкъї, во *Орб, Крп:* ташко, во *Лесн:* ташкаа, во *Карп:* ташкы, ташци, -зк- > -ск- во *Карп:* богомрьскыа, ѫска, *Крат:* оуска, во *Лесн:* мрьскаа, мрьскыи, , -вт-> -фт- во *Орб:* фтораа, фтораа, фтороє, фторы, фторыи, фторыѫ, фторѣи, фторѣмь, фторѫа, , фторицєѫ и др.

Упростувањето на групата здьн- > -зн- го следиме во *Дбј*: празник, во *Дбм:* празникь, непразьнѣ, во *Хлуд*: празник, празника, празникомъ, празникѹ, во *Грг9:* празно, непразнымь, празнѹєм, празновати, во *Лобк*: безна, по безнѣ, празньства, во *Рад*: празникь, *Крат*: празника, *Крп*: празни, *Јов*: празно, во *Лесн*: ѹпразни, непразноваль, непразноуєтѣ, праздноуи, празнословиє, празнословїа, празнословїє, непразнословити, во *Шаф*: праздника, праздникомъ, праздникоу, праздновати, праздноуимъ, праздноуѫт. Дека овие промени биле обични наскоро по губењето на еровите потврдуваат примерите од *Дбм* од поч. на XII век: празникь, непразьнѣ, даж ми (Конески 1981 :100). Групата -стн- > -сн- во *Орб:* уєснаго, уєснаа, уєсно, уєсноє, уєсноѫ, уєсномѹ, покрај уєстна, уєстнаа, -стн- се чува во *Хлуд*: постникы,

ПОСТНИКЬ, ПОСТЬНИКА, ПОСТНА, ПОСТНАА, ПОСТНИ, ПОСТНОЄ, ПОСТНОМОУ, ПОСТНЫ, ПОСТНЫМЬ, ПОСТНЫѪ, ПОСТНѪѪ, ПОСТЬНЫ, но има и пр. со упростена група: ПОСНЫ, ПОСНЫМЬ, во *Лесн*: ПОСТНИЦИ. Упростувањето на консонантската група -СУ- > -У- го следиме во *Рдм*: Ѿ БЄУИСЛЬНИХЬ, БЄУѦДИТЬ, во *Шаф*: БЄУЄСТИА, БЄУЄСТИЄ, БЄУЄСТНОЄ, БЄУЄСТНѪѪ, БЄУИННА, БЄУИНОВАХЪ, БЄУИСЛА, БЄУИСЛЪНОМОУ, БЄУИСЛЪНЪЇ, покрај БЄСУЄСТИЄ, БЄСУИСЛЪНѪѪ, БЄСУИСЛЪНА, БЄСУИСЛЪНОЄ, БЄСУИСЛЪНЪЇМЪ, БЄСУИСЛЪНЪЇХЪ, БЄСУИСЛЪНЫЇМИ, БЄСУИСЛЪНѪѪ, БЄСУИСЛЬНОЄ, БЄСУЇСЛЪНѪѪ, БЄСУѦДЄN, во *Лесн*: БЄУИСЛЬНАГО, БЄУИСЛЬНИИ, БЄУИСЛЬНОМОУ, БЄУИСЛЬНЫИ, БЄУИСЛЬНЫИХ, БЄУИСЛЬНЫѪ, покрај БЄСУИСЛЬНАА, БЄСУИСЛЬНО, БЄСУИСЛЬНОЄ, БЄСУИСЛЬНОЄ, БЄСУИСЛЬНОѪ, БЄСУИСЛЬНЫИ, БЄСУИСЛЬНЫХЬ, БЄСУИСЛЬНѪѪ, НО И: БЄѰИННОМОУ, БЄѰИННЫѪ, БЄѰИННЫѪ, БЄѰИННЫѪ, БЄѰѦДЄНЬ. Варијантата -ѱ-, којашто се добила со дисимилација од -ʒу- > -су- и е мошне често потврдена во *Пог* и *Бон*, во *Рдм* не се среќава; -ТУ- > -У- во *Рад*: ПРИУАХ, ПРИУѦ, ѠУѦ во *Вран:* ѠУѦ, ѠУЄСТВА, во *Верк:* ѠУЄЮ; -СТЛ- > -СЛ- во *Јов* и *Крат*: ПОСЛАНЫ, во *Лесн*: ПОСТЛАНЬ, ПОСТЛАННЫ, *Крп:* ПОСТЛАНЬ.

Вметнување на консонантот -д- во групата -ʒр- среќаваме често во *Дбм, Пог, Дбј, Рдм, Шаф*[8], на пр. во *Дбј*: ИЗДРАИЛЮ, ВЪЗДРАДОВАШѪ, ВЪЗДРАСТЬ, во *Јов*: ВЬЗДРАДОВАТИ СѦ и РАЗДРѢШИТИ како и во ИЗДРАИЛЬ (Мошин 1954: 44), често во *Лобк*: ВЬЗРАСТЄ, РАЗДРОУШЄНИЄ, РАЗДРОУШИ, РАЗДРѢШИТ СѦ, во *Јов*: РАЗДРѢШЄНО, во *Рад*: РАЗДРОУШЄНИЄ, РАЗДРѢШИ, *Крп*: ВЬЗДРАСТЄ, во *Карп*: ВЬЗЬДРАСТИ, РАЗДРОУШИ, РАЗДРѢШЄНИЄ, во *Заг*: РАЗДРОУШИ, РАЗДРѢШЄНИЄ, РАЗДРѢШИТЄ, во *Шаф:* НЕРАЗДРОУШЄНА, РАЗДРОУШАЄТЬ, РАЗДРОУШЄНИА, РАЗДРѢШИШѪ, во *Рдм* редовно во лексемата ИЗДРАИЛЬ и нејзините деривати: ИЗДРАИЛѢ, ИЗД‹РАИ›ЛЄВО, кога е напишано надредно, како и кога консонантската група ʒр се наоѓа на граница од префиксот и основата: РАЗДРОУШИТЬ, РАЗДРОУШИЛЬ, РАЗДРОУШИ, РАЗДРОУШИШѪ, ИЗДРИНѪШѪ СѦ, ВЬЗДРЄВНОВА, РАЗДРѢШИТИ, РАЗДРѢШЄНИЄ,

[8] Во однос на групите *-здр-*, *-стр-* тие се својствени за повеќето македонски дијалекти: *страм, стреда, стреде, здрел, здрее, здрак, прездреана,* за тиквешко-мариовските, костурско-леринските, централните и долновардарските говори, струшките итн., освен североисточните (Штипско, Кратовско) и северозападните односно полошките говори во кои и прасловенското *стр* > *ср*.

изѯдрьѣаниѧ, раѯдрѣши, односно предлогот и именката: изѯ^{А} рѫкы. Вметнување на -д- во групата –жр- се среќава во *Рад*: ждрѣѣє, ждрѣѣиѫ, ждрѣѣа покрај жрѣѣиа, жрѣѣєць, а на -т- во групата -ср- се среќава во *Стр*, во *Рдм*: пострамиль єси, по стрѣдѣ, нє пострами, ретко во *Орб*: стрѫшити сѧ, нє ѫстрами сѧ.

Метатезата на групата -гд- во -дг- е позната во *Дбм*, *Слеп:* єдга, ѣъсєдга, *Стм*, *Стр*, редовно во *Јов:* тьдга, *Рад*: всєдга, вьсєдга, ѥдга (Бицевска 2001: 164), во *Хлуд*: вьнєдгаже, ѣъсєдга, вьсєдга, всєдгабл‹аго›с‹лове›наа, -вр- > рв *Карп*: ферварь, ферварѣ, *Верк:* ферфара, ферфарѣ.

Од втората половина на XIV век има потврди дека гр. ѵр- се изговарала како цр-, на пр. во *Стан*: црьвєноѵ. Во *Тикв* ѵр- > цр-: црьвомь, црѣшна, покрај ѵрьвѫмь, ѵрьвїє, поѵрьнє, ѵрьна. Во записите (првите примери во XIV век) старите почетни групи се измениле во под влијание на српскиот изговор, ширејќи се од северните кон централните говори, на пр. црвиє, црнои.

Фонетска адаптација на грцизмите. Фонетската адаптација, неопходна за вклопувањето на грцизмите во словенскиот граматички систем се движи во рамките на македонската црковнословенска традиција, со присутните варирања и колебања меѓу грчкиот правопис на соодветното име и неговата фонетска транскрипција. На пр. иорданъ грч. *Ἰορδάνης* се среќава и во форма иєрданъ/иєрданъ обично во апостолите, често во *Григ*, во *Стм*, наспроти другите евангелија во кои преовладуваат формите на ио-, додека во псалтирите речиси подеднакво се среќаваат и едните и другите (Бицевска, Поп-Атанасова 1989 :48), во *Рдм* иорданъ и образувањата од него редовно се среќаваат во форма иєрдань/иєрдань, во *Грг* єрданскьїа, иєрдань. ѵ во текстовите се предава најчесто со ѵ, оѵ, и во *Крат*, *Вран*: єгѵпєть, *Лобк*: єгѵпєть, скѵмєнь, асоѵриискъ, во *Рад*, *Јов:* ипокрити, *Лесн:* кивоть, а во состав на дифтонг со ѵ, в: *Крат:* аѵраамоѵ, аѵраамовь, єѵрєискаами, *Верк:* євстатиѧ, авгоѵста, євстатии. На пр. за предавање на грчкото ѵ во во *Грг*, во *Рдм* се претпочита и, а поретко се употребува ѵ, односно оѵ, во *Грг*: єгѵпєтьстѣи, вь єгиптѣ, ѿ єгипта.

Евидентни се и особености од консонантскиот систем при адаптацијата на туѓите зборови. Пр. во однос на адаптацијата на грчките зборови бележиме повеќе карактеристични форми. ѳ се чува, се заменува со т, на пр. во *Орб:* аримаѳеи, вь виѳаниѫ, ѳома, мєѳодиѩ *Крп*, мєтодиѩ *Стан*, ѳома *Карп*, тома *Верк*, а во одделни текстови со ф, на пр. во *Грг* покрај: ієѳиѡпиѩ, людиє єѳиопсти бележиме и єфиоплѣнє, єфиѡпомь. Замената на ѳ со ф се смета за руска јазична особина, чија застапеност во *Јов:* вифаниѩ, вифлєомь, голгофа, марфа, аримафеи, во *Стан:* афиподорь, гєнєфлиѫ, вь фракии, фракискѫ, фрауанина, и во *Рад:* архимафеѧ, виѳьсаиды, се поврзува со руските предлошки на овие ракописи, односно со тесните книжевно-културни врски помеѓу македонската и руската (или светогорска) книжевна средина (Угринова-Скаловска, Рибарова 1988: 9, 34). Замените меѓу п и ф со кои се карактеризираат *Крат, Вран, Верк, Лобк* и *Стан* се карактеристични за српските црковнословенски текстови (Конески 1956: 30, Бицевска 2001: 172), на пр. во *Крат*: скорфиє, сорфиѫ, *Вран*: до пинигиѫ, *Верк*: кирила филосопа, *Карп:* форъфироѫ, *Лобк*: ѿ єфиофиѫ, єтиофьскѫ, флинтомь, вь ишфиѧ, крифидоѫ, фитома, илишфоль, во *Грг*: шсофомь, *Стан*: фафнотиѧ. ξ се чува во *Стан:* маξимиѧнь, во *Јов*: алєксандрии, во *Карп:* маξима, ξєнофонта или се заменува со консонантската група кс во *Орб:* алєксѣ, во *Карп:* алєксандрь, авксєнтиѧ, во *Стан:* ксєнофоньть, алєксандрь; ψ се чува или се заменува со консонантска група пс во *Орб*: сампсонь, сампсоновь, ψ҃а҃л҃о҃мьскы. Групата пт се дисимилира во фт во *Орб*: скифтрь и скифтри. Геминатите во грчките зборови обично се предаваат во *Крн*: єллинє, єллини, єллиннѣх, єллином, єллинство, єллинскыми, єллинсци.

Прегледот на фонетско-правописните особености на македонските црковнословенски текстови што се поврзуваат со дејноста на Охридската и Кратовско-лесновската книжевна школа го одразуваат развојот на фонетско-правописниот систем на македонскиот јазик, но откриваат и определени правописни особености што се однесуваат на усогласувањето на народниот говор со старата писмена традиција.

Литература

Аргировски М., Цубалевска М. 1989: Нормализацијата на еровите во туѓата лексика, *Советување за работата врз редакциските речници на црковнословенскиот јазик во југословенските центри*, Скопје, 51–55.

Бицевска К., Поп-Атанасова С. 1989: Проблемите во врска со јотацијата во туѓите зборови. *Советување за работата врз редакциските речници на црковнословенскиот јазик во југословенските центри*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 37–50.

Бицевска К. 1994: Јусовата варијанта наспроти нејусовата во Станиславовиот пролог од XIV век, *XX Научна дискусија на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* Скопје, 19–24.

Бицевска К. 2001: *Правописни и фонетски особености во ракописите од северна Македонија од XIII и XIV век*, Менора, Скопје.

Блахова Е., Хауптова З. 1990: *Струмички (Македонски) апостол*, МАНУ, Скопје.

Вайан А. 1952: *Руководство по старославянскому языку*, Москва.

Велев И., Макаријоска Л., Црвенковска Е. 2008: *Македонски споменици со глаголско и со кирилско писмо*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Видоески Б. 1954: *Северните македонски говори*, I: Кумановско-кратовската група говори. II: Говорот на Скопска Црногорија: *Македонски јазик*, 1954, V, 1: 1–30; 2: 109–196: 2 к.Скопје.

Георгиевски Г., Макаријоска Л. 1989: Консонантските секвенци на префиксалната граница. *Советување за работата врз редакциските речници на црковнословенскиот јазик во југословенските центри*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 57–65.

Илиевски П. 1972: *Крнински дамаскин*, Стари текстови, кн. IV, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески Б. 1956: *Вранешнички апостол*, Стари текстови II, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески Б. 1966: Охридска книжевна школа, *Словенска писменост. 1050-годишнина на Климент Охридски*, Охрид, 57–62.

Конески Б. 1975: Јазикот на евангелието на поп Јована, *Македонски јазик* XXVI, Скопје, 11–31.

Конески Б. 1975: Варијантите на црковнословенскиот јазик во Македонија во првата половина на XIV век, *Од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија*, Скопје 1975, 72–77.

Конески Б. 1977: За Станиславовиот пролог, *Прилози на МАНУ*, Одделение за лингвистика и литературна наука, II, 1–2, Скопје 1977, 5–25.

Конески Б. 1981, 1986: *Историја на македонскиот јазик*, Скопје.

Макаријоска Л. 1997: *Радомиров псалтир*, Стари текстови V, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Макаријоска Л., Црвенковска Е. 2012: *Шафариков триод*, Скопје.

Миовски М. 1996: *Хлудов паримејник − лингвистичка анализа*, Скопје.

Мошин В. 1954: *Македонското евангелие на поп Јована*. Стари текстови I, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1954.

Пандев Д. 2000: Тиквешкиот зборник – лингвистичка анализа, *Македонистика* 6/2000, Скопје, 3–90.

Поп-Атанасова С. 1995: *Лингвистичка анализа на Битолскиот триод*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Рибарова З. 1986: Охридските традиции и јазикот на македонската средновековна писменост, *Климент Охридски. Студии*, Скопје 1986, 56–77.

Рибарова З. 1996: За правописните норми и традицијата во ракописите од македонската редакција на црковнословенскиот јазик, *1100-години од хиротонизирањето на Свети Климент во епископ доаѓањето на Свети Наум во Охрид*. Зборник на трудови, МПЦ, Охрид, 187–193

Рибарова З. 2005: *Јазикот на македонските црковнословенски текстови*, МАНУ, Скопје.

Угринова-Скаловска Р. 1982: Околу правописот на ѣ и ѣ, *Македонски јазик* XXXII-XXXIII (1981–1982), Скопје, 727–731.

Угринова-Скаловска Р., 1983: Правописни одлики на црковнословенските ракописи од Македонија. *Предавања на XVI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје, 135–140.

Угринова-Скаловска, Рибарова 1988: Угринова-Скаловска Р., Рибарова З., *Радомирово евангелие*, Стари текстови IV, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Црвенковска Е. 1999: *Загрепски триод*, Стари текстови VII, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Црвенковска Е. 2003: За територијата на Охридската книжевна школа, – В: *Реферати на македонските слависти за XIII меѓународен славистички конгрес во Љубљана*, *Прилози на МАНУ*, Скопје, 147–160.

Црвенковска Е. 2006: *Јазикот и стилот на триодот*, Менора, Скопје.

Црвенковска Е., Макаријоска Л. 2010: *Орбелски триод*, Стари текстови X, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Щепкин В. Н. 1906: *Болонская псалтыръ*, Санктпетербург.

Кратенки на ракописите

Асем – Асеманово евангелие, крај на XII или поч. на XI век
Бит – Битолски триод, XII век
Бон – Болоњски псалтир, 1230–1241 г.
Верк – Верковичев апостол, XIV век
Вран – Вранешнички апостол, XIII век
Втш – Ваташки минеј, XV век
Грг – Григоровичев псалтир, XIII век
Григ9 – Григоровичево евангелие 9, XIII век
Григ – Григоровичев паримејник, крај на XII или поч. на XIII век
Дбј – Добрејшово евангелие, прва пол. на XIII век
Дбм – Добромирово евангелие, XII век
Дчн – Дечански псалтир, крај на XIII век
Заг – Загрепски триод, прва пол. на XIII век
Зогр – Зографско евангелие, втора пол. на X или поч. на XI век
Јов – Евангелие на поп Јован, втора пол. на XIII век
Карп – Карпински апостол, поч. на XIV век
Клоц – Клоцов зборник, XI век
Крат – Кратовско евангелие, средина на XIV век
Крп – Карпинско евангелие, крај на XIII век
Лесн – Лесновски паренезис, 1353 г.
Лобк – Лобковски (Хлудов) паримејник, 1294–1320 г.
Мар – Мариинско евангелие, X–XI век
Мкд – Македонско четворо евангелие, XIV или поч. на XV век
Орб – Орбелски триод, втора пол. на XIII век
Охр – Охридски апостол, крај на XII век
Пог – Погодинов псалтир, XIII век
Рад – Радомирово евангелие, втора пол. на XIII век
Рдм – Радомиров псалтир, втора пол. на XIII век
Син – Синајски псалтир, XI век
СинЕ – Синајски еухологиум, XI век
Слеп – Слепченски апостол, XII век
Стан – Станиславов пролог, 1330 г.

Стм – Стаматово евангелие, поч. на XIII век
Стр – Струмички (македонски) апостол, втора пол. на XIII век
Тикв – Тиквешки зборник, XV век
Хлуд – Хлудов триод, крај на XIII век
Шаф – Шафариков триод, XII или поч. на XIII век

Димитар Пандев

КОДИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК
(по повод: 70 години од азбуката и правопис)

Почитувани присутни,

Со нашево пригодно излагање имаме пријатна чест да ја одбележиме 70 годишнината од кодификацијата на македонскиот јазик, поставувајќи ја притоа како возвишена парадигма во македонистичките заложби кои денес се предмет на една поширока област: македонска културна историја или историја на културата на Македонија, т.е. на одделни современи лингвистички дисциплини кои специјалистички се вклопуваат во една потесна област: историска социолингвистика, врз чија подлога се надоврзуваат – когнитивната лингвистика, како и лингвокултурологијата.

Паралелно со кодификациските процеси својствени и за другите словенски јазици во претходните децении, па и векови, на македонското цивилизациско поприште се осведочувале жестоки културни борби, врз чии трансверзали се издигнал македонскиот литературен јазик, преку низа стилски синтези на планот на дијахронијата и синхронијата, на просторот и времето, на индивидуалното и колективното. И македонољубните кристализации на сопствениот јазичен материјал, слободно можат да се разгледаат низ мноштвото културолошки теории (од времето на Јозеф Хердер и Вилхелм Хумболд преку времето на Иполит Тен и Александар Потебња до подоцнежните структуралистички и постструктуралистички пристапи, сообразувајќи се со современите социокултурни погледи врз односите не само меѓу јазикот, општеството и нацијата туку и врз јазикот и државата). Па и пошироко, низ призмата на безброј актуализирани филозофски и филолошки погледи и расправи од различни цивилизациски премрежја, би рекле, од библиско преку средновековно и нововековно време до денес.

Во тој контекст, од социолингвистички аспект чинот на кодификацијата македонскиот јазик отвора повеќе испреплетени теми

поврзани поврзани со седумдеценискиот јубилеј, меѓу кои за нас од најсуштествено значење е

- посреќавање на јазикот во (најмалку) три генерации;

како и воспоставување

- однос кон јазикот (од љубов и приврзаност преку рамнодушност и индиферентност кон срам и омраза) со (цар Давидово) објаснување: мала е разликата љубовта и омразата, кое резултира со создавање (трајни) странски пријатели на македонскиот јазик (изразот е Б. Видоески), но и уште повеќе (попатни) туѓи душегрижници и непријатели.

Прецизираме: во изминативе 70 години македонскиот јазик ги разви сите свои функционални стилови и соодветно одговори на сите комуникациски предизвици на времето, поддржан првенствено од сопствените јазични зборувачи. И постојано се наголемува бројот на странските вљубеници во македонскиот јазик, литература и култура, на поддржувачите на македонската посебност, особено потем времето на осамостојувањето на македонската држава, и покрај тоа што и на негаторите не им се сфаќа налудничавиот порив за оспорување на македонската јазична стварност.

Оттаму, дел од прашања можат да се разгледаат и од аспект на когнитивната лингвистика, особено во врска со концептуализацијата на поимот КОДИФИКАЦИЈА, социолингвистички термин изнедрен не толку од социологијата, колку од правните науки. Имаме, притоа, предвид, дека не е мал бројот на когнитивите, т.е. јазичните концепти, когнитивните рамки и когнитивните сценарија кои стануваат предмет на лингвистиката на правото.

Во пристапот кон концептот КОДИФИКАЦИЈА само го нагласуваме Б. Конески кога апострофира „Се разбира, еден јазик не може прекуден да се оформи како литературен“, како и толкувањето во македонскиот толковник: „Систематизација на правила, прописи и закони што се однесуваат на определен област од општествениот живот“. За жал, кој не сака, тој не сфаќа дека (Сосировски и Диркемовски) систематизацијата подразбира истовременост, даден момент на оската на истовремености, во кој (според осовремена алузија од теоријата на информацијата) ништо не е како порано. Па и македонскиот јазик не може да се разгледува само од јазолот на минатото туку единствено само и само (Цепенковски) од развrската пред иднината обезбедена со сопствена револуција. Од самите Цепенковци, продолжувачите на Миладиновците. И од последувачите на нивните јазикотворечки заложби. Кодификацијата на македонското

писмо и правопис е само последователна фаза во низата преткодификациски заложби за писмена фиксација на македонскиот збор во различни видови текстови.

Од друга страна,спознајно, имаме предвид дека станува збор за поим што уплашува и ужаснува, зашто упатува на униформост, на вкалапеност, на своевиден „шинел“ создаден за само во еден ден, без да се има предвид долготрајната употреба на македонскиот јазик во историјата и без да се прифати јазичната способност на зборувачите за кратко време да го разработат јазичниот стандард кој од генерација во генерација претставувал обработено средство за создавање национални лингвокултурни вредности. И културолошката страст за одбележување јубилеи поврзани со македонското творечко времепространство од Светиклиментово време во кое, митолошки, се вклопува, антиката, не без поддршка на средновековната ренесанса). И репликите и ремиинисценциите што произлегуваат од импулсот заискрен како решение на АСНОМ (осмислено од Президиумот раководен од претседателот Методија Андонов-Ченто) и преточен во решение на Министерството на просветата (потпишано од Н. Минчев).

Во тој кус, но бурен период од особено значење за оформување на институциите на македонската држава, низ призмата на теоријата за јазикотворечки личности (од филозофијата на јазикот до културологијата) интерес претставуваат прашањата:

1. Кои се личностите што беа дел од една успешна културна акција? Особено, кое било нивното филолошко знаење во текот на акцијата што резултирала со општоприфатено решение?
2. Која е логистиката на јазикот, т.е. корпусот текстови создадени во текот на културната акција): вест (хроника) – реферат – статија; збирка поезија...
3. Во што е одразен развојот на јазикот во време на културната акција (од 2 август 1944 година до 7 јуни 1945 година, т.е кои иновации доаѓаат на преден план во јазикот во практиката.

Прецизираме: Кодификацијата е резултат од опсежни дискусии на „комисиите за установуене на македонскиот литературен јазик, азбука и правопис“ кои добиле статус на конференции. Тоа се првите (научни) конференции за македонскиот јазик на македонски јазик.

На првата конференција учествуваат еден поет и 11 учители по словенски и други јазици. Определбата „поет“ се врзува (во тие документи) само за Венко Марковски. За другите се врзуваат другите

определби. Конференцијата со висока јазична свест. но и со морална политичка одговорност ја отвора повереникот за просвета: Епаминонда поп Андонов. Определбата „и други јазици“ која овозможува пошироко споредбено проучување на писмото и правописот се однесува на Михаил Петрушевски – класичен филолог и на Ѓорѓе Шоптрајанов – романист

Истакнуваме: учесниците во јазичните расправи покажале одлично познавање од словенската филологија и од македонската јазична ситуација од времето на Охридската книжевна школа (од Климент Охридски преку Крчовски и Пејчиновиќ до Кочо Рацин), од проучувањата за јазикот и литературата во словенската филологија, како и од идеите за врската меѓу јазикот и нацијата што циркулирале о општата лингвистика, и особено во социјалната лингвистика. Од аспект на подоцнежните проучувања во македонската филологија, истакнуваме дека уште во тоа време на тогашната македонска филолошка авангарда им биле добро познати погледите за полицентричноста во развојот на словенските литератури, како и за улогата на писателите во развојот на јазикот „јазикот го прават книжовници, поети и писатели, учени во своите писанија“. Нагласуваме дека дел од учесниците веќе дале значаен придонес во осамостојувањето на македонската литература, во создавање на еден посебен јазичен центар уште за време на кралска Југославија, а исто така се вклучуваат во почетоците на развојот на младата македонска литература во новото југословенско државно уредување. Во услови на различни сфаќања на литературните процеси во кралска Југославија преку толериран развој на регионална литература заснована врз литературни дијалекти и во услови на слободен избор на творечки јазик во југословенската федерација, учесниците со лични заложби се определуваат за македонскиот јазик како свој творечки израз и се вклучуваат во оформувањето на институциите кои овозможуваат непречен развој на македонскиот јазик (печатот, театарот, универзитетот, радиото...).

(Ги следиме овде идеите што се развивале во скопската лингвистичка средина уште од времето на Тихомир Остоиќ и Миливој Павловиќ до Блаже Конески и Милан Ѓурчинов, т.е. од почетоците на интернационализацијата на славистиика до нејзиниот пробив во европските филолошки рамки.)

Учесниците (во вака осмислената конферренција) даваат и своја работна дефиниција за македонскиот литературен јазик – „македонскиот денешен народен јазик литературно обработен“ и за

македонскиот јазик (воопшто): „блискоста и единството измегу народниот и литературниот јазик, како и неговата самобитност“,,определувајќи ја неговата (книжевна и општествена) позиција во современието. Меѓу овие две суптилни сфаќања за јазикот се нагласува и неговата творечка и неговата колективна перспектива. Македонските писатели брзо го разработуваат македонскиот јазичен стандард, а македонските зборувачи го прифаќаат во сите негови разновидности (од образованието преку администрацијата до сите медиумски предизвици...).

Во рамките на првата македонистичка конфеернција во Македонија се разгоруваат ДВЕ БОРБИ:

1. Борба меѓу фонетскиот и етимолошкиот правопис
2. Борба меѓу педагогијата и андрагогијата

Дискусиите, всушност, се движат преку осветлување на низа прашања што се сосредоточуваат меѓу усвојувањето на јазикот и чувството за хетерохронија, при што постепено се наложува победникот: фонетскиот принцип, бездруго, преку отфрлениот психолошки баласт: психологијата на писмото, кој механицистички резултирал од физиолошко-акустичниот баласт: различниот изговор на блиските гласови, и во перспектива спознајно ја отворил: јазичната слика на писмото.

Учесниците на оваа прва научна (не само) македонистичка (туку и општолингвистичка) расправа практично тргнале од чисто функционалистички пристап, отворено разгледувајќи го прашањето: Како би функционирале буквите во низата? Го надминале (редукционистички, т.е. структуралистички) постапно младограматичарскиот пристап (од лисјата не се гледа шумата) преминувајќи од поситни прашања кон крушпната јазична слика на македонската азбука, сосредоточувајќи ја претходната писменотворечката динамика во знаковна статика.

Прецизираме:

1. Првата комисија извела практична симулација со апстрактна графемика.
2. Одговорила на прашањето: Како би функционирале буквите во низата?
3. Ги поставила основите на македонската граматика.

Првата комисија не го одвоила прашањето за писмото и правописот од прашањето за граматиката и лексиката, па дури и посветила повеќе простор наа граматиката. т.е. на морфологијата, на формата и на структурата на зборот. И понудила перспективни прашања за литературната и општествената иднина на јазикот, за развој на јазикот надвор од дијалектните шеми и модели. Промовирала наддијалектна јазична форма во која се интегрирале морфолошките разновидности на македонските зборформи. Не дозволила сведување на македонскиот јазик на дијалектен образец. И во тоа е нејзината основна историска улога. И, првенствено, во изделувањето на три глаголски групи во македонскиот јазик.

Правописните размисли на Првата комисија се движат меѓу дијакритиката и лигатурата.

Напоменуваме: Секој филолог со закоравено филолошко вјерују би рекол или/или а никако и-и. Па определбата била привидна лигатура како правописно решение за карактеристичните (таканаречени: меки) гласови. Со други зборови, заобленоста кај љ и њ да се примени и за гласовите ќ и ѓ, т.е. да се отфрли дијакритиката. Идеалната слика сепак ја разбивала буквата џ, со супскрипција (со потпишан дел под линијата на низата). Како специфичен македонски глас Комисијата се застапува за s, како и за ъ.

Лично мислење: Има нешто обло и глаголичко во првото решение!

Првата комисија отвора пат и за поширока расправа за македонското писмо и правопис. Притоа, имаме предвид дека, ако ништо повеќе, таа ја неутрализирала странската „помош“ во конечното решение.

Македонскиот јазик бил предмет на интерес и на претходни дискусии, расправи па и конференции организирани бездруго на иницијатива на Димитар Влахов и остварени со особена помош на советски слависти (Державин, Бернштејн). Статијата на Бернштејн (поткрепена со сознајбите на Селишчев) е особено значајна за статусот на македонскиот јазик не само во научните центри во Советскиот Сојуз туку и во други средини. Ако сè се оставело само на нивните идеи и погледи за граматиката на македонскиот јазик, македонскиот би се вклопил во сивилото погледи за диригираниот развој без особена литература на не така мал број јазици што покрај рускиот биле во употреба низ републиките во тогашниот Советскиот Сојуз. Но, како што истакнува на 14 седница на Президиумот на АСНОМ одржана на7 декември 1944 на која заседава Михаило Андонов-Ченто, миниистерот

за просвета Епаминонда во работата на Комисијата бииле вклучени „најдобрите стручњаци и познавачи на македонскиот јазик кои ги имаме во Македонија“ и тие дале свое македонољубно и македонистичко решение. Независно од прашањето кои, пак, не биле во Македонија, а биле стручњаци, по искажаните ставови на членовите на Комисијата за инвентарот на форми во македонскиот јазик како почетна точка за осмислување правописни решенија, тешко дека некој странски лингвист би се дрзнал да се меша во меша македонските работи. Особено не Бернштејн, кому одлично му биле познати погледите на Мисирков за македонските работи, дури и подобро отколку на членовите на Комисијата. Независно од тоа, останува впечатокот дека веднаш потоа (во декември 1944) во Македонија бил Иља Еренбург, а не како што наредбено посакувал Страхил Гигов „да се повикаат Бернштејн и Державин“ а муниционите забелешки на Еренбург во секој случај не се за пренебрегнување и се вклопуваат во победниичкиот амбиент во кој се осмислува македонската држава. Исто како што не е за пренеббрегнување дека токму Бернштејн отпосле беспрекорно ќе ја претстави морфонологијата на словенските јазици, во тој контекст и на македонскиот јазик.

За дефинитивното решавање на македонското писмо и правопис од особено значење, сепак, е јазичната продукција во периодот од ноември 1944 до мај 1945. Таа продукција била и подлога за решението потврдено на 7 јуни 1945 година. Во тој период личност која најмногу јазикотворела бил Блаже Конески. Независно од социјалистичката клима во тоа време, Конески како да бил инспириран од идеите на свети Августин за литературното време и од идеите на Василиј Велики за преточување на литературните форми, идеи што ќе ги најдеме и во формализмот и во други правци во семиотиката, па и кај други великани на неговото време (особено кај Роман Јакобсон).

Неспорен е исто податокот дека Македонија во тоа време одново ги промовиирала своите претходни јазикотворечки личности (од Климент Охридски до Марко Цепенков), а токму Блаже Конески нив најмногу ги реафирмира во своите статии (брошури). Имаме предвид дека првогласен државен празник во Демократска федеративна Македонија и првоотпразнуван е Денот на Свети Климент Охридски.

И дека не ги избирал Б. Конески своите работни должности, туку тие го избирале него, па оттаму доаѓа и неговата пресудна улога во конечното оформување на јазичната слика на македонското писмо и правопис.

Исто така, треба да имаме предвид дека во тој период Македонија е ослободена, но не е изолирана од провокации, а борби се водат на сите околни фронтови. И сето тоа е преточено во информации кои поттикнуваат „јазичен хаос“(изразот е од Киро Хаџивасилев кој со своите заложби расчистува дел од хаосот во македонскиот печат), современата, пак, ситуација се преточува во уметничка проза (најсуптилен раскажувач е Владо Малески), Венко Марковски продолжува да експериментира со јазикот во своите песни, а Васил Иљоски, Мирко Павловски и Крум Тошев го поставуваат на цврсти основи македонското образование.

И тоа се имињата на јазикотворечките личности кои ја определуваат перспективната иднина на писменојазичната норма на македонскиот јазик, нагласувајќи ги посебностите на македонскиот писмовен и правописен модел врз чија основа доаѓа до израз македонскиот полифункционален код. Модел кој ги следи моделите на контролиран развој на јазикот од моделот на свети Климент Охридски преку Партениј Зографски до Крсте Мисирков, модели осмислувани од засебни јазикотворечки личности кои ја преточуваат јазичната стихија во литературно обработено средство.

И тоа спроти подемот на комуникациските науки и на теоријата на информацијата, од која ќе произлезат современите теории на развојот на писмото и правописот. Па според теоријата што тогаш уште била во повој, реплицираме со едн мала реминисценција: македонските писменотворци извршиле историско поместување на тастатурата понудена од Мисирков – дијакритика и на Првата комисија – лигатура, со точно избрана фреквенција. И успешна. За циркулација на пораки од различен вид во различни видови текстови, независно од нивната форма

Нагледна литература

Стојан Ристески (2016), Белешки по македонски јазик, Струга

Основна литература

Блаже Конески (1952), Граматика на македонскиот јазик, прв дел, Скопје

Проф. д-р Кристина Николовска

Предавање на „Семинарот за македонски јазик,
литература и култура„ 19 јуни 2015

"РАЗГОВОРНИЦА" – ФИЛОЗОФСКИ РАЗГОВОРИ СО ПОЗНАТИ МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ

Драги македонисти и слависти,

Јас денес повеќе би сакала пред вас да кажам она што досега никаде не сум го кажала, а тоа се можеби некои неоткриени тајни на уметноста на дијалогот.

Мојата мисија денес е да бидам крајно искрена пред вас и податлива за отворање. А можеби и за разговор со вас. Ова мое денешно предавање, повеќе го сфаќам како искрена исповед и поттик за нови разговори, отколку предавање преполно со теории и апстракции. Денес повеќе ќе зборувам за праксата, за моето искуство со моите шест раскошни разговорничари – великани.

ШТО Е РАЗГОВОРНИЦА?

„Разговорница" е „книга-дете" на истоимениот ТВ-серијал, циклус од шест ТВ-емисии, премиерно емитуван во 2007 година на македонските телевизии. Имав чест да бидам автор, уредник и разговорничар на тој антологиски ТВ-серијал. „Разговорница"[9] е „книга-дом" на ТВ-дијалозите со шесте великани на македонската уметност и култура, кои се водени во 2006 и 2007 година во Скопје во прекрасни продуховени амбиенти.

Идејата ТВ-серијалот „Разговорница" да се преточи во книга потекна од гледачите, кои ми се обраќаа и искрено посакаа разговорите

[9] Кристина Николовска: *Разговорница*. – Скопје, "Силсонс", 2014. (Книга филозофски разговори)

да ги зачуваме во книга. Му благодарам на мојот издавач, кој покажа слух за идејата и ме поддржа во овој зафат.

Им благодарам на моите предрагоцени разговорничари, великаните: *Гане Тодоровски, Ферид Мухиќ, Јордан Плевнеш, Горан Стефановски, Борис Трајанов и Венко Андоновски,* што ја прифатија мојата покана и што разговорничеа со мене како – еднаш во векот.

Така и ја создававме „Разговорница“ – како еднаш на векот. Како за навек. Свесно остававме антологиски ТВ-разговори зад нас, разговори кои ќе разговорничарат со вас, и долго по нас...

Жалам што драгиот Гане Тодоровски не ја дочека оваа книга, која е спомен на нашето скапоцено разговорничарење.

УМЕТНИЧКА “ДОМА“

А сега, заедно со вас, драги слависти и семинаристи, ќе навлеземе во една поетска дома, во една есеизирана дома, во еден посебен свет за Вас, кој, се надевам, ќе отвори некои тајни светови, уметнички светови коишто задираат во уметноста, животот, животот на уметноста, но и уметноста на животот, во самите феномени и процеси на творење, екстериоризација на делото, итн. За таа цел ни беше потребен жив, конкретен дијалог со најголемите брендови на македонската култура, уметност и наука. Таков дијалог може да се отвори во прекрасни, посебни амбиенти – поетизирни и есеизирани, кои се природен контекст на нашата уметничка сонувалница, мудротека и мислотека. Во таа уметничка дома, ние сме на гости кај нашите разговорничари-домаќини, оти „Разговорницава“ е нивни творечки дом.

Драги мои семинаристи,

Ќе ве понесам кон волшебен, „таен“ уметнички свет, во кој ќе го бараме досега „невидливото“, скриеното, тајното за гледачите и за читателите, за сите кои со радост ја впиваат уметноста и преку уметноста на разговорничарење...

Повелете кон „тајната“ куќа на уметноста и уметниците...

АНТОЛОГИСКА ТВ-МЕМОРИЈА И КНИГА-КОНЗЕРВАЦИЈА

„Разговорница“ има за цел да ги конзервира трајните вредности на македонската култура и уметност. Амбиција на проектот беше да се состави и остави антологиска ТВ-меморија, но и книга-меморија на цел творечки век. Тоа значи култивирана грижа за вредностите на нашиот културен амбиент.

„Разговорница„ има потреба да зачува драгоцено „живо“ национално и светско културно богатство, кое преку ТВ-медиумот и преку книга разговори – може да се спаси од заборавот. Серијалот разговори е драгоцен и неповторлив културолошки документ на времето, на културата, на најважните, најсуптилните и најдрагоцените уметнички, креативни и интелектуални процеси и творечки енергии на нашето време. Оваа едиција разговори сака да зачува и да згрижи „цел културен и уметнички свет“ во топла творечка „дома“.

„Разговорница“ е конзервација на подвигот на творечката епоха на најголемите великани на современата македонска култура, уметност и наука за уметноста. „Разговорница“ е правена со историска свест и со одговорност за трајни вредности, не само национални, туку и светски.

РАСТАЈНУВАЊЕ ПРЕКУ ДИЈАЛОГ

„Разговорница“ е „македонска уметничка дома“ на скапоцениот „океан од пораки“, кој е наш најдрагоцен „трезор“. Да се отвори тој „трезор“ или таа прескапоцена „колекција“ е можно само преку – дијалог. Проектов отворено ги стимулира дијалогичноста, комуникативноста, полисемичноста.

Затоа, преку разговор со најголемите „брендови“ на македонската култура, сакавме да отвораме теми, да ги продлабочиме досегашните сознанија, ставови и размисли на творците за најрафинираните и најсуптилни прашања од нивната креација, културата на умот, аксиолошките системи, културниот амбиент, како и за најсуптилните прашања за феномените на творење, за чудните неоткриени најпродлабочени процеси при екстериоризација на уметничкото дело, за рецепција на културните факти, итн.

„Зад“ тоа е потребата да се навлезе во најтајните и скриени „процеси“ на самиот креативен чин, преку прашувалница – да се „осветлат“ авторските оригинални теории на уметноста и на културите, како и да „раздени“ филозофијата на културата на умот.

Но, „Разговорница“ е дом и на човечкото, интимното, топлото. Таа е и разговорница на срцата, оти во срцевината на „Разговорница“ –

се и разговорите на срцата. Раскошно се отвораат моите велики разговорничари – за сите интими: не само творечки, туку и човечки, сечовечки... Оти „Разговорница“ ја засега не само мега-драмата на океанот, туку и микро-драмата на солзата, кога се прашува: „Кога драмата на солзата е, исто така, драма на океанот?“

„Разговорница“ е огромна прашувалница, детски љубопитна. Таа сака да знае „за“ уметноста, но и за „зад“ уметноста, онаму каде што само со Вас, драги мои разговорничари можеме да отпатуваме заедно. А уметноста на прашувањето е вистинско задоволство во сопствените раце. Уште поголема радост е кога „над“ прашувалничкиот свет, раскошно „растат“ нови и нови прашања. Така расте и „Разговорница“.

Дијалозите имаат потреба јавно да го „разбудат“ дијалогизмот, не само меѓу разговорничарите, туку отворено да го симулираат и „ослободат“ внатрешниот, „невидлив“ дијалог – „внатре“ во разговорничарот: во писателот, музичарот, филозофот, уметникот... но и да поттикнат полилогија меѓу: прашувачот, прашуваниот разговорник, гледачот или читателот.

Во „Разговорница“ сме блиску, оти сме заедно. И гледачите и читателите и прашувачите и прашуваните.

ШТО ДОБИВМЕ СО ЖАНРОТ РАЗГОВОР?

Отворање

Жанрот разговор е податлив бидејќи преку него поетите и уметниците се отвораат како никогаш дотогаш. Тие кажуваат нешта што дотогаш никаде не ги кажале. Особено во ТВ-медиумот, во разговори кои без престан течат, како да е емисија во живо, добиваме вонсериска можност за запис на тие спонтани дијалози.

“Клучеви“

Треба да имате повеќе “клучеви“. И за секого се различни. Не се “отвора“ секој соговорник исто.

Некогаш треба соговорникот со добар вовед да го воведете во тема, оти таа бара раскошен “влез“, а некогаш треба брзо и нагло да прашувате. Моите разговорничари, каде и да ги „фрлите„ во “ладна вода“, тие веднаш, како од пушка одговараа.

Некој е многу ефикасен при брз дијалог, а некој има побавно темпо на изразување.

Јас им ги поставував прашањата како стрела.

Провокација

Моментот на провокација е многу важен. Треба да го испровоцирате соговорникот. Треба да „излезе„ од себе и пак да „влезе„. Некои од нив, искрено ми признаа дека добро „се испотиле„ додека одговарале на прашањата за време на емисијата.

Јас постојано ги провоцирав со такви прашања. Крајно необични и верувам оригинални. Обично сите ме прашуваат од каде ми доаѓаа прашањата, кои задираат во филозофија на уметноста и креацијата, но и во филозофија на животот, љубовта, светот...

Изненада

Најдобри резултати се добиваат кога соговорникот не ги знае прашањата. Моите разговорничари не знаеа ниту едно прашање, но беа брилијантни во одговорите. Природно беа изненадени и затоа одговорите беа свежи, природни и ненаместени.

Автентичност

При преточувањето и конзервацијата на ТВ-разговорите – во текст за книга, се трудев разговорите да ја зачуваат својата автентичност, изворност на дискурсот и авторската оригиналност на разговорниот стил. Притоа, неизмерно се наслаадував од откривањето бесценет непресушлив „рудник“ на мудрости, знаења, пораки, мисли, кои сè уште патуваат кон мене...

Разговорите во книгата се наполно автентични. Авторскиот стил, стилемите, дискурсот, изразот – се наполно автентични и оригиналани. Ништо не е променето.

Великиот Гане Тодоровски е дословно цитиран во овие разговори, со сите прекрасни стилеми на неговиот автентичен говор. Вонсериски е неговиот разговорен стил, кој од оваа емисија, остана за навек во книга.

Ферид Мухиќ, во таа насока, блескаше од врвна филозофска мисла, која има голема и оригинална специфика – поетизирана

филозофија. Оти тој е поет – во душа. А наповторлив оригиналник – во нашата "Разговорница".

Стилот на Плевнеш е преполн со раскошни дигресии. Ќе започне со некоја тема, па ќе ја поврзе со далечна епоха или ќе вметне некои богати фус-ноти, кои се всушност приказни во приказни. Но тие сепак, одлично се преплетуваат. Тој, на пример, како разговорничар или соговорник – оди во хоризонтала. Тоа е уметност на дигресиите, но тој знае и да ги "распламти", да ги "вивне", но и да ги „насочи„ каде што треба, за да потоа успешно резимира и виртуозно да поентира.

Разговорниот стил на Горан Стефановски, на пример, е крајно конкретен, концизен и јасен, какви што се и неговите реплики. Ефектен е таквиот говор и затоа има одлична и непосредна комуникација и со поширокатa телевизиска публика.

И виртуозот Трајанов уживаше во можности на нашиот ТВ-дијалог. Тоа беше взаемно уживање поради блискоста на темите: музика, филозофија на музика, толкување на уметноста.

Венко Андоновски навистина е брилијантен разговорничар. Прекрасно беше расположен да ни се доближи, да толкува, да растолкува и да открива со нас. Настроен да објаснува, раскажува, расмислува... Но и да чувствува. Тој чувствува и во емисија. Така чуствуваме и ние.

Раритетни разговори

За некои од нив, како на пример Гане Тодоровски, тоа беше прва целосна ТВ-емисија на негови години. Личното признание на Тодоровски дека сака на историјата да и остави ТВ-разговор токму со мене, за мене е највисока чест и привилегија.

И Горан Стефановски многу ретко прифаќал ваков тип на дијалог.

Плевнеш пак, не можете да го начекате во Македонија, оти постојано е во светот. Трајанов е на оперските светски сцени. Андоновски и Мухиќ, исто така. Горан живее во Англија. Сите разговорничари постојано беа зафатени со некои проекти, тоа се хиперактивни и хиперкреативни творци.

Историска вредност

Моите шестмина разговорничари се отворија и во разговорите постигнаа историска вредност. Некаде тоа звучи – мемоарски, некаде како приказна со примери, некаде како поука, некаде како филозофема,

филозофско размислување, некаде како чиста теорија на уметност или филозофија на уметностите, а некаде како аманет или како глас на совеста.

На пример, националниот уметник местро Борис Трајанов, кој е светски оперски баритон и Амбасадор на УНЕСКО, ми се заблагодари оти сум го прашала нешто што досега никој не го прашал. Го прашував суптилни прашања од филозофија на музика и филозофија на уметност. Го поттикнував тој да ги објасни својите сфаќања за уметноста. Тој успеа во тоа. Интересен ми беше оти има највисоко образование во две дисциплини – оперско пеење и математика. Музиката е неверојатно блиска до – математиката. Тоа беше голема и одлична тема за разговор со него.

И во тој домен, Гане Тодоровски ми даваше генијални одговори. Дури и на крајно необични прашања, од типот: „А на што е мајка поезијата?“

Од историска вредност се одговорите на сите мои величествени разговорничари. “Разговорница“ е вонсериски “трезор“ на *Ars Poetica* вистини, но и на толкувачки “дијаманти“, раритетна колекција на теории, сфаќања, но и исповеди и признанија.

Историска вредност имаат овие разговорници поради пораките, исповедите, размислувањата, аманетите кон родот свој, семето свое, потомците кои допрва ќе дојдат...

Така и ги подготвив моите разговорничари – да се обраќаат како еднаш на векот, како кога ќе не нема...

Ниво

После емитувањето на ТВ-проектот во 2007 година, веднаш добив понуда за снимање на ваков ТВ-проект од неколку најгледани телевизии. Но, верувајте толку бев преполна со впивање на знаења, податоци, што морав да направам – дистанца.

И важно во сето тоа е – нивото. Почувствував дека не смее да падне нивото.

Природност, непосредност

Само во непосреден разговор човек може да се отвори крајно искрено. Приспомнете си незаборавни мисли и исповеди кои ги паметиме за навек. Тоа е бескрајно драгоцено и тоа сака “Разговорница“ да го спаси од заборав.

Научна мисла

Од разговорите излегоа и – чисти дефиниции на теорија на книжевност – како дефиниции за жанрите, на пример.

“Жанрот е поглед на свет“ – ќе рече Горан.

Идеалот на науката е да се постигне дифиниционо мислење. А идеалот на ваквиот зафат е преку разговор да се дорасне до врвот. Златоврв. Секоја чест на моите разговорничари.

Речиси сите шест разговорничари се и – уметници на науката за уметноста. Некои од нив имаат математички ум – како Борис Трајанов кој е оперски солист, но и математичар, но и академик Гане Тодоровски како виртуозен поет знае дека врската меѓу поезијата и музиката е – блиска, но и врската меѓу музиката и математиката – е тесно поврзана.

Гане Тодоровски ги кажа најважните, дури аманетни нешта за дадена култура, за дадена литература и за цели книжевни процеси, епохи и појави. За нас, за нашето Македонствување. Како врвен историчар на уметност, тој во само неколку реченици даде неоколку големи слики и неколку крупни, капитални оценки за цели литературни епохи, настани, феномени. Тој фасцинантно и неповторливо се отвори и за *Ars Poetica* процесите.

Венко Андоновски, на маестрален начин говореше за многу важни теми, и воедно даваше нови насоки на мислење, како што се максимите: “Животот да се чита, а делата да се живеат.“ Но, и неговиот дискурс, не можеше да ја сокрие потреба од создавање на теории на уметностите. И тоа вонсериски. Капитални.

Сотворители, создавачи на теории на уметностите – врвни мислители и промислувачи на креативните процеси – се сите мои вонсериски разговорничари.

Монументални во својот зафат.

Филозофија на уметноста

Најфилозофски настроени во моите разговори беа – филозофот и поетот Ферид Мухиќ и писателот и теоретичарот Венко Андоновски.

Но, како ќе ја препознаете филозофијата во разговорите? – Знајте, прашањето „зошто„ – води кон филозофија.

А штом сме блиску до некое длабинско толкување – тоа веќе е – интерепретација на уметничко дело или – херменевтика. Херменевтика е една од дисциплините во кои јас уживам и ги предавам на факултет, покрај Теорија на литература, Реторика и стилистика, Херменевтика и стилистика, и др.

Речиси сите шестмина разговорничари, во својата херменевтика беа длабоки и исцрпни како скапоцен „рудник„. Велам – *авторска херменевтика* – оти сите тие имаат свои изградени системи на вредности – аксиологии, но и далеку повеќе од тоа – имаат свој систем на авторско размислување и толкување, своја поетика, теории и концепти на мислење.

“РАЗГОВОРНИЦА“ Е ПЛОД НА...

Тимска и индивидуална работа

Телевизиската „Разговорница“ е плод на огромни подготовки. Уживав во повеќемесечните подготовки, во сериозната и професионална реализација и во полифоната долготрајна монтажа и постпродукција на проектот. Ѝ благодарам на целата ТВ-екипа.

Љубопитност

... Непресушна љубопитност – таква сум. Се ме интересира. И поширок спектар на знаења или искуства. Од дете бев многу љубопитна и постојано ги прашував моите родители и сестра ми, а и повозрасните.

А вакви раскошни и брлијантни разговорничари – човек само на сон може да посака. Верувам, но и знам дека и во вашите култури и литературни и творечки традиции има такви формати, од рангот на овие великани. Посакувам да направам и меѓународен проект со странски писатели, уметници и научници. Или пак со уметници од други сфери, не само од литературата – музика, филм и итн. Но, сепак ретки се таквите како моите шест разговорничари.

Посветеност, напор и влог

Но, не е се лесно како што можеби изгледа на ТВ-емисиите. Мојот влог во емисиите беше повеќемесечен, интензивен и систематичен. Всушност, тоа беше надградба на моите дотогашни знаења за моите пребогати полиграфи – кои сум ги студирала и проучувала со години. На пример опусот на поетот Гане Тодоровски – сум го проучувала две децении и тоа со посебна посветеност. Супспецијалистичка. Навистина треба долготраен процес на истражување и наука – за да се осмелите да разговарате со овие формати.

Но, и по снимањето, на постпродукција, со месеци работевме со екипата.

Верба

Во сето тоа, многу е важна вербата во проектот. Длабоко верував во проектот.

Таква сум. Ако сите гледаат *прозорец* – јас гледам *врата!* И тоа што ќе го замислам – секогаш го остварувам.

Затоа, ви препорачувам – само напред! Ако некогаш посакате да остварите ваков проект, тогаш знајте, дека со голема волја и огромна исцрпна работа – ќе можете да ја постигнете својата цел. Впрочем – и изучувањето на странски јазик, како македонскиот е голема и важна мисија во вашиот живот – и тоа е еден живот плус. Живот во живот. Живот на друг јазик. И секако изучувањето на некоја литература и култура е голема мисија.

Секоја чест што ги учите македонскиот јазик и литература. Јас ви благодарам за тоа.

АНЕГДОТИ ЗА ВРЕМЕ НА СНИМАЊЕТО

Беше навистина интересно, додека со професорот Ферид Мухиќ снимавме во прекрасниот амбиент на ресторанот „Елкабон„ во село „Волково„, Скопско, кој има преубава ергела со коњи, каде што познатиот македонски режисер Милчо Манчевски снимаше дел од култниот филм „Прашина„, се случи една симпатична епизода – едно големо расно куче, ни се приближи и се привлече кон Мухиќ. Се вмушна во неговите нозе. Мухиќ е познат љубител на животни, и како што вели тој во емисијата: „И јас си се занесувам дека и планините и мене ме сакаат, а не само луѓето и животните„. Така и големиот и расен пес му се приближи и клекна под неговите нозе. Сето тоа беше симпатично и пријатно.

Но, додека ние разговничаревме, задлабочени во длабоки филозофски теми, одделнаш тонецот, легендата Бакли ни јави да прекинеме. Сите се изнадивме, оти немавме никаков застој во разговорот. Тој ни јави дека ние и не сме чуле колку гласно песот почнал - да рчи!

Потоа сите слатко се изнасмеавме.

Имаше и уште анегдоти од снимањата, но сега немаме време за сите.

ЗОШТО СЕ УБАВИ ПРАШАЊАТА?

Прашањата се убави, не само затоа што даваат одоговори, туку и затоа што поставуваат – нови и нови прашања. Тие отвораат. А тоа е одлична перспектива.

Драги семинаристи,

Ве препуштам на Саминарот и на сите убави случувања и анегдоти, по кои ќе го паметите овој незборавен настан во животот...

Уживајте во Охрид... и разговорничарете си...

Људмил Спасов

ЗА МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА АЗБУКА И СОВРЕМЕНИОТ ПРАВОПИС НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

0. На почетокот на овој текст ја кажувам мислата на М. Самарџија, која воедно е и мото на овој текст:

..може да се заклучи дека 19 век навистина беше (дури и наспроти на романтизмот - непоетско?) век на големи промени: во политиката, општествените односи, економијата, трговијата, правото, науката/-ите, уметноста/-тите, литературата, модата... А сите овие промени во вонјазичката стварност, според природата на нештата, не можеа да не остават трага во европските (литературни) јазици, преку нивното постојано стивање пред предизвиците на новите комуникациски потреби и пред предизвиците за доградба на нивната полифункционалност (Samardžija, 2014: 7).

1. Целта на ова излагање е да покаже:

- Дека во македонската средина се одвивале напоредни процеси во однос на јужнословенската средина во однос на графиските и ортографските решенија, независно од тоа дали во една средина „победува“ латиницата, а во друга „кирилицата“.

- Независно од тоа дека расправиите во врска со решавањето на графиските и ортографските прашања во нашата средина се одвивале на моменти мошне хаотично, сите тие расправии се сведуваат на едно: истакнување на македонската посебност во рамките на јужнословенската и/или словенската заедница (Sebba, 2007: 35-49).

Македонската средина такви расправии имаше во втората половина на 19 век во текот на процесите за решавање на словенското („бугарското“) јазичко прашање во Царството Турција (да ја земеме како пример дискусијата на Партениј Зографски, кој докажуваше дека македонскиот јазик, односно западномакедонското дијалектно подрачје

е „помилозвучно“ од источнобугарското дијалектно подрачје и токму затоа тоа треба да биде основа на идниот заеднички јазик на Словените во турското царство (Спасов, 2005: 31-48).

Колку ни е познато, македонските интелектуалци од она време повеќе преку практика, отколку преку теорија ги решаваа графиските и ортографските прашања.

- Македонските интелектуалци, го минуваа хронолошки истиот и/или сличниот пат во однос на изборот на графиските и ортографските решенија, како повеќето јужнословенски интелектуалци: најнапред употребуваа морфолошки правопис, а како реакција на тоа, му се приклонија на фонолошкиот правопис, за, на крајот, да го прифатат умерено морфолошкиот правопис во кој фонолошките решенија се прифаќаат токму таму каде треба да се изјасни фонотактичката посебност на јазикот во однос на другите јужнословенски јазици (за хрватскиот јазик, сп. Brozović, 1985: 1-15; Ćužić: 2014: 93-110).

- За разлика од прифаќањето на морфо(фоно)лошките решенија предложени за некои (јужно)словенски јазици (хрватскиот, словенечкиот, донекаде и словачкиот) преку кои се е истакната гласовната (правописната) посебност на споменатите јазици, во македонскиот случај поширокото прифаќање на фонолошките решенија ја истакнува гласовната (правописната) и изговорната (правописната) посебност на македонскиот јазик.

- Во оваа пригода со цел да ги назначам блиските врски меѓу (јужно)словенските интелектуалци, во рамките на словенското движење во 19 в., давам еден пример:

Константин М. Петковић (Спасов, 2005: 348-349) му ја има подарено својата книга *Борис* (1853) на хрватскиот преродбеник Иван Кукуљевиќ Сакцински (Ivan Kukuljević Sakcinski) со следниве зборови:

Gospodinu I. Kukuljeviču

Sakcinskome u znak

visokog štovanja i bratske

slavjanske ljubve.

U Carigradu 10/22 juna 1853.

2. Во текот на 19 в. се создаваат различни решенија во изборот на буквите, додека одделни правописни избори не се сметаат само како

решенија за практиката, па така во графиските и ортографиските решенија почнуваат да се гледаат различни национално-политички определби. Кажаното важи, помалку или повеќе, за целата јужнословенска заедница. Политичката опција во она време беше: да се создаде јужнословенско заедништво, културно и јазично, при што се издвојуваат два пола: словенечки-хрватски- српски и македонско-бугарски, спротивставени на австро-унгарското и руското влијание. Инспирацијата за ова бездруго идеше од полската и чешката средина. Јужнословенската идеја имаше и поинаков лик, а тоа е наметнувањето на српскиот јазичен идиом на поширокото јужнословенско подрачје, а ова можеме да го видиме во делото на Иван Гарашанин, планот *Начертаније* (1844), како и преку некои идеи на Вук. Слични идеи за словенечката, хрватската и српската средина застапуваше и раната славистика преку трудовите на Добровски (Dobrovski) и Шафарик (Šafařik) .

Без сомнение, чешката преродба (крај на 18. и почеток на 19 век) е она клучно политичко културно движење како поттик во решавањето на јужнословенските јазични и правописни прашања, создавајќи модел на морфолошко, односно „етимолошко“ пишување. Следниот чекор е приклонувањето кон фонолошкото (фонетското) пишување, повторно со јасна цел за истакнување на националната и јазичната самостојност. Изборот на буквите произлегувал од потребата точно да се означат гласовите на еден јазичен идиом, како и од потребата точно да се означи изговорот на зборовите.

Мораме да имаме предвид дека реформата на српскиот јазик и правопис на Вук Караџиќ им дава поттик на овие процеси, особено затоа што таа била поддржана од авторитетите на славистиката како што се Копитар, Браќата Грим и другите. Но, од друга страна, постојната црковнословенска писмена традиција, како и современиот руски литературен јазик, прават отпор во однос на фонолошкото пишување, преферирајќи морфонолошко пишување.

3. Кај јужнословенските народи што се служат со латиница, пристапот кон правописот има опфатено две компоненти: илиризам (како културно движење наменето за сите Јужни Словени) и „преродба“ која се остварува во национални рамки.

4. Во однос на јужнословенските народи кои ја употребувале кирилицата (денешните Срби, Црногорци, делумно - Хрватите, Македонците и Бугарите), ситуацијата била мошне сложена. Најнапред кај Македонците и Бугарите се има појавено конкуренција во изборот

меѓу алфавитот и кирилицата (Detrez, 2008: 151-175). Пишувањето со грчко писмо го помогнало воведувањето на фонолошкото/фонетското пишување, бидејќи едноставно не постоела потреба за „етимологизирање“ на правописот (Конески, 1993: 9-32).

5. Вуковата реформа на српскиот јазик и правопис имала влијание и кај Македонците и кај Бугарите. Така на пр. бугарскиот преродбеник Иван Добровски во списанието *Мирозвениа* (1850) предлага фонолошки принцип на правописот на бугарскиот јазик, но овој предлог наидува на жестоки критики кај некои бугарски преродбеници.

6. Да се потсетиме: македонската азбука е озаконета на 3 мај, а е усвоена на 5 мај 1945 г., додека македонскиот современ правопис е озаконет на 7 јуни 1945 г. Македонските правописи од 1945., односно 1950 г., вториов со правописен речник од околу 6000 збора (Блаже Конески и Крум Тошев), воведоа современи кирилски графиски и фонолошко-ортографски решенија за македонскиот јазик (Spasov 2008: 403-431). Натаму, во 1969 г. излезе од печат „Правопис на македонскиот литературен јазик“ (без правописен речник) од Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев и Р. Угринова-Скаловска. Овој правопис од 1970 г. имаше, без измени, уште две изданија (1979, 1986). Во 1994 г. излезе „Правописот на македонскиот литературен јазик“ (со правописен речник, околу 30 000 збора) од Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев и Р. Угринова-Скаловска, подоцна печатен во 12 изданија со мали измени и дополнувања. Во 1998 г. излезе од печат подновено и изменето издание на „Правопис на македонскиот литературен јазик“ под авторство на Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, Р. Угринова-Скаловска кое има доживеано повеќе изданија, речиси без измени. Во 1999 г. излезе од печат Правописниот речник од Кирил Конески со над 42 000 збора. На крајот на 2015 г. во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје, излезе од печат новиот (овојпат) *Правопис на македонскиот јазик* (редакција и јазично уредување: Живко Цветковски, Снежана Веновска-Антевска, Симона Груевска-Маџовска, Елка Јачева-Улчар, Симон Саздов со повеќе соработници).

7. На крајот, во заклучок, треба да се истакне следново:

8.

- Прашањето на азбуката (изборот на буквите) и создавањето на правописот за еден јазик, е сложено прашање од најмалку две причини: лингвистичка и политичка.
- Решенијата за азбуката и за правописот на еден јазик имаат за цел да ги изделат јазиците, особено сродните, или, пак, да ги приближат јазиците.
- Околу сите можни решенија се развивале дискусии во кои „сите имаат право“ и „сите немаат право“. Компромисот обично се наоѓа во начелото дека „традицијата претставува задолжение“.
- Во македонскиот случај „фонолошките решенија“ ја истакнуваат посебноста (Крсте Мисирков), додека претходните „морфолошки решенија“ (Константин Петковиќ) ја означувале блискоста на Словените воопшто, како и на Словените во Турското царство.
- Сепак, мора да се истакне дека „чистиот“ фонолошки правопис не е прифатен како крајно решение, туку е прифатен умерено фоно-морфолошки правопис (Конески - Тошев).

ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА:

Brozović, Dalibor, „Jezična i pravopisna previranja u Hrvatskoj na prijelazu iz XIX. u XX. stoljeće (O jednom razvojnom zaokretu u hrvatskome književnom jeziku“, *Jezik*, god. 33, 1985., br. 1, c. 1-15.

Ćužić, Tomislav, „Morfološki aspekti pravopisne norme“, *Rasprave Časopisa Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje*, 40, 2014., br. 1, c. 93–110.

Detrez, Raymond, „Език и литература в “ромейската общност“, воEzik i literatura v “romejskata” obšnost”, во: *Tożmość a język w perspekzwie slawistzcynej*, Uniwersytet Opolski – Institut Filologii Polskiej, Opole, 2008., c. 151-175.

Конески, Блаже, „Македонскиот литературен јазик“, во: *Реферати на македонските слависти за XI меѓународен славистички конгрес во Братислава*, МАНУ, Скопје, 1993, с. 9-32.

Samardžija, Marko, *Hrvatski jezik u stoljeću velikih promjena,* Vlastita naklada, Zaprešič, 2014.
Sebba, Mark, „Sociolinguistic approaches towriting systems research", *Writing Systems Research,* Vol. 1, 2009., No. 1, c. 35-49.
Спасов, Људмил, *Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик - Бојата на јазикот, дел 1*, Култура, Скопје 2005.
Spasov, Ljudmil, „The Konikovo Gospel in Macedonian Cultural History", во: *The Konikovo Gospel – Konikovsko Evangelie: Bibl. Patr. Alex. 268 (Commentationes Humanarum Litterarum 125),* Societas Scientiarum Fennica, Helsinki, 2008., str. 403-431.

Марко Китевски

КОН ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР

Македонските народни умотворби, особено народните песни, надалеку се познати по своите уметнички вредности. Многумина патописци што минувале низ Македонија се воодушевиле од песните и ората, па Македонија ја нарекле земја на песните. Но не само песните, туку и приказните, пословиците, гатанките, потоа ората, носиите, обичаите и другите форми на духовната и материјалната култура не ги оставале рамнодушни оние што на каков било начин доаѓале во допир со нив. И денес не можеме да останеме рамнодушни пред некои народни умотворби создавани пред повеќе децении, па дури и векови. Н# возбудува опевањето на некои душевни состојби што ја допираат и нашата душа, или на некои општествени состојби што и денес се актуелни.

Честопати се прашуваме, како можел народ, за кој велиме дека, (во тоа време), бил без услови за образование, да создаде такви совршени литературни форми на кои можат да им позавидат и најголемите мајстори на литературата. Причината, секако, е во талентот на поединецот и искуството на колективот. Во своите записи Марко Цепенков истакнува дека „имат селани у нас бескнижни, ама поеќе знаат од попот што му попуат в село.“[10] Истакнувајќи дека „мнозина старци (најпоеќе овчари) и старички знаат за времето какво ќе биди, кое од имањето, кое од дрвјата и од други многу работи“, Цепенков посебно го споменува еден овчар – Мариовец, кој можел да го предвиди времето за целата година. „Тој стар овчар од Мариоо ет и мариоска глаа носит. Тој приказуал оти земјата се вртела, а не сонцето да одело, како што веруаат учените. Од многуте години што живеел по планиње и гледајќим во небото и sвездите, тој мислел оти земјата се вртела“. Многумина учени „на чудо станале од чуднио и силен ум на еден овчар Мариоец, што сетил многу небесни и земни тајни работи“. Ете затоа велиме дека во народните умотворби е содржан целиот живот

[10] Марко К. Цепенков, *Народни верувања, Детски игри*, книга деветта Скопје 1972, 8.

на народот, целото негово многувековно искуство, целата негова филозофија.

И Константин Миладинов запишувајќи ги народните умотворби, селектирајќи ги и подредувајќи ги уште многу одамна можел да констатира дека „Narod-otq na[q vq najgolema-ta prostota razvilq vq sebe si bo/eva-ta umstvena darba, toj =rezq zemeledelœe-to pribli/enq do priroda-ta, /ivxt vq `sekoga[ni sno[enœx so nea, taka da re=ime, s‹ razgovorvit so nea, se odu[evlxvat otq nea, i cqrpitq tie bogati izrekvenx, koi taka sиlno pora/avaet nasq so neobiknovenata imq hubavina i virazitelnostq.“[11] Ете затоа велиме дека ако добро се прочитаат „малите приказни голем ум даваат“, како што луцидно запишал споменатиот Марко Цепенков.

Познато е дека македонскиот народ долго време бил под ропство. Разни освојувачи го окупирале, го ограбувале, вршеле денационализација, па така тој само во соништата и во народните умотворби го имал тоа што го сакал. Само тука можел да ги разгрне своите чувства, да им даде слобода на своите скриени желби и стремежи, да ги реализира своите творечки дарби и да создаде уметност за восхит. Проучувајќи ја македонската народна песна, Рацин можел да дојде до заклучокот дека „сето она што не можело во животот слободно да се каже, она што требало да се премолчи, сето она што морало да се преживее во себе го нашло своето место во песната.”[12] Во годините на ропство народот мечтаел и пеел за слободата, во услови на сиромаштија сонувал и пеел за куќи високи и дворови широки (*сношти сум мајко сон сонувало,/ сон сонувало јад јадувало,/ дек сме имале куќи високи, / куќи високи, дворови широки*), во услови на патријархален морал се сонувало и пеело за слободна љубов (*на сон дојдоа три луди, / три луди млади момчиња, / први ми даде јаболко, / втори ми даде злат прстен, / трети ме мене целува)*, итн. Така, создавани во исклучителни услови, пренесувани од генерација на генерација до наше време останале овие бисери, рожби на народниот дух. Затоа „песната на Македонија е нејзина молитва, огледало на нејзината душа и нејзина воздишка“, како што луцидно вели големиот поет Кочо Рацин.

И еден друг одушевен вљубеник во македонската народна песна, нејзин собирач и афирматор, скопјанецот Јосиф Чешмециев, кој запишал пообемен фонд народни песни, искажал слични сознанија. Во

---

[11] *Български народни песни* собрани од Братя Миладинови Димитрия и Константина и издани од Константина въ Забребъ 1861. с. VII. (Фототипно издание „Култура“ Скопје 2000, предговор Марко Китевски)

[12] Кочо Рацин, *Стихови и проза*, уредил Александар Спасов, Скопје 1966, 255.

една пригода запишал дека „ние Македонците без песна не можеме“ за натаму согледувајќи ги покомплексно околностите во кои се раѓала и живеела песната да истакне дека „ние Македонците немаме пирамиди и свинги, нашата родина не е украсена со палати и материјални споменици, но има нешто кое ниту вековите, ниту природните стихии, ниту демонската рака на поробувачите не можат да го разурнат. Тоа е духот, самобитниот, револуционерниот дух на Македонецот и безграничната му љубов кон родната стреа, гори и планини и кон родната култура. Таа нескршлива сила е излеана во единствениот паметник - народната песна, најбогатото и најценето наследство, останато од минатиот живот и култура на Македонецот, зачувано до денес.“[13]

Навистина, што може да направи песната, особено во години на премрежиња на еден народ, колку може таа да го крепи духот на народот во услови на ропство. Забележани се повеќе сведоштва од нашето минато кога во најтешките моменти токму песната го хранела оптимизмот на народот.

Народните умотворби го содржат целиот живот на народот. И македонските народни умотворби пеат и раскажуваат за сите аспекти на животот на македонскиот народ, ги опфаќаат неговите главни занимања земјоделството и сточарството, но и занаетчиството, печалбарството итн. Голем е бројот на народните умотворби што се однесуваат на повеќевековната борба за слобода, разни окупатори, но и голем број народни синови што ги жртвувале сопствените животи во одбрана на честа и татковината. Затоа како што мудро запишал К. Миладинов во предговорот на својот зборник „Narodni-te p‹sni se pokazalwka na stepen-otq odq umstvenoto razvitœe na narod-otq, i ogledalo na negovi-otq /ivotq. Narod-otq vq p‹sni izlivat =uvstva-ta si, vq nihq uvekove=vitq /ivot-otq mu, i davne[ni-te mu podvigi, vq nihq nahodvit du[evna hrana i razvle=enœe; za tova vq /alwba i vq radostq, na svadba i horo, na /etva i grozœebranœe, na vezenœe i predenœe, po pole i po gori,]edro izlivatq p‹sni-te, kako od bogat izvor; za tova mo/it da s‹ re=itq, =e narod-ot œe ’sekoga[enq i velik p‹vecq.“ Но кога се имаат предвид некои примероци народни умотворби коишто ги задоволуваат вкусовите и на најголемите книжевни и музички гурмани очигледно е дека нивните творци биле со позавидно образование, гледано и од книжевен и од музички аспект.

[13] *Българcки македонcки народни пѣcни отъ* Йосиф Чешмеджиев, София 1926, 6.

На теренот на Македонија се среќавале многу народи, многу цизилизации, многу култури. И сите тие оставиле траги во животот на многу генерации кај нашиот народ, а со тоа и во нашето народно творештво. Во книгата „Дела на светите апостоли од светиот апостол Лука“ што е дел од Светото писмо, се истакнува дека кога светиот апостол Павле се наоѓал во Триада една ноќ имал видение: „...стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: 'Премини во Македонија и помогни ни!' По тоа видение веднаш посакавме да тргнеме за Македонија, бидејќи разбравме дека Господ н# повикал тамо да го проповедаме Евангелието“ (Дела 16-9, 10). Како што стои во ова сведоштво една богобојазлива жена од градот Тиатир, по име Лидија, прва се покрстила заедно со своите домашни, а потоа ги поканила апостолот и неговите соработници во нејзиниот дом. „Ако сте ме признале за верна на Господа, тогаш влезете и живејте во мојата куќа“ (Дела, 16-15), им рекла таа. Потоа и многу други жители од овој град биле покрстени со што се родила првата христијанска општина во Европа.

Затоа може да се рече дека Македонија е вратата низ која христијанството влегло во Европа. Во Македонија тоа ги совладувало првите тешкотии, се судрувало со старите паганси обичаи и верувања. Тука се добиени првите битки во походот кон Европа и светот. Секако, не било лесно да се победат старите верувања и суеверија. Битката меѓу старите наследени традиции од една страна и новите правила на живеење што ги наметнувало христијанството, од друга страна, била долга и трае до денес, што значи цели два милениума. Така и денес во македонските обичаи, но и во народните умотворби, среќаваме повеќе слоеви на народната култура, а христијанството го зазело доминантното место. Исус, Христос, Пресвета Богородица, свети Никола, свети Илија, света Недела, света Петка и други ги зазеле местата на старите божества и во верувањата и во народните умотворби.

Кога се имаат предвид високите уметнички вредности на нашите народни умотворби не е ни чудно што со нивно запишување и истражување се занимавале познати имиња од целиот свет, како во подалечното така и во поблиското минато. А, тоа што овие вредности долго останале непознати и неафирмирани во европската и светската културна јавност се должи, пред сè, на фактот што во 19 и првата половина на 20 век Македонија беше под ропство на разни освојувачи, па и своето народно творештво Македонците не можеа да го афирмираат под своето национално име. Објавувани во разни културни центри надвор од Македонија (Софија, Белград, Москва, Петроград,

Пловдив, Одеса, Прага и др.) овие народни умотворби го носеа и туѓото национално обележје. Дури по Втората светска војна македонскиот народ создаде услови да го афирмира своето народно творештво под своето национално име. Тогаш започна и вистинскиот и нагорен развој на македонската наука за фолклорот, иако нејзините корени датираат од многу поодамна.

***

Денес е тешко да се каже какви биле народните умотворби на овој терен многу поодамна зашто не постојат пишувани споменици од тоа време. За прво сведоштво за постоење на народни песни кај Јужните Словени истражувачите го сметаат записот на Теофилакт Самокат, византиски писател од VII век, кој тврди дека Словените биле наоружени со китари и дека играле на лири. Т. Самокат забележал дека во 592 година во Тракија, кај императорот Маврикиј, дошле тројца Словени, коишто наместо оружје носеле музички инструменти. „Другиот ден беа удостоени со царска милост тројца мажи од словенскиот род. Тие не беа облечени ниту во железо, ниту со некое друго воено оружје. Единствен нивен товар беа китарите, друго ништо не носеа со себе си. Тие изјавија дека се Словени и се наоружени со китари зашто не биле научени да носаат оружје и зашто во нивната татковина не знаат за железо, поради тоа нивниот живот бил мирен и спокоен и ако дрнкаат на лира, тоа го прават зашто не знаат да свират со воени труби.“[14] Ватрослав Јагиќ, кој го објавил овој запис, смета дека тие китари, всушност, биле јужнословенските гусли.[15]

Како сведоштво за постоење народни умотворби на овој терен нешто подоцна можеме да го земеме и предупредувањето на Константин Филозоф искажано во „Поучителното евангелие“ (IX век) упатено кон верниците да се пазат од бесовски песни. И во „Беседа против Богомилите“ (X век) Презвитер Козма жестоко ги напаѓа оние што пијат вино со гусли, со тацни, што пеат бесовски песни, што е исто така, сведоштво за постоење на богат фолклор. „И навистина, не им прилега да се нарекуваат христијани на тие кои вршат такви дела. Зашто не можат да се христијани, штом кога пијат вино со гусла, ора и демонски песни, веруваат во средби и соништа и во секакви сатански учења“.[16]

И византискиот патописец и дипломат Никифор Грегорас кој во 1325/26 година како дипломатски претставник патувал низ Македонија

[14] Петър Динеков, *Български фолклор*, част първа, София 1990, 166.
[15] В. Јагић, *Грађа за словинску народну поезију*, Рад, Загреб, 1876. књ. 37.
[16] Илија Велев, *Беседа против Богомилите на Презвитер Козма*, Скопје 2011, 107.

и Србија оставил запис за постоење епски песни кај словенското население во Македонија. Во Струмица групата престојувала еден ден и од тврдината гледале како населението со песни и ора го прославувало празникот Велигден. Опишувајќи ги искушенијата што ги доживеал при патувањето низ овие краишта Грегорас забележал дека придружбата пеела песни во кои ги славела подвизите на некои свои јунаци. „Но ете срцето ни се свитка, требаше да врвеме по тежок пат, чиј што крај не се гледаше. Навлеговме во густа непроодна гора полна со ровови и опасности и веќе не обрнувавме внимание дека си ги кинеме обувките и облеката од гранките и дабовите, а гледаме само да си ги заштитиме очите зашто гранките и дабовите н# шибаа по лицето. Откако ги оставивме уздите и камшиците, со кои ги теравме коњите, гледавме само да ги држиме рацете пред очите. А за тоа време послугата, што н# спроведуваше, како да не се грижеше многу за опасностите, кои ни се заканувааа, започна да пее жалосни песни и во нив да ги прославува подвизите на јунаците, за кои ние само слушавме, без да сме ги виделе. Доловите и клисурите на околните планини како да се воодушевени ги поземаа гласовите на пејачите и ги повторуваа еден по друг, со сета точност им одговараа на пејачите, како што се случува при групното пеење кога на запевот се одговара со припев“[17]. Сето тоа зборува за богат фолклор на територијата на Македонија во тие дамнешни времиња.

Два века подоцна (XVI век) друг патник низ Македонија, висок службеник на Римската црква, во Костур запишал извесен број зборови и реченици од секојдневниот говор на Костурчани со што го изработил и првиот македонски речник, а забележал и три македонски народни песни што претставуваат најстар запис од македонското народно творештво.[18] Овие записи што беа објавени дури во 1985 година во Париз се чуваат во Ватиканската бибилотека.[19]

Следните записи на македонски народни песни се од XVIII век и ги среќаваме во познатиот Ерлангенски ракопис.[20] Од неколкуте македонски народни песни во овој ракопис посебен впечаток остава

[17] Петар Динеков, цит. дело 169.

[18] Харалампие Поленаковиќ. Најрани бележења на македонските народни песни, *Студии од македонскиот фолклор*, Скопје 1988, 89.

[19] Ciro Gianneli - Andre Vaillant. *Un lexique macedonien du XVI siecle*, Paris, 1958.

[20] *Ерлангенски рукопис*, приредили Радодслав Меденица, Добрило Аранитови}, Никши}, 1987, 48.

песната под реден број 13. Некако во истото време во селото Гарван близу до Штип е забележан и фрагмент од една песна.[21]

Првите објавени македонски народни песни датираат од почетокот на XIX век. Записите ги направил Вук Стефановиќ Караџиќ и со нив започнува нова ера во собирањето и објавувањето на македонското народно творештво. Вук, во Виена, запишал неколку народни песни од некои Македонци, трговци од Разлог. Во својата збирка „Народна српска писмарица“ Вук ја напечати и песната „Не рани рано на вода, доз белолико“, што е и првата објавена македонска народна умотворба воопшто.[22]

Објавувајќи ја оваа песна Вук Караџиќ во забелешката соопшти дека вакви песни има уште дваесетина, но дека нема да ги објави додека не провери дали точно ги има запишано како што се пеат. Дали Вук не бил задоволен од записите или на тоа влијаеле реакциите на некои Бугари кои тврделе дека тоа не е бугарскиот јазик? Во секој случај кон крајот на 1821 и почетокот на 1822 година најпрвин во „Новине српске“ на Давидовиќ, а потоа и во засебна книшка Вук објавил уште 27 македонски народни песни од Разлог, што претставува прва помала збирка со македонски народни песни.[23]

Записите на Караџиќ предизвикаа доста реакции, особено по однос на јазикот и автентичноста на записите. Причината за овие недостатоци Вук ја гледаше во фактот што песните беа запишани во Виена, далеку од Разлог, местото каде што тие се настанати и пеани. Во таа смисла тој препорачуваше да се оди на терен и песните и другите фолклорни материјали да се запишуваат на самиот извор.

Првиот што ги реализираше овие препораки на Вук беше Виктор Иванович Григорович (1815-1876), доцент на Казањскиот универзитет, кој во 1844/45 година оствари патување низ европска Турција при што ги посети Македонија и Бугарија и запиша околу 200 македонски и бугарски народни песни од кои беа објавени само мал дел.

Кога се зборува за собирањето и афирмацијата на македонските народни умотворби во овој период не смее да се изостави името на Стефан Верковиќ, можеби најзначајната личност од собирачите на македонските народни умотворби од овој период, не само според обемот и разновидноста на запишаните народни умотворби, туку и според влијанието што го извршил и со личното укажување и со личен пример врз цела плејада македонски интелектуалци, идни собирачи на

[21] Харалампие Поленаковиќ, цит. дело, 92.

[22] *Народна србска песнарица*, издана Вуком Стефанови}ем, част втора у Виенни 1815.

[23] *Додатак к Санктпетербургским сравнительним рјечницима свију језика и нарјечија, с особитим огледима Бугарског језика*, написао Вук Стеванови}, у Бечу, 1822.

македонски народни умотворби.[24] Стефан Верковиќ го објави првиот поголем зборник со македонски народни умотворби[25] во кој објави 335 македонски народни песни од Серес и околината, но и од други краишта на Македонија со што прв го сврте вниманието на поширокатa јавност за македонското народно творештво. Тој е наречен стожер на македонската преродба, секако поради неговите врски со најекспонираните интелектуалци од тој период: Димитрија Миладинов, Кузман Шапкарев, Јордан Хаџи Константинов Џинот, Рајко Жинзифов, Димитар Поп Георгиев и др. Врз сите нив тој извршил влијание и, иако бил агент на српската влада никогаш не се обидел да врши денационализација на македонското население, туку секогаш го истакнувал гледиштето дека „Македонците се Словени, дел од големата јужнословенска гранка најмалку позната во светот".

Најзначајните резултати во поглед на собирањето и објавувањето на македонските народни умоторби се постигнати во втората половина на 19 век. Во ова време со собирање на македонски народни умотворби се занимавале, во најголем број случаи, самите Македонци, но и странци чии резултати ќе излезат на виделина нешто подоцна. Тоа беа Партенија Зографски, Јордан Хаџи Константинов Џинот, браќата Димитрија и Константин Миладиновци, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев, Наум Тахов, Васил Икономов, Панајот Гиновски, Антон П. Стоилов, Серафим Бојанов и многу други. Но, тогаш Македонија беше во рамките на Отоманската империја без свој политички, административен и културен центар па поради тоа не постоеја услови овие материјали да бидат објавени тука каде што се создадени и запишани. Затоа собирачите на македонски народни умотворби и етнографски материјали тргнаа надвор од границите на Отоманската империја и најпрвин во дневни и периодични весници и списанија како што се: „Bqlgarski kni/ici", „Сборник за народни умотворенија, наука и книжнина" (СбНУ), „Periodi=esko spisanie", „Kni/ici za pro=it", „?ivax starina", „Carigradski vesnik", „Novini" („Вести"), „Marica" и други објавија богати материјали. Особено во тој поглед предничи софискиот zbornik SbNU (1889 -), каде што беше објавен богат фолклорен и етнографски материјал од Македонија, а како запишувачи или доставувачи се јавуваат цела плејада македонски интелектуалци од сите краишта на етничка Македонија. Секако на тој план водечко место има Марко Цепенков, но не помалку се значајни и собирачките резултати на

[24] Кирил Пенушлиски, предговор во книгата: Стефан Верковиќ, *Македонски народни песни*, *Женски песни*, Скопје, 1985, 7.
[25] Стефан Верковиќ, *Народне песме македонски Бугара*, Београд 1860.

Шапкарев, Стоилов, Божев, Чачарев, Спространов, Матов, Каранов и многу други собирачи од Македонија.

Веќе беше споменато дека во овој период македонските народни умотворби собираат и повеќемина страници. Некои од нив објавија, исто така, значајни зборници: М. С. Милојевиќ, Атанас Илиев, Владимир Качановски, Петар Д. Драганов, И. С. Јастребов и др.

Во историјата на македонската фолклористика свое важно место има и Крсте Петков Мисирков. Тој е значаен и како запишувач на македонски народни умотворби, но и како истражувач на македонскиот фолклор. К. П. Мисирков како фолклорист и како национален деец се формира во време на нараснат интерес за фолклорот, но и под влијание на некои негови претходници и современици: Карл Хрон, Спиро Гулапчев, Јордан Липовац, Евтим Спространов, Коста Шахов, но и П. Д. Драганов, Ламански, Лавров и др.[26]

Во втората половина на 19 век на планот на собирањето и објавувањето македонски народни умотвроби значајни резултати постигнаа и повеќемина други собирачи кои не успеаја да објават зборници. Такви се Партенија Зографски, Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Ѓошо Бојаџиев, Димитар Матов, потоа Чачарев, Божев, Грнев и многу други. Од овој период значајни се и првите македонски мелографирани народни песни објавени во SbNU, а забележани од Л'жев, Конев, Гавазов и др.[27] Нивните записи објавени во списанијата, на различен начин извршија влијание во севкупниот процес на афирмација на македонското народно творештво.

Остава впечаток дека сиве овие материјали објавени во втората половина на 19 век се објавени во странство со исклучок на втората збирка на Васил Икономов што е печатена во Солун и сите тие имаат туѓо национално обележје, освен малата збирка на Ѓеорѓија Пулевски „Македонска песнарка" и зборникот на П. Д. Драганов „Македонско-славјански зборник". Некои од овие записи не се имуни на фалсификување на народните умотворби, додавање стихови, дотерување на јазикот според наоѓањето на запишувачот како што е случајот со зборниците на М. С. Милојевиќ, И. С. Јастребов и др. Сепак може да се заклучи дека во втората половна на 19 век се запишани најмногу и најквалитетни записи со македонски народни умотворби. Зборниците на Верковиќ, Миладиновци, Шапкарев, Икономов, Стоилов и другите, како и записите објавени во СбНУ и другите публикации,

[26] Гане Тодоровски, *Претходниците на Мисирков*, Скопје 1968.

[27] *Македонските мелографи од крајот на XIX век*, редактирале Ж. Фиров и М. Симеоновски, Скопје 1962.

донесоа на свет огромен фолклорен и етнографски материјал што пред светот ја покажа творечката дарба на Македонецот. Најпрвин се покажа дека македонскиот народ располага со убава лирска поезија, потоа дека не заостанува зад другите народи и во поглед на епските песни, но и во однос на раскажуавчката уметност. Иако објавувани под туѓо национално име македонските народни умотворби пленуваа со својата раскошност и за објективната наука беа показ дека се работи за богато народно творештво на еден недоволно афирмиран народ.

По Балканските и Првата светска војна Македонија доживеа уште поголема трагедија, откако беше поделена меѓу соседните држави Бугарија, Србија и Грција, а некои делови зеде и Албанија. Ропството остана, се сменија само поробувачите. И уште нешто: во сите четири дела поробувачите водеа политика на однародување и асимилација на македонскиот народ. Тоа се одрази и на собирањето и објавувањето народни умотворби. Токму поради тоа во овој период помалку е сторено на овој план. Сепак, заслужуваат внимание малата збирка на Ѓорѓи Киселинов, мелографираната збирка на Јосиф Чешмеџиев, обемната збирка на Панчо Михајлов, збирките на Војислав Радовановиќ, Влад. Ѓеорѓевиќ и особено двете збирки на францускиот славист Андре Мазон и др. Заслужуваат внимание и некои изданија со етнографски материјал како што се оние на Стефан Тановиќ, Јеремије Павловиќ, Миленко С. Филиповиќ, А. Петровиќ и др. Исто така, значајни фолклорни и етнографски материјали во овој период се објавувани во списанија што излегувале во Скопје и Битола како што се: „Ju`ni pregled", "Lu~", "Ju`na zvezda", "Glasnik skopskog nau~nog dru{tva" и др. И списанието „Македонски преглед“ што го издаваше Македонскиот научен институт во Софија, исто така, објави богати фолклорни и етнографски материјали од Македонија. Бележани за потребите на владите од Белград и Софија и за нивните пропаганди многу од овие материјали останаа во ракопис и денес се чуваат во архивите на овие центри, особено во Архивот на САНУ,[28] и во Архивот на БАН. Сиве овие и објавени и необјавени материјали, иако, некои со мноштво тенденциозни интервенции, сепак претставуваат богат фолклорен и етнографски материјал од Македонија и денес со внимателно, критичко користење можат да бидат многу корисни. Како што може да се види во меѓувоениот период не се направени никакви записи во Егејскиот дел на Македонија поради бруталната

[28] Илија Николиќ, *Преглед на македонските народни песни во Етнографската збирка на Архивот на Српската академија на науките и уметностите (1860 – 1960*), Скопје 1976.

денационализаторска политика на грчките власти и невидениот терор што го вршеа врз македонското население.

Во историјата на македонскиот фолклор значајно место има и поетот Кочо Рацин кој собираше македонски народни умотворби, ги истражуваше, се инспирираше од нив и најпосле објави и две збирки со песни во текот на Втората светска војна, со македонското име во насловот.

Веднаш по Втората светска војна започна со интензивно собирање, објавување и преобјавување на македонски народни умотворби. Во тој период во голем број книги, зборници, списанија, весници што излегуваа во Македонија, Југославија и во странство се објавени голем број македонски народни умотворби, етнографски материјали, но и научни трудови од областа на македонскиот фолклор и етнографија. Треба да се напомене дека во овој период и повеќе домашни и странски фолклористи од Македонија, се занимаваа со истражување на македонскиот фолклор. Во првите години по ослободувањето беа објавени неколку значајни книги со народни песни и пориказни, главно антологиски избори од порано објавените записи. Блаже Конески уште во 1945 година објави антологиски избор македонски народни песни,[29] книга којашто подоцна доживеа повеќе изданија, објави песни настанати во борбата,[30] преобјави избор од приказните на М. Цепенков[31], Крум Тошев и Васил Иљоски во 1946 г. објавија избор од македонските приказни,[32] што подоцна исто така доживеа нови изданија, Васил Иљоски објави книга со песните пеани на фестивалите во Битола и Штип на празникот 11 Октомври 1947 година.[33] Избор народни умотворби од Пиринска Македонија објавија К. Тошев и Р. Угринова[34] итн. Во годините непосредно по војната, кога се чувствуваше недостиг од уметничка литература овие книги одиграа значајна улога, зашто беа користени во наставата како наставни помагала.

Во овој период и во Софија излегоа од печат неколку значајни зборници со македонски народни умотворби како оние на Коста

[29] *Збирка на македонски народни песни*, редактирал Блаже Конески, Скопје 1945.
[30] *Од Борбата*, народни песни, собрал и редактирал Блаже Конески, Скопје 1959.

[31] Марко Цепенков, *Сказни и стореније*, редактирал Блаже Конески, Скопје 1954.
[32] *Македонски народни приказни*, редактирале Крум Тошев и Васил Иљоски, Скопје 1946.
[33] *Македонски народни песни*, собрани на фестивалите во Битола и Штип на 11 Октомври 1947, Скопје 1948 г.
[34] *Народни умотворби од Пиринска Македонија*, редактирале К. Тошев и Р. Угринова, Скопје 1950.

Црнушанов,[35] на браќата Молерови,[36] на Николај Кауфман и Тодор Тодоров,[37] потоа на Н. Кауфман и Илија Манолов[38] и други собирачи и истражувачи на фолклорот од Македонија.

Во отсуство на услови за собирање и истражување на фолклорот од Егејскиот дел на Македонија објавени се неколку збирки со македонски народни умотворби собрани од жители од овој крај раселени по светот. Такви се збирките на Михалис Раптис, Паскал Паскалевски, Ѓорѓи Доневски, Кирил Пенушлиски, но и повеќе изданија од архивата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, како што се зборниците со народни песни и приказни од егејскиот и од пиринскиот дел на Македонија, потоа на Македонците во Албанија, неколку изданија со фолклорот од Гора итн.

Во овој период беа објавени и повеќе тематски изданија како што се оние на Институтот за фолклор за македонските револуционерни песни за Гоце Делчев, Питу Гули и Јордан Пиперката, потоа за македонските песни за НОБ, за македонските печалбарски, хумористично-сатирични песни итн. Исто така и од областа на прозата објавени се изданија за македонските волшебни приказни, за приказните за животни, за преданијата, и легендите, фолклорот од Кумановско итн. Неколку тематски изданија подготви Кирил Пенушлиски за малешевскиот фолклор, за македонските балади, за Гоце Делчев, Марко Крале, Болен Дојчини др. Исто така се објавија повеќе изданија за влашкиот фолклор во Македонија, за фолклорот на Турците, и на албанците во Република Македонија, фолклорот на Ромите итн. Истражувања се вршеа и меѓу иселениците од Македонија во Турција, како и во прекуокеанските земји.

Значајни резултати во овој период беа постигнати на планот на преобјавувањето на поголем број зборници со македонски народни умотворби како што се, на пр., неколкуте изданија на зборникот на Миладиновци, преобјавувањето на зборниците на К. Шапкарев, В. Икономов, А. П. Стоилов, Ѓиновски, Е. Каранов, С. Иванов, а во овој период беа објавени и целосни опуси на некои собирачи од нивната

[35] *Makedonski narodni pesni*, tekst i melodii zapisal Kosta Crnu[anov, Sofix 1956.

[36] Братя Димитър и Костадин Г. Молерови, *Народописни материяли от Разлошко,* Сборник за народни умотворения и народопис, книга ЦЛВИИИ, София 1954.

[37] *Народни песни от югозападна България, Пиринский край*, том И, съставили и редактирали Николай Кауфман и Тодор Тодоров, София 1967.

[38] *Народни песни от югозападна България, Пиринский край*, том ИИ, съставили и редактирали Николай Кауфман и Илия Манолов, София 1994.

ракописна оставнина како на пр. на Марко Цепенков во десет тома, на С. Верковиќ, во пет тома, беа откриени и објавени записите на полскиот истражувач Ј. Обремски, се појавија повеќе нови записи од фестивалите во Битола и Штип, од записите на Живко Фирфов, Васил Хаџиманов, Александар Линин итн. Беа објавени и изданија со македонски везови со народни ора, истражувања на народните инструменти итн.

Во овој период на овој план дејствуваа и повеќе поединци кои собраа и објавија богат фолклорен и етнографски материјал како што се $ Филип Каваев, Милан Ристески, Илија Алушевски, Блаже Тренески, Трајан Никодиновски, Михаил Јанушев, Ахил Теохарев, Божо Стефановски, Ѓорѓи Котевски, Ѓорѓи Белџигеровски, Иван Котев, Драган Ристескии др. Исто така објавени се и повеќе изданија со македонски народни умотворби пронајдени во архивите во Софија, Белград и др.

Денес во Република Македонија постојат повеќе институции што се занимаваат со собирање и истражување на фолклорни и етнографски материјали. Тоа е пред сè, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, потоа Институт за македонска литература, Филолошкиот факултет во Скопје и други институции. Значаен придонес во истражувањата на македонскиот фолклор дадоа и Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, што се одржува во Охрид, потоа Конгресите на југословенските фолклористи, што се одржуваа секоја година во друга република (во Македонија се одржаа во Охрид, Дојран, Крушево, Берово, Радовиш и др. и секогаш една тема беше посветана на фолклорот на регионот во кој се одржуваше конгресот) и на кои секогаш учествуваа македонските фолклористи итн. Истражувањата од овие институции и научни собири се објавуваат во списанијата „Македонски фолклор“, на Институтот за фолклор, „Спектар“ на Институтот за македонска литература, порано се објавува и во зборниците на Сојузот на здруженијата на фолклористите на Југославија во „Народно стваралаштво – Фолклор“ итн.

Така по Втората светска војна дојде и до подем на македонската фолклористика. Се афирмираа поголем број имиња што постигнаа значајни резултати во истражувањето на македонскиот фолклор во сите негови жанрови. Надоврзувајќи се на веќе евидентните резултати во истражувањето на македонскиот фолклор постигнати од страна на К. Миладинов, К. Шапкарев, Ј. Чешмеџиев, Ѓ. Киселинов и др. значајни резултати оствари Х. Поленаковиќ, Б. Конески, В. Иљоски, К. Пенушлиски, Ж. Фирфов и др. Подоцна како резултат на создадените услови значајни резултати оствари и други истражувачи од Институт

за фолклор, Филолошкиот факултет, Институт за македонска литература итн.

проф. д-р Јасна Котеска

ИСТОРИЈА И КОНТЕКСТ НА ПОСТМОДЕРНАТА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

предавање на XLVIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 23 јуни 2015 година, Охрид

1.

Предмет на оваа кратка студија е преглед на следните пет аспекти од историјата на постмодернизмот како стилската формација во современата македонска книжевност и култура: 1. Хронологијата на појавата на првите авторски имиња на македонската постмодерна, пред се' во областа на книжевноста, а делумно и во визуелните уметности, филмот, фотографијата и стрипот; 2. Дејствувањето на првите македонски постмодернистички неформални здруженија; 3. Првите списанија со постмодернистичка ориентација во Република Македонија; 4. Првите критички и научни одгласи за постмодерниот творечки модус во македонската книжевност и култура; како и 5. Статусот на постмодернизмот во историјата на македонската книжевност и култура воопшто.

Иако нема консензус околу точниот почеток на постмодерната во македонската книжевност и култура, најголем број истражувачи сметаат дека почетоците треба да се бараат помеѓу 1970-тите и 1980-тите години. Данило Коцевски во книгата „Поетика на постмодернизмот" (1989) почетокот на постмодерната го лоцира во 1980-тите години,[39] иако една година порано, во текстот „Младата македонска проза" (1988) тој зборува за т.н. „преодна" група која го применува постмодерниот стил од крајот на 1960-тите и почетокот на 1970-тите години. Според Коцевски, во таа преодна генерација спаѓаат Димитар Башевски, Зоран Ковачевски и Петре Димовски, наречена и

[39] Коцевски, Данило, *Поетика на постмодернизмот*, Култура, Скопје, 1989, 22.

„генерација на седумдесеттите“, кои според Коцевски се „зачетници на поновите струења во нашата проза“.[40] Венко Андоновски пак во текстот „Постмодерни праски“ (1998), пишува дека продорот на постмодерната во Македонија треба да се помести кон средината на 1960-тите години кога од печат излегува романот „Вкусот на праските“ (1965) на Влада Урошевиќ. По анализата на романот, Андоновски заклучува: „Според мое убедување, *Вкусот на праските* е првиот постмодерен роман, првата ластовичка на постмодерната“.[41] Од друга страна пак, унгарскиот писател и есеист Петар Крстев, смета дека постмодернизмот во Македонија се јавува дури во 1994 година кога е објавена збирката есеи „Ноуменологија на телото“ на Ферид Мухиќ, од кога според Крастев може да се зборува за постмодерна во Македонија. Крастев пишува:

> „Заради внатрешните, пред се’ историски околности (со сила наметнатата цезура врз книжевните текови, постоењето на емигрантска книжевност) овде ‘постмодерната ситуација’ од самиот почеток имала свои особености, до таа мера што во неа и не може еднозначно да се маркираат карактеристиките на западниот постмодернизам, односно, овде требало да се деконструираат сосема други работи одошто ‘преку’“.[42]

Од раните 1980-те во книжевната теорија и критика се објавени неколку значајни книги и студии што го третираат прашањето за појавата и подемот на македонската постмодерна. Меѓу најинструктивните рани објави се издвојуваат книгите: „Поетика на постмодернизмот“ (1989) на Данило Коцевски, „Компаративна поетика“ (1996) на Елизабета Шелева и „Антологија на македонскиот постмодернистички расказ“ (1990) на Саво Цветановски. Во двојазичната, македонско-англиска, „Антологија на македонскиот постмодернистички расказ“ (1990) на Цветановски застапени беа четиринаесет автори: Митко Мацунков, Зоран Ковачевски, Васе Манчев, Ефтим Таковски, Крсте Чачански, Алдо Климан, Трајче Крстевски, Драги Михајловски, Димитрие Дурацовски, Александар

[40] Коцевски, Данило, *Критиката како заблуда (предизвиците на текстуалноста)*, Македонска книга, Скопје, 1988, 145.
[41] Андоновски, Венко. “Постмодерни праски” во: *Стожер*, Скопје, јули-август, бр. 23-24, 1998, стр. 34.
[42] Krasztev, Petar “Na tragu progutalog vremena (kako dekonstruiše jedan Istočnjak), *Mostovi*, Udruženje knjizevnih prevodilaca Srbije, Beograd, sveska II, broj 110, juli, 1997, 385.

Прокопиев, Јадранка Владова, Христо Петрески, Блаже Миневски, Венко Андоновски. Од раните 1980-тите беа објавени и повеќе важни статии за македонската постмодерна на Елизабета Шелева, Никола Гелевски, Данило Коцевски, Александар Прокопиев, Томислав Османли, Катица Ќулафкова, Венко Андоновски, Ферид Мухиќ и многу други, а во 1989 во Друштвото за компаративна книжевност на Македонија е одржана јавна дебата за застапеност на постмодернизмот во македонската литература. Александар Прокопиев пак во текстот „Градот и урбаното во новиот македонски расказ и влијанијата од современата светска проза“ (1996) остава детални податоци за најраните постмодернистички здруженија и движења.

Според Прокопиев првата група на постмодернистички уметници „УСТА“ (кратенка од Универзална самостојна творечка асоцијација) е формирана во 1981 година, а нејзини членови биле фотографите Ацо Кондев, Дејан Дизадар, Роберт Јаки, архитектот Вангел Божиновски, сликарот Игор Тошевски, режисерот Милчо Манчевски, Александар Прокопиев и др. Од групата „УСТА“ произлегол и музичкиот состав „Уста на уста“.

Од 1982 до 1985 година во Македонија работи и петчлената постмодернистички ориентирана стрип-група „Туш лабораторија“ во која членувале Игор Тошевски, Марјан Ќамиловски, Кочо Трајковски, Ванчо Полазаревски и Томислав Османли. Сродна по сензибилитет е и стрип-групата „Кикс-стрип“, сликарската група „Зеро“, која ги обединила Александар Станковски, Перица Георгиев, Игор Тошевски, а подоцна и Сузана Милевска и Златко Трајковски.[43]

Во 1981 година во списанието „Млад борец“ Александар Прокопиев започнува да ја објавува серијата дневнички записи со наслов „Анти-упатства за лична употреба“, практика која не ја напушта ни во следните децении. Карактерот на тие записи е поетички и програмски, а во 1983 година препечатува делови од нив во книгата „Младиот мајстор на играта“ во кои се дадени некои од основните начела на постмодернизмот. Прокопиев пишува:

> „1. Не постојат уметности од први, втор и некој друг ред. Современата уметност бара пресврти, експериментатори и бунтовници. Читањето еротска литература и научна фантастика ја враќа вербата во кажувањето... 2. Она што во определена

[43] Прокопиев, Александар, „Градот и урбаното во новиот македонски расказ и влијанијата од современата светска проза“, во *Книжевен контекст*, бр. 2, Скопје, 1996, 184.

активност се чини периферно, во некоја друга може да биде клучно... 8. Дали се работи за нова поетска визија? Или побуната е повеќе на подрачјето на изменетиот сензибилитет, против еден воспоставен и признат пејсаж што веќе нема одгласи. Моментот е неповторлив. Ја запираме камерата и го гледаме штотуку снимениот кадар. Има нешто привлечно во него, дури пленувачко, но веќе навлегуваат звукови, имиња, некој друг кадар, некое друго време...Биди пристрасен читател. Служи се со прочитаното како со доказен материјал... 9. Биди читател-соучесник.“[44]

Иако записите од книгата „Младиот мајстор на играта“ на Прокопиев се замислени како белетристички, а помалку како поетички запис, очигледен е поетичкиот и манифестен карактер на записите за можните правци на развој на новата проза, како и најавата на дневникот и автобиографијата како предвесници на новите жанровски определби на постмодерната, иако Елизабета Шелева во книгата „Компаративна поетика“ (1996) со право пишува дека токму стилот на записите на Прокопиев е доказ дека новата постмодерна поетика евидентно ја замира потребата од манифести во кои ќе бидат стриктно наведени поетичките правила.[45]

Од друга страна пак, Данило Коцевски смета дека еден можен програмски текст на македонската постмодерна е текстот „На чекор од говорот“ од 1980 година, кој се однесува на лириката, а е потпишан од Данило Коцевски, Милош Линдро и Љупчо Димитровски, меѓу другото и затоа што во него се цитира славната статија за постмодерната на Ролан Барт, „Книжевност на исцрпеноста“.[46] Во 1986 година, Александар Прокопиев и Христо Петревски го објавуваат текстот „Без поза за новата проза“, кој Миодраг Друговац во 1992 година исто така го определува како текст со постмодернистичка програмска концепција.[47] Од раните 1980-ти Елизабета Шелева објавува бројни прилози за македонската постмодерна во периодиката, а во 1988 година Ферид Мухиќ и Данило Коцевски учествуваат на симпозиумот за постмодернизмот во Сараево, со текстовите: “Границите на умот во

[44] Прокопиев, Александар, *Младиот мајстор на играта*, Скопје, Млад борец, 1983, 5-10.
[45] Шелева, Елизабета. Компаративна поетика.- Скопје: Феникс 1996, 11.
[46] Коцевски, Данило, *Поетика на постмодернизмот*, Култура, Скопје, 1989, 25.
[47] Друговац, Миодраг, „Против индиго-инфицираноста“,*Современост*, Скопје, сеп-окт. бр. 7-8, 1992, стр. 147.

филозофијата на постмодернизмот", односно "Поетика на постмодернизмот".

Еден од позабележливите настани во средината на 1980-тите години е полемиката за и околу постмодернизмот што се развива на страниците на загребското списание „Око", а потоа се префрла на страниците на весниците „Нова Македонија", и списанијата „Разгледи" и „Млад борец". Полемика се води во текот на 1985-1986 година и иако во неа се чита првичната скепса на критиката кон новата постмодернистичка поетика, полемиката истовремено го помага творечкото созревање на новата генерација творци и ултимативно помага постмодерната полека, но сигурно да се инаугурира во македонската литература.

2.

Првото списание во кое се јавува првата генерација македонски постмодернисти е "Млад борец", како и библиотеката „Алфа" на „Книжевната младина на Македонија", каде во 1980-тите излегуваат од печат првите книги на Прокопиев, Михајловски, Дурацовски, Владова, Шелева и други.

Најважните списанија кои ја промовираа постмодерната од средината на 1990-тите години се: „Маргина", „Блесок" и подоцна „Наше писмо". „Маргина" на уредникот Никола Гелевски започнува да излегува во 1994 и во континуитет од 90-тина броеви во него се објавени некои од најважните домашни и странски текстови и манифести на постмодернизмот. Првото македонско електронско списание „Блесок" на уредникот Игор Исаковски, кое двојазично (на македонски и англиски) излегува од 1998 година во над 100 броеви остава обемна архива на постмодерните теми во прозата, поезијата, критиката, есејот, ликовната уметност, музиката и филмот, и во кое се застапени некои од најзначајните имиња на македонската постмодерна. Списанието „Наше писмо" на Независните писатели на Македонија од 2005 година со над 80 броеви исто така е од важност за темите на постмодерната во македонската книжевност и култура.

Во првиот број на „Маргина" од 1994 година, на пример, во кој се објавени текстови од Томас Пинчон, Рози Браидоти, Жак Дерида, Ана Димишковска-Трајаноска и други, стои програмското определување на списанието да биде „мултидисциплинарен часопис од сферата на културата, сфатена најшироко: и како политика, идеологија, морал, и како стандарди, трендови, 'мода'", а во уводникот, Пандалф Вулкански (псевдоним на уредникот и писател, Никола Гелевски) пишува:

„(Н)ие (граѓаните на државата Terra Incognita што Дизниленд се вика) живееме на маргините на маргините, во фуснотите на фуснотите, ко најситни Матрјошки, со тој фантом на идентитет избушен ко фигура од цртан филм, низ чиј стомак се гледа така интересна перспектива и пејсажи. И вака, исто: не маргина на некоја овдешна 'културна сцена' (бог да чува, нека си останат залепени тие зомбии, спржени за 'централноста' на своите интерни рефлектори), туку Маргина воопшто... 'Маргина' не е против хелиоцентризмот, логоцентризмот (фалоцентризмот!), антропоцентризмот, туку против центризмот воопшто, или, подобро речено (бидејќи перспективно патот кон излегувањето од дихотомиските стапици на умот - е бескрајно долг), 'Маргина' ќе настојува да го афирмира тој (еколошки) концепт на повеќецентралност и да ја унапредува онаа граѓанска свест за релации и релативност... Маргина секогаш е нешто друго. Свест за тоа Друго. Другоста сама.“[48]

Во следните деценија и половина, македонската постмодернистичка белетристика, теорија и критика (токму како што беше предвестено во уводникот кон првиот број на „Маргина“ дека и покрај улогата на маргината да биде обид за подривање, грицкање, дестаблизирање на центрите... дека сепак парадоксално целиот проект „само ќе го зацврсти“ центарот, заради „страшната историска перфидност на сите вакви проекти“[49]) навистина постмодерните теми успеаја да се пробијат во иницијалните „непријатели“ на деконструкцијата: во културните здруженија, на универзитетите, во институциите, како и во списанијата со најдолга традиција во земјава. Така, од средината на 1990-тите постмодернистичката белетристика и теорија се' повеќе се објавува во списанијата со најдолга книжевна традиција во земјава, „Современост“ (1951), „Разгледи“ (1953), „Стремеж“ (1954), „Културен живот“ (1956), потоа во списанието на Сојузот на друштвата на македонски јазик „Литературен збор“, во списанијата на Институтот за македонска книжевност, „Спектар“ и „Книжевен контекст“, во списанието на Друштвото на писателите на Македонија, „Стожер“, во „Синтези“, потоа во „Книжевно житие“, во „Ревија“ на македонскиот ПЕН центар, како и во списанијата „СУМ“ на Центарот за културна иницијатива од Штип, „Акт“, „Корени“ од

[48] Вулкански, Пандалф, „Уводник“, Маргина, Скопје, бр. 1, 1994, 6.
[49] Исто, 6.

Куманово, „Огледало“ на Сојузот на литературните преведувачи од Македонија и во многу други списанија, а меѓу нив и во новите електронски списанија: компаратистичкото „Мираж“ од 2002 под уредништво на акад. Катица Ќулафкова и во електронскиот месечник „Репер“ основан во 2008 година.

Од 1980-тите години па до денес во постмодернистички стил твореа и творат бројни автори од постарата, средната и најновата генерација македонски уметници. Без амбиција да ги опфатиме сите важни авторски имиња, во оваа прилика само таксативно ќе наведеме некои од поистакнатите претставници на постмодерниот код во современата македонска книжевност: Влада Урошевиќ, Богомил Ѓузел, Слободан Мицковиќ, Горан Стефановски, Никола Маџиров, Оливера Николова, Гоце Смилевски, Лидија Димковска, Игор Исаковски, Дејан Дуковски, Александар Прокопиев, Венко Андоновски, Димитрие Дурацовски, Јадранка Владова, Лилјана Дирјан, Драги Михајловски, Кица Колбе, Луан Старова, Димитар Башевски, Митко Маџунков, Васе Манчев, Блаже Миневски, Ермис Лафазановски, Оливера Ќорверзироска, Жанина Мирчевска, Крсте Чачански, Зоран Ковачевски, Соња Манџук, Јагода Михајловска - Георгиева, Христо Петревски, Јордан Даниловски..., потоа Румена Бужаровска, Марко Петрушевски, Владимир Мартиновски, Петар Андоновски, Алекс Букарски, Иван Шопов, Снежана Младеновска - Анѓелков, Николина Андова - Шопова, Звонко Таневски, Жарко Кујунџиски, Калина Малеска - Гегај, Владимир Јанковски, Ненад Јолдески, Ѓорѓи Крстевски, Бранко Прља, Сашо Тасевски, Кирил Минанов, Владимир Шопов, Дејан Мирчески, Ѓоко Здравески, Ирена Цветковиќ, Ана Голејшка, Сања Михајловиќ-Костадиновска, Теута Арифи, Митко Гогов, Давор Стојановски, Искра Донева, Драган Георгиевски, Катица Димовска, Марта Маркоска, Михајло Свидерски, Загорка Поп-Антоска Андоновска, Иван Антоновски, Фросина Стојковска, Мирјана Стојановска, Игор Станојоски и многу, многу други.

Истовремено бројни филмски автори го преземаа постмодерниот жанр во македонските филмови, и без можност за системски попис, во оваа прилика само таксативно ќе наведеме неколку примери од изминативе три децении, каде барем во извесна мерка е преземен постмодернистичкиот стилски манир: *Тетовирање* (1991) на Столе Попов, *Светло сиво* (1993) на Срѓан Јаникиевиќ, Дарко Митревски и Александар Поповски, *Пред дождот* (1994) на Милчо Манчевски, *Ангели на отпад* (1995) на Димитрие Османли, *Самоуништување* (1996) на Ербил Алтанај, *Џипси Меџик* (1997) на Столе Попов, *Збогум на 20-тиот век* (1998) на Дарко Митревски и Александар Поповски,

Прашина (2001) на Милчо Манчевски, *Како лош сон* (2002) на Антонио Митриќески, *Бал-Кан- Кан* (2004) на Дарко Митревски, *Големата вода* (2004) на Иво Трајков, *Илузија* (2004) на Светозар Ристовски, *Како убив светец* (2004) на Леона Стругар Митевска, *Контакт* (2005) на Сергеј Станојковски, *Тајната книга* (2006) на Владо Цветановски, *Сенки* (2007) на Милчо Манчевски, *Превртено* (2007) на Игор Иванов Изи, *Јас сум од Титов Велес* (2007) на Леона Стругар Митевска, *Мајки* (2010) на Милчо Манчевски, *Панкот не е мртов* (2011) на Владимир Блажевски, *Скопје ремикс* (2012) на Борјан Зафировски, Синиша Евтимов, Огнен Димитровски, Срѓан Јаникиевиќ, Јане Алтипармаков, Ѓорче Ставрески, Саша Станишиќ, Даријан Пејовски, Вардан Тозија и Бојан Трифуновски, *Балканот не е мртов* (2012) на Александар Поповски, *Трето полувреме* (2012) Дарко Митревски, *Соба со пијано* (2013) на Игор Иванов Изи, *До балчак* (2014) на Столе Попов, *Деца на сонцето* (2014) на Антонио Митриќески, *Три дена во септември* (2015) на Даријан Пејовски, *Лазар* (2015) на Светозар Ристовски и други.

Од раните 1980-тите па до денес се' поброjни се истражувањата на разни аспекти на постмодерната (книжевни, културни и воопшто идентитетни) па во последните две и пол децении овие теми станаа главен предмет на истражувањата во македонската периодика. Од брojните имиња што творат ќе ги изводиме пионерските како и зрелите студии на Шелева, Коцевски, Прокопиев, Гелевски, Алаѓозовски, Мухиќ, Андоновски, Ќулафкова, Лужина, Гешоска, Србиновска, Ќорверзироска, Аврамовска, Бојаџиевска, Капушевска-Дракулевска, Грчева, Крамариќ, Стојменска-Елзесар, Георгиевска-Јаковлева, Димковска, Стефановски, Маџиров, Џепароски, Петковска, Анастасова, Кошка, Ѓурчинова, Мојсиева-Гушева, Вилиќ, Мазова, Димишковска – Трајаноска, Павловски, Георгиевски..., како и истражувањата на теоретичарите од поновата генерација како Смилевски, Ангеловска, Јакимовска, Мартиноска, Мојсова-Чепишевска, Бановиќ-Марковска, Стојаноска, Ѓорѓиева-Димова, Миронска, Николовска, Анастасова-Шкрињариќ, Прошев-Оливер, Крифца, Ноневски, Бакевска, Тасевска Хаџи-Бошкова, Сарџоска, Додовски, Глигорова, Павловски, Чемерски, Дамјановски, Џигал, Исмајлоска, Младеноски, Волнаровски, Марковска, Гогов, Јакимска, Гаџова, Грандаковска, Марковска, Дамчевска, Кожинкова, Павловски, Стојановски, Здравески, Маглешов, Којчева, Котевска-Георгиева, Спасковска, Матаничкова, Крстевски, Мицевска, Конеска, Тасевски, Никодиноска, и многу други.

3.

Но, во ова претставување на дел од историјата на т.н. постмодернистичка уметност и теорија во Македонија едно од највалидните прашања е всушност *мета-прашањето*: а што воопшто значат сите овие определби? Дали постои такво канонизирање (по генерации, автори, списанија, движења...) за така флуиден стилски израз како што е постмодернистичкиот? Зарем постмодернизмот не започна како правец *против* скаменувањето на уметноста? Зарем тоа не е уметност која се бунтува против врамувањето? Дали постмодерната со самото нејзино канонизирање не ја свртува реалноста на уметничкиот артефакт против самиот себеси? Дали она што треба да биде крик против врамувањето на уметноста не се претвора во проект за себе-врамување, во една, секогаш веќе поразителна тавтологија? И потоа, дали е воопшто возможно да се создаде уметност која ќе ја децентрализира уметноста опирајќи се на канонизацијата, додека воедно успева и да го задржи статусот на „легитимирана“ уметност? Зарем обидот за бунт против централизацијата на уметноста до кластери на „значајни“ постмодернисти, не е сличен на парадоксот на Мебиусовата лента, каде „одењето“ по опачината порано или подоцна се претвора во обично одење по *лицето* од што се бегало? Конечно, дали битката против празните книжевни клишеа на постмодернистичките уметници (и во Македонија, но и насекаде низ светот) не произведе само уште една категорија клишеизирања на уметноста? Овие прашања не се ексклузивно врзани само за постмодерната уметност и не се само проблем на македонската книжевност. Но, кај постмодерната, заради нејзината суштинска насоченост против центрите и моќта, овој парадокс е само повидлив и дотолку подраматичен. Дали во чинот на легитимирање на постмодернизмот не се крие токму паразитот на генерирање ново клише?

Еден дел од одговорот на овие прашања лежи во природата на уметноста воопшто, во фактот дека секое уметничко движење, па дури и кое е насочено против клишеата на „старата“ книжевност, има однапред вградено ново, невидливо клише во самото себеси, од проста причина што ниедна уметност, па ни постмодернистичката, не постои како изолиран домен на појавноста. Секој стил на уметноста се чини однапред веќе „врамен“ во невидлива рамка, која не може да биде дефинирана само како творба надвор од рамката, туку секогаш веќе и како творба во која рамката е имплицирана во структурата на творбата. Секое дело има две рамки, едната против која е поставено (овде: модернистичката) и другата која е дел од реалноста на новиот правец. Меѓу тие две реалности е местото на постмодерната книжевност и

причината за гестот на нејзиното книжевно и културно канонизирање, наспроти манифестната битка против врамувањата.

Но вториот дел од одговорот на овие прашања лежи во една чудна особина на постмодернизмот да биде повеќе од само конкретен стилски израз, а повеќе да биде *трансисториска* појава. Зарем не е постмодернистичкиот стил многу сличен на начинот на кој најчесто се дефинира реализмот? Ова широко објаснување на постмодернизмот на пример го застапува Умберто Еко кој вели дека постмодернизмот е трансисториски - тој не е стилска формација, туку иманентно својство на литературата; тој е социолошки и идеолошки амблем во кој може да се види само еден облик на маниризам, само една номиналистичка варијанта на маниризмот. Во оваа смисла за постмодернисти може да ги сметаме сите автори од Хомер преку Овидиј, од Сервантес до Тристран Шенди и од Дерида до Јулија Кристева.

Во македонски контекст ова значи дека постмодернистички елементи може да најдеме кај секој еден автор од македонската книжевна уметност, од Св. Климент Охридски до Црноризец Храбар, од Марко Цепенков до Кирил Пејчиновиќ, од Јордан Хаџи Константинов Џинот до Ристо Крле и од Горан Стефановски до Блаже Конески.

Умберто Еко вели:

> “Јас верувам дека постмодернизмот не е тренд кој треба да биде хронолошки дефиниран. Тоа е повеќе идеална категорија, или подобро, стил, начин на оперирање. Можеме да речеме дека секој период има свој постмодернизам, исто како што секој период има свој маниризам (и всушност, се прашувам, зар не е постмодернизмот модерно име за маниризмот како метаисториска категорија?)“[50]

Ако еден начин да се разбере постмодернизмот во уметноста е да се каже дека станува збор за метаисториска категорија, тоа објаснува зошто огромен дел од авторите спомнати токму во оваа студија, највероајтно веднаш и без никаков исклучок себеси би се прогласиле за не-постмодернисти, па дури и за анти-постмодернисти! Тие

[50] Eco, Umberto. “From “Reflection on the Name of the Rose”, *Metafiction*, edited by Mark Currie, London and New York: Longman, 1995, str. 173. (Цитирано според мојата книга, Јасна Котеска, *Постмодернистички литературни студии*, Македонска книга, Скопје, 2002, 6).

најверојатно со сета сила би одрекувале дека воопшто припаѓаат на каков било македонски постмодернистички бран par excellence.

Но, работата е дека дури и кога сите набројани уметници би биле во право во однос на своето доживување на себеси како поети, режисери, сликари, прозаисти, фотографи, драмски уметници... тоа не значи дека нивното себедекларирање нешто драматично ќе промени во начинот на кој т.н. академски постмодернизам ќе продолжи да ги проучува како постмодернистички автори, наспроти се'.

Парадоксот на оваа теза се состои, имено, во *втората* замка врзана за терминот постмодернизмот (освен нејзиниот транситориски карактер како *прва* замка на терминот), а тоа е фактот дека постмодернизмот најчесто се дефинира токму како разликата помеѓу т.н. *академска* наспрема т.н. *не-академска* постмодерна! Иако во нашиов мал преглед се обидовме да ги синхронизираме (кадешто се можеше) академските со не-академските постмодернисти во Република Македонија, и иако навистина најживата уметност на постмодернизмот во нашата земја првично настана надвор од институциите, книжевните здруженија, старите друштва на писателите и уметниците и надвор од сите ешалони на културните почести – парадоксот на постмодерната е дека таа сепак сеедно ќе биде препознаена како уметност дури кога речникот на институциите кои се занимаваат со литература и културата ќе и' го дадат својот „кредибилитет". Таа судбина ги следи стилските формации од памтивек и е „академска болест" од која не успеа да побегне ете дури ниту постмодерната.

Но, бидејќи овој проблем останува системски вградена „грешка" во филологијата како наука, затоа можеби вистинското прашање за постмодернизмот како стилски правец треба да го поставиме поинаку. Тогаш тоа прашање ќе гласи вака: ако постмодернистичката уметност раскрстува со двете најважни традиционални категории, писателот и читателот, ако во постмодернизмот се елиминира класичната публика, и ако тоа автоматски значи дека се елиминира и традиционалното сфаќање за уметникот како човек надарен со посебен талент, тогаш постмодерната се соочува со проблемот наречен - *вредност*! Имено, постмодернизмот настана како правец кој се обиде да стави крај на „аристократско значење" на уметноста. Тоа според Барт во споменатата статија „Уметност на исцрпеноста" доведе до создавање на *три типа* постмодернистички уметници: 1) старовремски автори, 2) современи граѓани, 3) современи автори.

Во првата категорија (старовремски автори) спаѓаат авторите кои пишуваат како 20-тиот век никогаш да не се случил, автори кои ги следат Достоевски или Толстој, Флобер или Балзак, додека

„вистинското прашање за техниката на пишување, ми се чини, не е како да се надминат Џојс и Кафка, туку како да се надминат тие кои ги надминале Џојс и Кафка.“[51] Втората категорија - современите граѓани - вели Барт - наличува „на еден мој уметник - сосед во Бафало, кој ги употребува најпопуларните модерни стилови, во понекогаш монументални арматури...“[52], укажувајќи дека, не секое следење на новите експерименти нужно означува нов уметник во новата епоха, тоа може да значи едноставно модерен човек, човек во чекор со своето време. Но третата категорија, т.н. современи уметници, тие би ги сочинувале ретките врвови во творештвото на постмодернизот, еден Бекет или еден Борхес, на пример.

Тогаш, вистинското прашање на нашата студија гласи: кои од оваа долга листа автори на македонскиот постмодернизам од 1960-тите или 1980-тите до 2016-тата година се старовремски автори (и само заради сегашноста по грешка се категоризирани како постмодернистички автори), кои од нив пак ќе бидат означени само како современи, модерни граѓани, а кои (и дали) меѓу нив ќе се најде и некој што ќе биде класифициран како она што Барт го нарече вистински современ уметник?

Ова прашање го оставаме отворено. Дел, затоа што сечие творештво треба најнапред да го мине тестот на времето, а дел и затоа што делата на авторите се вреднуваат дури откако и авторите, но и оние кои ги канонизирале, затоа што ги лично ги познавале, одамна веќе нема да бидат меѓу живите, како што отсекогаш и било ред.

Скопје, 20 март 2016

Коцевски, Данило, *Поетика на постмодернизмот*, Култура, Скопје, 1989, 22.

Коцевски, Данило, *Критиката како заблуда (предизвиците на текстуалноста)*, Македонска книга, Скопје, 1988, 145.

[51] Barth, John „The Literature of Exhaustion“, *Metafiction* edited by Mark Currie, Longman, London and New York, 1995, 164.
[52] Исто, 164.

Андоновски, Венко. “Постмодерни праски” во: *Стожер*, Скопје, јули-август, бр. 23-24, 1998, стр. 34.

Krasztev, Petar “Na tragu progutalog vremena (kako dekonstruiše jedan Istočnjak), *Mostovi*, Udruženje knjizevnih prevodilaca Srbije, Beograd, sveska II, broj 110, juli, 1997, 385.

Прокопиев, Александар, „Градот и урбаното во новиот македонски расказ и влијанијата од современата светска проза“, во *Книжевен контекст*, бр. 2, Скопје, 1996, 184.

Прокопиев, Александар, *Младиот мајстор на играта*, Скопје, Млад борец, 1983, 5-10.

Шелева, Елизабета. Компаративна поетика.- Скопје: Феникс 1996, 11.

Коцевски, Данило, *Поетика на постмодернизмот*, Култура, Скопје, 1989, 25.

Друговац, Миодраг, „Против индиго-инфицираноста“,*Современост*, Скопје, сеп-окт. бр. 7-8, 1992, стр. 147.

Вулкански, Пандалф, „Уводник“, Маргина, Скопје, бр. 1, 1994, 6.

Исто, 6.

Eco, Umberto. “From “Reflection on the Name of the Rose”, *Metafiction*, edited by Mark Currie, London and New York: Longman, 1995, str. 173. (Цитирано според мојата книга, Јасна Котеска, *Постмодернистички литературни студии*, Македонска книга, Скопје, 2002, 6).

Barth, John „The Literature of Exhaustion“, *Metafiction* edited by Mark Currie, Longman, London and New York, 1995, 164.

Исто, 164.

Соња Стојменска-Елзесер

ПАТОПИСОТ ВО МАКЕДОНСКОТО КНИЖЕВНО ТВОРЕШТВО
(предавање на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2015 година)

Предавањето на оваа тема одржано пред семинаристите во Охрид во изминатата 2015 година беше остварено како комбинација од презентација и читање и анализа на сегменти од избрани книжевни дела од поновата македонска продукција.

Првиот општ проблемски пункт на предавањето се состоеше во жанровско определување на патописот, како од потесна книжевна гледна точка, така и од интердисциплинарен културолошки аспект. Пред сè, беше лоцирано значењето на патувањето во историјата на литературата и културата, односно беше толкувано поместувањето низ времето и просторот и сочувувањето на меморијата за тоа поместување како протокреативен чин во сите уметности. Слушателите беа запознати со некои впечатливи размислувања на писателите и теоретичарите во однос на релацијата меѓу патувањето и креирањето, како што се на пример, познатите искажувања на Хајнрих Хајне дека „Патописот е природна форма на романот“ и на Мишел де Серто дека „Секоја приказна е приказна за патување“.

Во понатамошната дискусија беа разгледани и сумирани основните карактеристики на патописот како жанр, и тоа:

- Нестабилен и хибриден жанр (комбиниран со есеј, мемоар, автобиографија, фељтон, епистоларен патопис, репортажа, роман-патопис, песна-патопис и др.);

- Вибрира на границата меѓу популарната и естетски високата уметност;

- Комбинира медиуми и дисциплини (визуелност, мириси, вкусови, мелодии, психологија, антропологија, етнологија, гастрономија).

По заедничкото сумирање на основните карактеристики на жанрот, на студентите им беше презентиран историско-библиографски преглед на развојот на овој жанр во македонската современа литература, така што им беа предочени следните наслови:

- ЃУЗЕЛ, Б. 1974. *Куќа цел свет*. Скопје: Мисла
- ИВАНОВСКИ, И. 1974. *Светлини и сенки*. Скопје: Студентски збор
- ЈАНЕВСКИ, С. 1962. *Горчливи легенди*. Скопје: Кочо Рацин
- ЈОВАНОВСКИ, М. 1983. *Клучевите на Менхетан* : записи од западните предели. Скопје: Култура
- КИРКОВ, Н. 1982. *Патувања (новинарски записи)*. Тетово: Полог
- МАЗОВ, И. 1982. *Од нашата војна до сите простори*. (патописи од книгата *Размеѓани колепки: По трагите на Евлија Челеби и* др.). Скопје: Култура
- МИХАЈЛОВСКА-ГЕОРГИЕВА, Ј. 2004. *Каменот од Твојот ден: Хималајска приказна*. Скопје: Култура
- МОМИРОВСКИ, Т. 1988 (прво издание 1956). *Стреи и песоци*. Скопје: Наша книга
- ПАВЛОВСКИ, Б. 1971. *Македонците зад екваторот*. Скопје: Мисла
- ПЕТРОВСКИ, Т. 1988. *Каирска магија*
- СТАРОВА, Л. 1971. *Луѓе и мостови*, Скопје: Студентски збор
- ___ 1984. *Кинеска пролет*
- ___ 1986. *Пријатели*. Скопје: Македонска книга
- СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В.1993. *Средби*. Прилеп
- ___ 1996. *Време и пат*. Скопје: Менора
- ___ 1998. *Контакти*. Скопје: Менора
- ___ 2001. *Профил*. Скопје: Детска радост

- УРОШЕВИЌ, В. 1991. *Алдебаран*. Скопје: Култура
- ___ 1997. *Париски приказни.* Скопје: Магор

Понатамошната дискусија се водеше околу еден поим кој произлегува од сферата на културната географија, а кој има несомнено пресудна улога во промислувањето на патописноста. Тоа е поимот опфатен со латинскиот израз *Genius loci*, при чие расветлување со конкретни примери беа продискутирани и анализирани проблемите на „чувството на местото“ и на „меморија на местото“. Исто така, се разговараше и за третманиот во културолошките промислувања на опозицијата место наспрема не-место, како израз на истиот проблемски круг кој придонесува за соодветно разбирање и толкување на феноменот патописност.

Низ дискусија беа издиференцирани основните елементи на патописот:

- Пејсажи
- Студија на народи (карактери, менталитети, обичаи)
- Култура
- Смислата на патувањето - враќањето кон себе и себеменувањето

Аналитичките разговори беа изведени врз конкретни извадоци од избрани дела од македонската книжевност. Така, на пример, за патописното прочувствување на Тибет се разговараше врз примерот на романот *Каменот од Твојот ден* од Јагода Михајловска Георгиева (2004). Фасцинацијата од Индија, пак, беше проследена преку патописните есеи на Блаже Конески „Бедната Индија“ и „Слез“, како и преку романот на Винка Саздова *Последниот чај* (2009). Во контекст на оваа тема се разговараше и за силниот наплив на патописноста во доменот на популарната култура, во споредба со бестселерот на Елизабет Гилберт *Јади, моли се, уживај* и истоимениот холивудски филм снимен според истото дело.

Со оглед на присуството на една слушателка на предавањето од Соединетите Американски Држави, посебно внимание им беше посветено на патописите кои се однесуваат на Америка и на нивната контроверзна природа. Америка, таа „организирана протоплазма", во која „времето не старее" (Старова 1986, 403, 408), таа „визија на Земскиот Рај, по која трча(ле) првите доселеници" (Ѓузел 1974, 135), таа „нова хармонија" (како што е и името на „утопиското гратче", употребено не без иронија кај Димковска 2004). Во случајот на

Америка најдрастично се сопоставува миражот и имажот за неа (Лужина 2005, 30), односно претставата за Америка без искуствен допир и сликата здобиена по реалната физичка средба. Ова двојство, на пример, мошне јасно се појавува во патописот на Старова: "Се надевав дека моето патување во Америка ќе ме доведе до извесна урамнотежена претстава, ќе ме ослободи од рецидивите на детскиот филмски сон. Така мојата балканска релација кон Америка, од митска во детството, стануваше реална во другите фази на животот, макар што таа за нас остануваше и натаму земјата во која најмногу патувавме, и без да бевме стапнале во неа физички" (Старова 1986, 385).

За разлика од идеализираната претстава, од Американскиот „пембе(pink) симулакрум", сликата за Америка кај македонските патописци се бои во различни бои, од најтемни, преку умерени, до најшарени. Меѓу темните тонови го издвоивме сегментот од патописот на Богомил Ѓузел *Куќа цел свет*: „Современата верзија на онаа Америка на Волт Витмен беше навистина поезијата на Ален Гинзберг, посебно од неговата последна книга *Падот на Америка*, не обично паѓање туку библиско. А начинот на проверката за издржливоста на овие млади луѓе не беше да се остават на дива планина како во некогашна Спарта, туку да се препуштат на улицата. Во меѓувреме, татковците им бркаа бизнис и пари (а за кого, се разбира за нив – еве ти го, на!), а мајките беа презафатени со фризери, клубови, бриџ-партии и будалести покупки" (Ѓузел 1974, 115).

Но, Америка се бои и во шарени, весели тонови, за што сведочат инсерти од романот на Лидија Димковска *Скриена камера*, кој не е патописен роман, но кој содржи мошне сугестивни слики за другите земји и народи: „Ќе ми треба ли Famosan и чаша вода или телефонски разговор со А. за да можам да го сварам Њујорк, а да не си пикнам прст во устата? Лакома каква што сум, гризнав преголем залак, но духовниот залак никогаш не е преголем, велеше отец Климент и ми ја откри тајната на хармонијата со луѓето преку Бога: треба да создадеш личен однос со секој поединец. Иако сум А.-социјална личност со Њујорк ми се случува токму таа хармонија. Овде сум си ‘домче’ како во Шлегово" (Димковска 2004, 168). Америка е вистинската провокација за споредување, репер за испитување на „европејството" кај македонските патописци. „А еве, јас овде дојдов – да им понудам лекција за наша Европа, за нашите европски битки, за спасувањето на различното пред обезличувачките напади на едноличното (...) Еве ги на проверка сите мои стари и нови европски идеи" (Старова 1986, 403,405) или „Лила се сепнува од помислата дека и Американците си имаат своја

перспектива за Европа, како што Европејците си имаат за Америка" (Димковска 2004, 168).

Основната разлика во историскиот двеилјадагодишен баласт или ќар на Европејците, наспрема (лесниот) три-четиривековниот на Американците се варира на повеќе места низ патописите. Како консеквенција на оваа разлика се покажува незаинтересираноста, несериозноста, неинформираноста на Американецот, наспрема втемелеността на традиционалистичкиот европски модел, разлика која во себе вообичаено крие стереотипност (небаре во Америка не постојат интелектуалци и учени луѓе, а во Европа како да нема прости и неуки луѓе). Во допирот со Америка, македонските патописци ја потврдуваат својата европска провениенција, преферирајќи ја и бранејќи ја и горделиво претпоставувајќи ја пред американскиот модел на свет.

Посебна тема во патописната македонска литература претставува темата за Австралија, континентот, односно земјата во која долготрајно се иселувале и се иселуваат македонски печалбари и трагачи по подобар живот. Самото печалбарство е феномен, израз, симбол кој соодветно е протолкуван пред заинтересираните странци, за да ја сфатат историската специфика на овие процеси присутни во македонската култура. Овој специфичен сегмент од македонските патописи подразбира обемна литература напишана на големата тема за иселениците во Австралија. Овие патописи повеќе ја осветлуваат самата проблематика на егзилот, отколку што оформуваат некои поинтензивни слики за другата, австралиската средина. Сликите се рудиментирани на црвениот пустински пејсаж, на специфичната австралиска флора и фауна, речиси изостанува погледот кон другите жители на континентот, а целото внимание е концентрирано врз внатрешните бранувања на невдоменост на Македонците "зад Екваторот" и врз нивните индивидуални приказни.

Избраните сегменти од корпусот македонски патопис во ова предавање послужија за илустрација на богатството интереси спрема спецификите на другите културни средини и ги сумираа основните информации за евентуални понатамошни задлабочувања во оваа проблематика од страна на странските проучувачи на македонската литература и култура. Сликата на светот во македонскиот книжевен патопис се согледа како една разноликост кон која пријателски и добронамерно е свртено креативното љубопитство на македонскиот писател и која ја потврдува неговата припадност на тој свет и како поединец и како дел од сопствената специфична култура.

Од часовите по превод на XLVIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 13- 26 јуни 2015)

Во рамките на Летната школа за странски македонисти при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура што се одржува секоја година во Охрид застапена е и преведувачката дејност речиси една деценија.

Оваа година на Курсот за напреднати преведувачи го подготви и го реализираше лекторката Роза Тасевска. Учесници беа: Ала Шешкен, професор на Московскиот државен универзитет „М.В.Ломоносов“, Катедра за словенски јазици ; Наталија Бенедик, професор на Киевскиот национален универзитет „Тарас Шевченко“, Институт за филологија; Рената Хансен-Кокоруш, професор на Институт за славистика на Универзитот „Карл Франц“ во Грац, раководител на Одделот за словенски студии; Софија Шигаева-Митреска од Баку, лектор по азербејџански јазик, директор на Центарот за азербеџански јазик и култура во Софија; Зоја Шанова, професор на Државниот универзитет во Санкт-Петербург, Катедра за словенска филологија; Јан Соколовски, професор на Универзитетот во Вроцлав, Институт за словенска Филологија; Софија Заболотнаја, лектор по словенска филологија наУниверзитет во Воронеж; Тунде Хатала докторант наУниверзитетот „Етвеш Лоранд“во Будимпешта - македонска лингвистика; Мојца Марич, студент на Универзитетот во Марибор, Филозофски факултет; Кристина Дуфкова, докторант на Масариковиот универзитет во Брно на индоевропска компаративна лингвистика.

За превод користевме текстови од областа на фолклорот, (легенди, приказни, обичаи), на македонската национална кујна, повеќе текстови за градот Скопје според изданието *Градот Скопје и формирањето на граѓанска класа во периодот меѓу двете светски војни* (1918-1941) – од етнолошки аспект од авторките Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, во издание на Музејот на град Скопје.

Во договор со учесниците на Групата напреднати преведувачи за издавање избравме и подготвивме неколку текста на руски, на

Čez nekaj časa je Aleksander spet nagovoril goste: »Perzijci, bogato gostijo smo vam pripravili. Vse, kar imamo, smo prinesli pred vas, in glejte, zdaj vam bomo dali še svoje žene, sestre in matere, da boste povedali svojemu kralju, kako lepo so vas pogostili Makedonci!« In poslal jih je v sobe skupaj z ženskami.

Ko so pijani Perzijci legli poleg Makedonk in jih začeli otipavati, so se hitro presenečeni prepričali, da to niso ženske, temveč moški, preoblečeni v žensko nošo, kajti Aleksander je nekaj golobradim fantom iz svoje garde ukazal, naj se preoblečejo v ženske. Takrat pa so Makedonci potegnili nože in na ležiščih poklali vse Perzijce ...

V začetku devetnajstega stoletja našega štetja, je v Lazaropole na Bistri Planini v neko gostoljubno hišo ob mlinih na koncu vasi prišlo nekaj gospodarjevih prijateljev, ne ve se, ali so bili Turki ali so bili Arnavti. Gospodarji so jih gostoljubno sprejeli, na mizo so prinesli vse, kar so imeli, jagnje pečeno v podpeki, pol leta star sir, elbasanske olive, hlebce kruha, s kavo so jih pogostili, pa tudi z močno žganico, saj Turki itak niso preveč spoštovali svoje vere. Ob sproščenem pogovoru so se Turki napili in vprašali gostitelje: »Dobro, gostitelji, zakaj pa ne pustite vaših žensk, da bi posedele z nami?« In gostitelji so, da bi ugodili gostom, pa tudi zato, ker jih je bilo strah, povabili ženske, naj sedejo z njimi. Še malo sproščenega pogovora, tri, štiri runde žganjice, turške pripombe ženskam in spet so Turki vprašali gostitelje: »Gostitelji, če ste res pravi prijatelji, a boste nocoj pustili svoje ženske, da samo eno noč prespijo z nami?«

Moški so se samo spogledali in najstarejši od njih je ponižno rekel: »Storili bomo, kakor ukazujete. Izvolite, lezite v izbo, zdaj bodo prišle še ženske.« In Turki, pijani kot so bili, so se veselo strinjali.

Čez nekaj časa so v izbe namesto žensk prišli moški s sekirami v rokah in pomorili vse, ne ve se, ali so bili pravi Turki ali so bili Arnavti. Še iste noči so na konje naložili cunje, zažgali hiše in senike, konjske podkve zavili v platno, da ne bi pustili sledi in se izgubili v neznano smer ...

на словенечки преведе Соња Должан

ЉУБОВТА НА КРАЛОТ ВЛАДИМИР И ПРИНЦЕЗАТА КОСАРА

Лето Господово 997, цар Самуил со силна војска ја нападна Дукља, со која владееше младиот крал Владимир, кој уште од детството се одликуваше со голема светост, мудрост и праведност. Кога му предложија да се предаде, тој ги собра поданиците и им рече:

– Премили браќа, потребно е на себеси да ја почувствувам евангелската изрека: „Добриот пастир душата своја за овците свои ја полага“. Така што, подобро е браќа, јас душава моја да ја положам за сите вас и да го предадам телото свое да го колат и убиваат, отколку вие да страдате од глад и меч – и се предаде.

Цар Самуил веднаш го испрати во својот дворец во Преспа, а тој го нападна утврдениот град Дулцињ (Улцињ), но не успеа да го освои, па страшно се разлути и ги разруши, ограби и запали градовите Декатар (Котор) и Лаузиј (Дубровник), ги опустоши селата, така што изгледаше дека земјата нема жители. Па, втаса до градот Јадар (Задар) и со голем плен се врати во својата престолнина, крај Преспанското Езеро.

Во Преспа, кралот Владимир лежеше во окови во заточение. Деновите и ноќите ги минуваше во постојан пост и молитва. Еден ден, ќерката на цар Самуил, боговдахновената и милосрдна принцеза Косара, како вистинска христијанка побара од татка си да ѝ одобри заедно со слугинките да слезе во темните ќелии и на окованите затвореници да им ги измие главите и нозете. Тогаш личната и учена Косара првпат го сретна Владимир. И оставија впечаток неговата понизност, кротост и скромност, но и убавиот изглед. Забележа дека е полн со знаење и мудрост Божја и долго разговараше со него. Многу го засака во срцето свое и од жал за неговата младост и светост, кога слушна дека е од кралска лоза, намисли како да го ослободи. Клекнувајќи пред нозете на цар Самуил, му рече:

– Татко мој и господару мој, знам дека, според обичајот, ќе ме мажиш. Но, ако е по волја на твоето величество, дај ми го за маж кралот Владимир, кого го држиш окован. Знај дека сум поподготвена и да умрам, отколку да се мажам за друг!

На стариот цар му се допаднаа овие думи и бидејќи многу ја сакаше ќерка си, а и затоа што знаеше дека Владимир е од кралски род, ѝ ја исполни молбата. Нареди да го ослободат Владимир и откако го искапија и го облекоа во кралско руво, гушкајќи го, им го претстави на

болјарите. По раскошната венчавка, царот Самуил му ја врати во владеење на Владимир земјата на неговите прадедовци.

Владимир и Косара живееја во Краина, крај Скадарското Езеро, во голема љубов, слога и светост, искрено служејќи му на Бога и на народот. Кога на царот Самуил Ромеите му ги ослепија војниците, тој, не можејќи да ја поднесе страшната глетка, издивна во тврдината крај Варош. На престолот стапи син му Гаврил Радомир. Еден ден, новиот цар Гаврил Радомир појде во лов на елени со својот прв братучед Јоан Владислав, кому пред повеќе години му го спаси животот, тогаш кога цар Самуил го уби сопствениот брат Арон, таткото на Владислав. И одненадеж, Јоан Владислав наместо во еленот, стрелаше во Гаврил Радомир и така се зацари на неговото место. И бидејќи Владислав беше таен богомил, намисли да се ослободи од христољубивиот крал Владимир. Испрати во неговиот дворец пратеници, да го канат на посета во Преспа, но верната кралица Косара списка:

– Мој господару, немој да одиш, за да не ти се случи истото што и на брат ми. Пушти ме мене да отидам и да видам како ќе се однесува царот. Нека ме погуби мене, само ти да не загинеш!

И замина кралицата за Преспа, а царот Владислав ја дочека со најголеми почести. И повторно дојдоа пратеници, носејќи златен крст на подарок. Кралот Владимир го врати подарокот со зборовите:

– Знаеме дека нашиот Господ Исус Христос не беше распнат на златен крст,
туку на дрвен, така што, ако твојата вера е искрена, а зборовите вистински, испрати ми по луѓе духовни крст дрвен, па со верата и силата на нашиот Господ ќе дојдам, надевајќи се на животворниот крст.

Царот Владислав му испрати дрвен крст по двајца владици. Пред крстот кралот Владимир длабоко се поклони до земи, го целива и со мала придружба тргна на пат кон Преспа. Уште по пат му беа поставени заседи, но, по Божја промисла, кралот безбедно втаса во престолнината. Веднаш, заедно со духовниците
влезе в црква да се помоли, но набргу војници ја опколија црквата. Владиците од срам ги наведнаа главите, а кралот, откако сè помоли и сè исповеда, сè причести и држејќи го в раце крстот, рече:

– Молете се за мене и овој чесен крст заедно со вас нека биде сведок на денот Господов, дека умирам невин!

Го целива крстот, се прости со духовниците и додека сите ронеа солзи, не испуштајќи го крстот од раце, излезе од црквата, а војниците му ја отсекоа главата пред црковната порта, на (22 мај) 4 јуни 1015 година. Духовниците го сохранија телото во црковниот двор и на

гробот, од кој зрачеше необична светлина, набргу почнаа да се случуваат чудесни исцеленија.

Кралицата Косара со денови неутешно плачеше. Кога царот Владислав ги виде чудесните дела на гробот на маченикот Владимир, се уплаши и ù дозволи на роднината своја да го земе телото и да го погреба каде што сака. Косара го однесе во Краина и го погреба во манастирот *Пречиста Богородица*. Таа се замонаши и како монахиња Теодора живееше побожен и свет живот, а кога се упокои, по сопствена желба, беше погребана крај нозете на мажот. Царот Владислав живееше во постојан страв заради злоделото што го изврши, а набргу во страв и умре затоа што многу често му се чинеше дека го гледа кралот Владимир како со исукан меч стои пред него.

Маченикот свети Јован Владимир, како и многу други светии, никогаш официјално не беше канонизиран за светец, но неговиот култ, произлезен од волјата на самите верници, набргу од Дукља се рашири и во Далмација, Албанија, Македонија, Света Гора и Бугарија. Неговиот лик е живописан на иконостасот во манастирот *Свети Наум*, а парче од неговите свети мошти се чува во кивотот во манастирот *Свети Јован Бигорски*.

LJUBAV KRALJA VLADIMIRA I PRINCEZE KOSARE

Ljeta Gospodnjeg 997. car Samuil sa silnom je vojskom napao Duklju, kojom je vladao mladi kralj Vladimir, koji se još od djetinjstva odlikovao iznimnom svetošću, mudrošću i pravednošću. Kad su mu predložili da se preda, okupio je podanike i rekao im:

- Predraga braćo, potrebno je da na samome sebi osjetim evanđeosku izreku: „Dobri pastir dušu svoju za ovce svoje polaže“. Tako da je bolje, braćo, ja da dušu svoju položim za sve vas i da predam tijelo svoje da ga zakolju i ubiju nego da vi stradate od gladi i mača – i predao se.

Car Samuil odmah ga je ispratio u svoj dvorac u Prespi i napao utvrđeni grad Dulcinj (Ulcinj), no nije ga uspio osvojiti, pa se strašno razljutio i srušio, opljačkao i zapalio gradove Dekatar (Kotor) i Lauzij (Dubrovnik), opustošio sela, tako da je izgledalo da zemlja nema stanovnika. Stigao je do grada Jadra (Zadra) i s velikim se plijenom vratio u svoju prijestolnicu kraj Prespanskoga Jezera.

U Prespi je kralj Vladimir ležao u okovima u zatočeništvu. Dani i noći provodio je u neprestanom postu i molitvi. Jednog je dana kći cara Samuila, pobožna i milosrdna princeza Kosara, kao prava kršćanka zatražila od oca da joj dozvoli zajedno sa sluškinjama sići u tamne ćelije i okovanim zatvorenicima oprati glave i noge. Tada je prvi put prelijepa i obrazovana Kosara srela Vladimira. Ostavio joj je dojam svojom poniznošću, krotkošću i skromnošću, no i naočitim izgledom. Primijetila je da je pun znanja i mudrosti Božje i dugo je razgovarala s njim. Silno ga je zavoljela u srcu svom i od tuge zbog njegove mladosti i svetosti, kad je čula da je iz kraljevske loze, počne razmišljati kako da ga oslobodi. Klečeći pred nogama cara Samuila, kaže mu:

– Oče moj i gospodaru moj, znam da ćeš me, prema običaju, udati. No ako je po volji tvome veličanstvu, daj mi za muža kralja Vladimira, kojeg držiš okovanog. Znaj da sam spremna i umrijeti, ako se udam za drugoga!

Starom su se caru dopale ove riječi i zato što je silno volio svoju kćer, a i zato što je znao da je Vladimir kraljevskoga roda, ispunio joj je molbu. Naredio je da se Vladimir oslobodi i pošto su ga okupali i obukli u kraljevsko ruho, grleći ga, predstavio ga je plemićima. Nakon raskošnoga vjenčanja, car je Samuil vratio u vlast Vladimiru zemlju njegovih pradjedova.

Vladimir i Kosara živjeli su u Krajini, pokraj Skadarskoga Jezera, u velikoj ljubavi, slozi i svetosti, iskreno služeći Bogu i narodu. Kad su caru Samuilu Romeji oslijepili vojnike, on je, ne mogavši podnijeti strašni prizor, izdahnuo u utvrdi kraj Varoša. Na prijestolje je stupio njegov sin Gavril Radomir. Jednog dana, novi je car Gavril Radomir pošao u lov na jelene sa svojim prvim bratićem Jovanom Vladislavom, kojem je prije više godina spasio život, onda kada je car Samuil ubio vlastitoga brata Arona, Vladislavova oca. I odjednom, Jovan je Vladislav umjesto u jelena strijeljao u Gavrila Radomira i tako se ustoličio na njegovome mjestu. I budući da je Vladislav bio tajni bogumil, pomislio je osloboditi se ljubitelja Krista kralja Vladimira. Poslao je u njegov dvor izaslanike da ga pozovu u posjet u Prespu, no vjerna je kraljica Kosara kriknula:

– Moj gospodaru, nemoj ići, da ti se ne bi dogodilo isto što i mome bratu. Pusti mene da odem i da vidim kako će se car ponašati. Neka pogubi mene, samo da ne pogineš ti!

I ode kraljica za Prespu, a car je Vladislav dočeka s najvećim počastima. I ponovno su došli izaslanici noseći zlatni križ na dar. Kralj je Vladimir vratio poklon uz riječi:

– Znamo da naš Gospodin Isus Krist nije bio raspet na zlatnome križu nego na drvenome, tako da, ako je tvoja vjera iskrena, a riječi istinite, pošalji mi po duhovnim ljudima drveni križ, pa ću s vjerom i snagom našega Gospodina doći, nadajući se životvornom križu.

Car je Vladislav poslao drveni križ po dvojici vladika. Pred križem se kralj Vladimir duboko poklonio do zemlje, poljubio ga i s malom pratnjom krenuo na put prema Prespi. Još su mu po putu bile postavljene zasjede, no, prema Božjem promišljaju, kralj je sigurno stigao u prijestolnicu. Odmah je zajedno s duhovnicima ušao u crkvu pomoliti se, no ubrzo su vojnici opkolili crkvu. Vladike su od srama pognuli glave, a kralj se, pošto se pomolio i ispovjedio, pričestio i držeći u rukama križ, rekao:

– Molite se za mene i ovaj časni križ zajedno s vama neka bude svjedok dana Gospodnjeg da umirem nevin!

Poljubio je križ, oprostio se s duhovnicima i dok su svi ronili suze, ne ispuštajući križ iz ruku, izašao je iz crkve, a vojnici su mu odsjekli glavu pred crkvenom portom, (22. svibnja) 4. lipnja 1015. godine. Duhovnici su sahranili tijelo u crkvenom dvorištu i na grobu su se, s kojeg je zračila neobična svjetlost, ubrzo počela događati čudesna iscjeljenja.

Kraljica je Kosara danima neutješno plakala. Kad je car Vladislav vidio čudesna djela na grobu mučenika Vladimira, uplašio se i dozvolio rodbini svojoj da uzme tijelo i da ga sahrani gdje želi. Kosara ga je odnijela u Krajinu i sahranila u manastiru *Prečista Bogorodica*. Zamonašila se i kao monahinja Teodora živjela pobožan i svet život, a kad je preminula, po

vlastitoj je želji sahranjena pokraj muževih nogu. Car je Vladislav živio u neprestanom strahu zbog zlodjela koje je počinio, a ubrzo je u strahu i umro jer mu se često činilo da vidi kralja Vladimira kako s isukanim mačem stoji pred njim.

Mučenik sveti Jovan Vladimir, kao i mnogi drugi sveci, nikad nije službeno bio kanoniziran za sveca, no njegov se kult, proizašao iz volje samih vjernika, ubrzo proširio iz Duklje i u Dalmaciju, Albaniju, Makedoniju, Svetu Goru i Bugarsku. Njegov je lik živopisan na ikonostasu u manastiru *Sveti Naum*, a dio se njegovih relikvija čuva u sanduku u manastiru *Sveti Jovan Bigorski*.

на хрватски преведе Инес Цебовиќ

СУЛТАНОТ СУЛЕЈМАН И СУЛТАНИЈАТА РОКСЕЛАНА

Сулејман се роди во 900 година по хиџра, т.е. во 1494 година по Христа во Трапезунт, крај Црното Море. Името го доби по мудриот еврејски цар од светиот град Ерусалим, Соломон, и уште во младоста се стекна со големо образование од науката, историјата и книжевноста и научи многу јазици: арапски, персиски и старословенски, а одлично го владееше и старотурскиот јазик чагатај.

На седумгодишна возраст го испратија во царскиот град Константинопол, кој беше нарекуван и Констание и Исламбул, град чиишто раскош и моќ беа надалеку прочуени: најголем град во Европа, со 250.000 жители, поголем и од Париз и од Лондон, пет пати поголем од Виена, десет пати од Берлин.

На дваесет и шестгодишна возраст, во 1520 година, Сулејман го наследи престолот на Османлискиот султанат, кој тогаш имаше повеќе од дваесет милиони жители и беше поделен во дваесетина санџаци. Штом стана султан, Сулејман се зафати со уредување на харемот во Топкапи-сарај, палата изградена од прадедо му Мехмед Освојувачот, кој во 1453 година го освои Цариград. Таму се сместија анамите, мајка му – валиде султанијата, доилката, конкубините и бројните слугинки, а харемот го чуваа црни евнуси. Девојките ги избираа според убавината, но беше пожелно и да знаат убаво да пеат, свират и играат. Поискусните ги подучуваа новодојдените, ги облекуваа и ги подготвуваа за претставување пред султанот. Ако на султанот некоја му паднеше в очи, таа веднаш добиваше посебни одаи во кои се подготвуваше за средба со него. Ако по првата ноќ девојката ги задоволеше неговите очекувања, тогаш можеше да се надева дека ќе остане во негова милост и дека ќе стане конкубина, а ако му родеше син – дури и законска жена. Но, ако беа непослушни, жените беа тепани од евнусите, а најтврдоглавите ги бркаа од харемот. Ако пак ги фатеа како прават магии, тогаш безмилосно, ноќно време им ги врзуваа и рацете и нозете, ги ставаа во вреќа и ги фрлаа в море.

Еден ден во харемот доведоа уплашена, млада, русокоса убавица. Татарите им ја продале на пазарот за робови откако претходно ја заробиле во борбите со Полјаците во Украина. Била ќерка на православен свештеник. Кога ја прашаа како се вика, таа им одговори дека името ѝ е Александра Лисовска. Поискусните жени ја подготвија

за средба со султанот, ја искапеа, ја намирисаа и ја облекоа во свила и кадифе и откако султанот ја виде, очите не можеше да ги тргне од неа. Уште истата вечер ја посети во нејзината одаја и оттогаш речиси секоја вечер беа заедно. Султанот Сулејман се вљуби во убавата робинка, но и Александра не беше рамнодушна кон човекот на кого сите му се покоруваа. Набргу на девојката ѝ ја сменија верата и ѝ го дадоа името Хашеки Хурем. Таа стана миленичка на султанот и заради неа тој ги запоставуваше останатите, љубоморни жени. Следната година таа му роди син.

Според османлискиот закон, за да не дојде до крвопролевање меѓу султановите синови од разни жени, кога некоја робинка, конкубина или жена ќе му родеше на султанот машко дете, тогаш престануваше секаков контакт меѓу неа и султанот. Мајката и детето беа отстранувани од харемот и живееја одвоено, сè додека синот не наполнеше петнаесетина години. Тогаш на детето му даваа да управува со некоја провинција, под старателство на мајка му. Истото требаше да се случи и со Хашеки Хурем и нејзиниот син, но султанот Сулејман го прекрши ова обичајно право. Тој толку ја засака робинката, што не можеше веќе да живее без неа и ѝ дозволи да остане во Топкапи-сарај заедно со детето. Се разбира, ова решение предизвика шок на дворот, но кој се осмелуваше да му противречи на султанот?

Деновите и годините бргу минуваа. Султанот Сулејман се зафати со нови освојувања и ги зазеде земјите што не успеаја да ги освојат неговите предци, унгарската тврдина Белград на Дунав и островот Родос, а на исток водеше големи битки со Персија. Под водство на великиот везир Ибраим-паша, со брзите коњаници кои во галоп прецизно стрелаа со лак и стрели, ги нападна и по големата битка кај Мохачко Поле ги освои унгарските земји, ја запали Пешта и ја опседна Виена. Од страв, во Европа го нарекоа Сулејман Величествениот.

Изгради и моќна флота, исламското шеријатско право го дополни со законикот *Кануни Османи*, заради што сонародниците го нарекоа Сулејман Кануни, Законодавецот. Сулејман градеше и патишта, мектеби, водоводи, а неговиот неимар, прочуениот Мимар Синан-паша, во негова чест ја устрои славната џамија *Сулејманија* и нејзините витки бели минарињa. По наговор на Хашеки Хурем, изгради и женска болница, медреси, џамии, имарети, амами. Ги поттикнуваше и калиграфијата и поезијата, а и самиот пишуваше песни. На својата омилена жена, веселата и секогаш насмеана Хашеки Хурем, која му роди уште четири сина и една ќерка, ѝ посвети низа љубовни песни:

– Престолу на мојата осамена палата, богатство мое, моја месечева светлино, моја најдобра пријателке, мое постоење, моја султанијо, најубава од најубавите... Моја пролет, мој ден, моја драга розо, единствена која во овој свет не ме потресува, жено со прекрасна коса, секогаш ќе те славам, јас, љубовникот со растреперено срце, со очи полни солзи, среќен сум...

Сулејман толку ја сакаше робинката која во Европа ја нарекуваа Рокселана, што реши да ѝ ја врати слободата и да се ожени за неа, што предизвика нов скандал во општеството. Сиот живот ѝ укажуваше големи почести, а кога нејзините синови
пораснаа и им беа дадени провинции на управување, султанијата не појде со ниту еден од нив, туку остана во Исламбул, покрај султанот, кого често го советуваше за важни одлуки. Под нејзино влијание султанот ги погуби својот најстар син и верниот велик везир Ибраим-паша. Кога султанијата Хурем почина, во 1558 година, Сулејман ја погреба во џамијата *Сулејманија*, веднаш до неговото турбе, а по неговата смрт, на походот кон Виена во 1566 година, на султанскиот престол дојде нејзиниот син Селим, кого заради развратниот живот го нарекуваа „Пијаницата“.

SULTAN SULEJMAN IN SULTANKA ROKSELANA

Sulejman se je rodil leta 900 po hidžri, tj. leta 1494 po Kristusu, v Trabzonu ob Črnem morju. Ime je dobil po Salomonu, modrem judovskem kralju iz svetega mesta Jeruzalem. Že v mladosti je pridobil odlično izobrazbo iz znanosti, zgodovine in književnosti, naučil pa se je tudi mnogih jezikov: arabskega, perzijskega in stare cerkvene slovanščine, odlično pa je obvladal tudi staroturški čagatajski jezik.

Ko je bil star sedem let, so ga poslali v cesarsko mesto Konstantinopel, ki se je imenoval tudi Konstanie ali Islambul, mesto, katerega razkošje in moč sta bila slavna daleč naokrog: največje mesto v Evropi z 250.000 prebivalci, večje tudi od Pariza in Londona, petkrat večje od Dunaja, desetkrat večje od Berlina.

Leta 1520 je šestindvajsetletni Sulejman nasledil prestol Osmanskega sultanata, ki je takrat štel dvajset milijonov prebivalcev in bil razdeljen na dvajset sandžakov. Sulejman se je, takoj ko je postal sultan, lotil urejanja harema v Topkapi-saraju, palači, ki jo je zgradil njegov praded Mehmed Osvajalec, ki je leta 1453 osvojil Carigrad. Tam so se naselile anamke,

njegova mati, valide sultanka, dojilja, konkubine in številne služkinje, harem pa so varovali črni evnuhi. Dekleta so izbirali po lepoti, vendar pa je bilo zaželeno tudi, da znajo lepo peti, igrati in plesati. Bolj izkušene so poučevale tiste, ki so prišle na novo, jih oblačile in jih pripravljale za predstavljanje pred sultanom. Če je sultanu kakšna padla v oči, je takoj dobila posebne prostore, kjer se je pripravljala na srečanje z njim. Če je dekle prvo noč zadovoljila njegova pričakovanja, je lahko upala, da bo ostala v njegovi milosti in postala konkubina, če pa mu je rodila sina – celo zakonska žena. Ženske, ki niso ubogale, so evnuhi pretepali, najbolj trmaste pa so nagnali iz harema. Če pa so jih ujeli pri čaranju, so jim ponoči brez milosti zvezali roke in noge, jih zavezali v vrečo in vrgli v morje.

Nekega dne so v harem pripeljali prestrašeno mlado svetlo laso lepotico. Tatari so jo zasužnjili v bojih s Poljaki v Ukrajini, nato pa so jo Turkom prodali na trgu s sužnji. Bila je hči pravoslavnega duhovnika. Ko so jo vprašali, kako ji je ime, je povedala, da je Aleksandra Lisovska. Bolj izkušene ženske so jo pripravile na srečanje s sultanom, okopale so jo in jo nadišavile ter oblekle v svilo in baržun, in ko jo je slutan videl, ni mogel odtrgati oči z nje. Še istega večera jo je obiskal v njeni sobi in od takrat sta bila takorekoč vsak večer skupaj. Sultan Sulejman se je zaljubil v lepo sužnjo, vendar pa tudi Aleksandra ni bila ravnodušna do človeka, ki so ga vsi ubogali. Kmalu so dekletu spremenili vero in ji dali ime Haseki Hürrem. Postala je sultanova ljubljenka, on pa je zaradi nje zapostavljal ostale, ljubosumne ženske. Naslednje leto mu je rodila sina.

Da ne bi med sultanovimi sinovi, ki jih je imel z različnimi ženskami, prišlo do prelivanja krvi, je po osmanskem zakonu moral sultan, kadar mu je kakšna sužnja, konkubina ali žena rodila moškega potomca, prekiniti vsakršen stik z njo. Mater in otroka so odstranili iz harema in živela sta ločeno od drugih, vse dokler sin ni dopolnil petnajst let. Takrat so otroku pod materinim skrbništvom dali v upravljanje kakšno provinco. Isto naj bi se zgodilo tudi s Haseki Hürrem in njenim sinom, vendar je sultan Sulejman prekršil običajno pravo. Sužnjo je tako vzljubil, da ni mogel več živeti brez nje, in dovolil ji je skupaj z otrokom ostati v Topkapi-saraju. Seveda je ta odločitev na dvoru povzročila šok, toda le kdo si je upal nasprotovati sultanu?

Dnevi in leta so hitro minevali. Sultan Sulejman se je lotil novih osvajanj in zavzel je dežele, ki jih ni uspelo osvojiti njegovim prednikom, ogrsko trdnjavo Beograd na Donavi in otok Rodos, na vzhodu pa je bojeval težke bitke s Perzijci. Napadel jih je s hitrimi konjeniki, ki so pod vodstvom velikega vezirja Ibrahim-paše v galopu natančno streljali z lokom in puščicami, in po veliki bitki pri Mohaču osvojil ogrske dežele, zažgal Pešto in oblegal Dunaj. V Evropi so ga iz strahu imenovali Sulejman Veličastni.

Zgradil je mogočno floto, islamsko šerijatsko pravo je dopolnil z zakonikom *Kanun-i Osmani*, zato so ga sonarodnjaki poimenovali Sulejman Kanuni, Zakonodajalec. Sulejman je gradil tudi ceste, mektebe (osnovne šole), vodovode, njegov neimar (gradbeni inženir), znameniti Mimar (dvorni arhitekt) Sinan-paša je v njegovo čast zgradil slavno mošejo *Sulejmanijo* z vitkimi belimi minareti. Na pobudo Haseki Hürrem je zgradil žensko bolnico, medrese (srednje šole), mošeje, imarete (ljudske kuhinje), hamame (javna kopališča). Spodbujal je kaligrafijo in poezijo, pesmi pa je pisal tudi sam. Svoji priljubljeni ženi, veseli in vedno nasmejani Haseki Hürrem, ki mu je rodila štiri sinove in hčer, je posvetil vrsto ljubezenskih pesmi:
»Prestol moje osamljene palače, bogastvo moje, moja lunina svetloba, moja najboljša prijateljica, moje življenje, moja sultanka, najlepša med najlepšimi ... Moja pomlad, moj dan, moja draga vrtnica, edina na tem svetu, ki me ne vznemirja, ženska s prelepimi lasmi, vedno te bom slavil, jaz, ljubimec z drhtečim srcem, z očmi polnimi solza, srečen sem ...«
Sulejman je tako močno ljubil sužnjo, ki so jo v Evropi imenovali Rokselana, da se je odločil, da ji vrne svobodo in se poroči z njo, kar je v družbi povzročilo nov škandal. Vse življenje ji je izkazoval velike časti, ko pa so njeni sinovi odrasli in jim je v upravljanje podelil oddaljene province, sultanka ni odšla z nobenim od njih, temveč je ostala v Islambulu, ob sultanu, in mu pri važnih odločitvah pogosto svetovala. Pod njenim vplivom je sultan usmrtil svojega najstarejšega sina in svojega zvestega velikega vezirja Ibrahim-pašo. Ko je leta 1558 sultanka Hürrem umrla, jo je Sulejman pokopal v mošeji *Sulejmaniji*, tik poleg svojega turbeta (mavzoleja), po njegovi smrti na pohodu proti Dunaju leta 1566 je na sultanov prestol prišel njen sin Selim, ki so ga zaradi razvratnega življenja imenovali »Pijanec«.

на словенечки преведе Соња Должан

КРАЈ БРЕГОВИТЕ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

На 8 октомври 1864 година, во Белград, во семејството на неодамна доселениот угледен трговец со жито, по потекло од битолското село Магарево, Ѓорѓи Нуша, се роди машко дете. По четириесет дена, на крштевката му ставија име Алкибијад. Набргу, татко му со семејството се пресели во Смедерево, каде што
од поодамна имаше поголем број влашки печалбарски фамилии од неговиот крај. Кога порасна Алкибијад и навршри осумнаесет години, си го смени името во Бранислав, презимето во Нушиќ и се запиша на Правниот факултет во Белград. Во 1889 година доби работа во државната служба, во Министерството за надворешни работи и беше назначен за писар во Српскиот конзулат во Битола. Оттаму често го посетуваше Охридското Езеро и се воодушевуваше од неговата убавина, па реши и да напише нешто за него и да го слика, затоа што од фотоапаратот никогаш не се делеше.

И пишуваше Нушиќ на српски јазик за видовите риби во езерото, за ветровите езерски, за длабочината и прозирноста на водата, за растежот и паѓањето на нивото на водата во езерото во последните педесет години, што зависело од обилноста на дождовите и снегот таа година, за населбите, рибарите и чуновите, за обичаите на луѓето, преданијата, носиите, чаршијата, занаетите, за црквите и манастирите охридски...

– Јас не можам ни еден миг, ни еден ден, ни ноќ да се одвојам од брегoвите на Охридското Езеро. Да направила човечката рака толку колку што тоа го направила природата, ова би биле најубавите езерски брегови на светот!

Возејќи се со чун, со пушка на рамо и со фотоапаратот обесен на градите, Нушиќ ги обиколува езерските населби: Пештани, Трпејца, Старово, Подградец, Лин, Радожда, Калишча, Струга, манастирите *Свети Заум* и *Свети Наум*. Се среќава Нушиќ со рибарите охридски, кои, додека чекаат рибата да влета во
мрежите, на песокот по цели ноќи играат карти.

– Рибарите се луѓе здрави и крепки, со вонредно развиени мускули и истрајни. Кадарни се да возат по шест часа на ден, без одмор, а притоа уште и да запеат. Многу се суеверни и никогаш не кажуваат колку риба навистина фатиле, особено додека трае ловот. Постарите рибари знаат многу приказни, но се воздржуваат од

прикажување. Еден старец ми прикажуваше, вели старите нему му раскажувале, дека некогаш во езерото имало и ламја...

Соопштува Нушиќ и дека охриѓани сериозно се надеваат дека набргу до Охрид ќе се изгради пруга, што би била продолжение на пругата Солун-Битола и преку Охрид би одела до Драч. За таа цел, во Охрид биле дојдени и француски инженери, кои вршеле премери, па оттаму, охриѓани од пругата очекуваат нова економска и културна преродба на градот кој е во опаѓање.

– Погледот на езерската шир, кога сонцето е на зајдување, па со онаа блага светлина ќе го осветли градот и ќе ги простре зраците по езерото, е волшебен, а кога сонцето ќе зајде и ќе се спушти првиот самрак, тој изглед маѓепсува. Луѓето излегуваат навечер со чунови, ама Турците се најголеми мајстори за уживање. Тие ќе постелат по чунот килимче и околу него перници. На клунот на чунот ќе седне некој кларинетист и кога чунот ќе се одбие од брегот, по езерото ќе се извијат бескрајни, фантастични ориентални мелодии. Месечината игра по езерото, ветрот го лула чунот, а веслото не се ни помрднува. Турчинот, легнат на килимчето, извлекува силен чад од наргилето и вовлекува длабоко во градите, додека мечтателниот поглед му скита ту кон Охрид, ту кон ѕвездите, ту во многубројните кандила на охридските осветлени прозорци, ту во играта на брановите со месечевите зраци, а мислите му се вијат заедно со чадот од наргилето...

Во 1893 година, Нушиќ се венча со Даринка во манастирот *Свети Архангел Михаил*, во битолското село Лисолај, а следната година во Белград ги објави своите белешки и 33 фотографии, 6 нацрти и една карта на езерото, во книгата под наслов *Крај обала Охридског Језера. Белешке из 1892 г.*.

КРАЈ ОБАЛА ОХРИДСКОГ ЈЕЗЕРА

Године 1864, 8. октобра, у Београду, у породици недавно досељеног угледног трговца житом, пореклом из битољског села Магарева, Ђорђу Нуши, родило се мушко дете. После 40 дана, на крштењу дали су му име Алкибијад. Убрзо потом, Алкибијадов отац се са породицом сели у Смедерево, где је од раније било много влашких печалбарских фамилија из његовог краја. Када је Алкибијад порастао, и напунио 18 година, име је променио у Бранислав, а презиме у Нушић, и тако се уписао на Правни факлутет у Београду. Године 1889. Бранислав се запослио у државној служби, у Министарству спољних послова, и постао писар у Српском конзулату у Битољу. Од тада је често посећивао Охридско језеро, и одушевљавајући се његовом лепотом, решио да напише нешто о њему, да га фотографише, јер се од фотоапарата никада није одвајао.

И писао је тако је Нушић на српском језику о врстама риба у језеру, о ветровима који су тамо дували, о дубини и прозрачности воде, о расту и опадању њеног нивоа у последњих 50 година, што је зависило од обима годишњих падавина, киша и снегова, те о насељима, рибарима, чамцима, о обичајима становништва, предањима, занатима, чаршији, о охридским црквама и манастирима.

-- Не могу да се ни на један тренутак, на један дан, или ноћ одвојим од обала Охридског језера. Да је човекова рука направила само толико колико је направила природа, ово би биле најлепше језерске обале на свету!

Возећи се у чамцу, са пушком на рамену и фотоапарату на грудима, Нушић је обилазио насеља на језеру: Пештане, Трпејце, Старово, Подградец, Лин, Радожду, Калишта, Стругу, манастире Свети Наум и Свети Заум. Сусретао се Нушић са охридским рибарима, који су, чекајући рибу да се ухвати у мрежу, по целу ноћ седели на песку и играли карте.

-- Рибари су људи здрави и крепки, изванредно развијених мишића и издржљиви. Кадри су да се возе 6 сати дневно, без одмора, притом још певајући. Много су сујеверни, и никад неће рећи колико су заиста рибе упецали, посебно не док траје лов. Старији рибари знају много прича, али их нерадо причају. Једном ми је један старац казивао, како су то и њему стари говорили, да је некада у језеру живео змај...

Бележи Нушић и како се Охрићани надају да ће се убрзо до Охрида изградити пруга, што би представљало наставак пруге Солун - Битољ, и преко Охрида би даље водила до Драча. За ту прилику у Охрид су дошли и француски инжењери, који су узимали мере, па су зато Охрићани од пруге очекивали нов економски и културни препород града, који је слабио.

-- Погледа на површину језера, док сунце залази, и оним благим светлом обасјава град, простире зраке по језеру, предиван је, а када сунце зађе, и супсти се први сумрак, призор постаје магичан. Људи излазе увече у чамцима, а међу њима и Турци - највећи мајстори уживања. Они би поставили ћилиме и јастуке у чамце. У врх би сео неки кларинетиста, и када би се чамац отиснуо од обале, по језеру би се расула бескрајна, фантастична, оријентална мелодија. Месечина би играла по води, ветар љуљао чамац тако да весло се ни не помери. Турчин лежи на ћилиму, издише силан дим, а затим га поново увлачи из наргиле дубоко у груди, док му замишљен поглед шета по Охриду, по звездама, по прозорима које осветљавају кандила, по игри месечевих зрака, а мисли му се извијају заједно са димом од наргиле...

Године 1893. Нушић се жени Даринком у манастиру Свети Арханђел Михаил, у битољском селу Лисолају, а следеће године је у Београду објављује своје белешке и 33 фотографије, 6 нацрта и једну мапу језера, у књизи под насловом *Крај обала Охридског језера. Белешке из 1892. године.*

на српски преведе Бојана Дамњановиќ

КАКО ПОТОНА „ТИТАНИК“

Моето име е Стојан Дудулковски, ама сите ме викаат Стојко. Роден сум во 1897 година во селото Чучер, на планината Карадаг, во близината на Скопје. Уште како мал слушав многу муабети за Америка. Печалбари од нашето село на татко ми му расправаа за американските чудесии. Велеа дека во Америка има големо изобилие од храна и пијалак и дека таму заработуваат повеќе пари за еден ден отколку во Македонија за еден месец. Еден спомна дека во Америка има реки низ кои тече злато што само чека некој да појде и да го собере, а друг се колнеше дека таму има куќи со одаи што одат горе-долу и дека само со допир на едно копче се осветлува цел град и тоа не со петролејска ламба, туку со „електричество“ што не може да се изгасне колку силно и да се дува во него. Оттогаш, само една работа ми беше на ум – Америка!

Кога наполнив петнаесет години, решив по секоја цена да отидам во земјата
преку големите мориња, ама немав пари. На валијата во Скопје му платив една лира за да ми издаде дозвола да заминам, ама за пат до Америка ми беа потребни уште триесет лири. Поработив на пазарот во Солун за да си го платам патот до Марсеј, а таму заработив за пат до Саутемптон, каде што беше закотвен најголемиот пароброд на светот – *Титаник*. Во Саутемптон цело попладне се вртев околу пристаништето, гледајќи го параходот и распрашувајќи се за билет. Сонував со *Титаник* да го поминам океанот.

Тој брод беше чудо невидено, вистинска палата на вода. Се зборуваше дека на бродот имало луксузни сали за банкети украсени со златни лустери, игралишта за некоја игра што ја викаа „сквош“, коцкарници, библиотека, сала за гимнастика, турски амами, но и мало езеро што го викаа „базен“, во кое се капеле богатите. Имав среќа и успеав да се запознам со пристанишните работници кои го пренесуваа на бродот скапоцениот товар. Почнав и јас да работам со нив и да пренесувам стока: големи бали преполни со писма, недоброени вреќи со јаглен потребни за движење на параходот, како и безброј торби на патниците. Упорно работев и собирав пари за билет.

Дента кога бродот требаше да исплови од пристаништето, на 10 април 1912 година, на доковите во Саутемптон се собра неброено мноштво народ. На бродот се качија многу богати луѓе, милионери и магнати, облечени во луксузни алишта по најнова светска мода,

придружени од нивните наконтени сопруги. Тие, заради престиж, плаќаа и по 4.000 долари за апартман, а беа сместени во првата, најлуксузна класа на бродот. Најголемиот број од нив беа Американци, што мене ич не ми беше чудно, затоа што знаев дека во нивната земја тече злато. Во втората класа беа сместени Европејци: Англичани и Французи и по некој Швеѓанец и Рус. Во третата класа во најголем дел беа луѓе од Балканот: Хрвати, Срби и Босанци од Австро-Унгарија, Грци, Бугари и Турци, но и Ирци, Либанци и Финци и по некој заскитан Кинез од Хонгконг. Музика свиреше на сите страни, илјадници луѓе го испраќаа *Титаник*.

Јас до денот на поаѓањето не успеав да ги соберам потребните пари за билет.

Во последен момент, речиси во очај решив да се обидам да влезам на бродот заедно со пристанишните работници кои ги товареа последните патнички торби. Се качив на *Титаник* и се скрив во просторијата за бродски јажиња. Само што се сместив, се огласија бродските сирени што го најавија почетокот на пловидбата на *Титаник*. Во следните денови постојано се плашев дека покрај преголемиот и непотребен товар што богатите Американци го понесоа со себе, дека јас, како слеп патник, сум токму оној пресуден вишок што ќе предизвика тонење на бродот, затоа што низ Саутемптон проструија гласини за пророштво што вели дека *Титаник* ќе потоне на своето прво патување, а виновен за тоа ќе биде некој слеп патник...

Таквите мисли ми се потврдија само четири дена подоцна, кога негде пред полноќ, јас бев веќе заспан меѓу јажињата, одеднаш се почувствува многу силен потрес. Набргу се слушнаа страотни викотници, луѓе трчаа на сите страни и избезумено викаа. Офицерите влегуваа во салоните, апартманите и кабините од првата класа и им соопштуваа на патниците да не паничат, туку веднаш да влезат во чамците за спасување, прво жените и децата, а потоа мажите. За патниците од втора и од трета класа никој не водеше сметка, иако и меѓу нив имаше многу жени и деца. Во чамците за спасување, што ги немаше во доволен број, ги качија сопствениците на бродот и богаташите од првата класа. Јас грабнав еден појас за спасување, го наместив и од висина од петнаесет метри се фрлив во водата. Во најблискиот чамец се наоѓаше господин со куче и други богаташи. Господата спискаа затоа што ги испрскав при скокот, но јас успеав некако да допливам до чамецот, молејќи ги за помош. Ме погледнаа тапо и незаинтересирано. Господинот со кучето си ги подвитка нозете со ќебе, за да не настине, а го покри и кучето. Никој не ми подаде рака да се качам на чамецот. Кога ги исцрпив и последните сили, рацете ми

попуштија и се најдов сам во водата. Господата не се ни завртеа да видат што ќе се случи со мене. Го гледав огромниот брод како тоне. Светлината сосема се угасна и за кусо време *Титаник* исчезна во длабините на океанот. На моја среќа, до мене се приближи друг чамец за спасување и еден офицер ме извлече од водата. Кога втасавме до бродот *Карпатија*, оттаму спуштија јаже, нё врзаа и нё извлекоа на палубата. Мене ме сместија во кабина од прва класа. Откако ме прегледа лекар, набргу заспав и кога се разбудив, видов дека во истата кабина со мене се и господата со кучето од чамецот, кои не сакаа да ми подадат рака. Ги погледнав со презир...

Во Њујорк, на пристаништето нё пречекаа илјадници луѓе. Во весниците пишуваше дека *Титаник* настрадал затоа што удрил во голема санта мраз, но јас сè уште се сомневам дека можеби јас, слепиот патник од Македонија, бев вистинската причина за тонењето на бродот...

HOW TITANIC SANK

My name is StojanDudulkovski , but everyone calls me Stojko. I was born in 1897 in the village Čučer, on Mountain Karadag near Skopje. Even as a little boy I heard conversations about America. Migrant workers from our village would argue with my father about the miracles of America. They said that in America there is a huge abundance of food and drink, that there they could make more money in a day than they could make in one month in Macedonia. One guy said that in America there are rivers through which gold flows, only waiting for someone to go and collect it, while another swore that in America there are houses with rooms that move up and down and that with only the touch of one button a whole city lights up, and not with a petrol lamp, but with "electricity" that doesn't blow out no matter how hard you blow on it. Since then, only one thing has been on my mind—America!

When I turned fifteen, I decided that whatever it took I would go to the land across the seas. But I didn't have money. I paid one lira to the *vali* in Skopje to give me permission to leave, but for travel to America I would need another thirty lira.I worked a while at the marketplace in Thessaloniki to pay my way to Marseille, and there I earned enough for the trip to Southampton, where the biggest steamship in the world—the Titanic—was anchored. In Southampton I spent a whole afternoon circling around the harbor, staring at the steamer and asking about tickets. I dreamed that I would cross the ocean in the Titanic.

That ship was an unheard-of miracle, a true palace on the water. It was said that onboard there were luxurious banquet halls adorned with gold chandeliers, courts for some game they called "squash", gambling rooms, a library, a gymnastics hall, Turkish baths, and even a small lake they called a "pool", where rich people would swim. I was lucky and managed to get to know the workers on the harbor who brought the precious cargo onboard. I started working with them, loading goods aboard: huge stacks of letters, countless sacks of coal needed to fuel the ship, and an endless amount of passengers' luggage. I worked hard and saved money for a ticket.

The day the ship was supposed to leave the harbor, the 10th of April 1912, a huge crowd of people gatheredon the docks of Southampton. Wealthy passengers came aboard, millionaires and magnates, wearing luxurious clothing in the newest fashions, joined by their fashionable spouses. They, for status, paid 4,000 dollars per suite, and were placed in the first, most luxurious class on the ship. Most of them were Americans, which

didn't surprise me at all, because I knew that gold flows in their country. The Europeans were in second class: English and French, with a few Swedes and Russians here and there. In third class most of the passengers were people from the Balkans: Croats, Serbs and Bosnians from Austro-Hungary, Greeks, Bulgarians, and Turks, as well as Irish, Lebanese, Finns, and maybe one or two lost Chinese from Hong Kong. All around music was playing; thousands of people were sending The Titanic off.

I didn't manage to save up enough money for a ticket by the day of departure. At the last minute, almost desperate, I decided to try and get on the ship along with the other harbor workers who were carrying the last passenger bags aboard. I got on The Titanic and hid myself in the place where they kept the ropes. Just as I was getting settled, the ship's horn sounded, announcing the beginning of The Titanic's voyage. Over the next days I was in constant worry that on top of the overly heavy and unnecessary luggage the rich Americans had brought with them, that I, the castaway, would be just enough extra, fatal, weight to cause the drowning of the ship.Rumors traveled throughout Southampton of a prophesy that said The Titanic would drown on its first voyage, a castaway responsible for it….

